*Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје*

*Филозофски факултет*

*Институт за социјална работа и социјална политика*


*Магистерски труд*

# *СЕМЕЈСТВОТО И УЧИЛИШТЕТО КАКО ФАКТОРИ ЗА АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ*


**Ментор:** проф. д - р Сузана Борнарова

**Кандидат:** *Ана Пирогова*


**Скопје, 2012**

**СОДРЖИНА**

I ВОВЕД ........ 5
II ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ ........ 9
1. СЕМЕЈСТВОТО КАКО АГЕНС ЗА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА ........ 9
1. 1. Поим за семејство ........ 12
1. 2. Типологии на семејството ........ 14
1. 2. 1. Видови на семејства според начинот на нивното засновање ........ 19
1. 2. 2. Видови семејства според кругот на лица што го сочинуваат ........ 21
1. 3. Промени во составот на семејството ........ 22
1 1. 5. Модерните семејства - предизвик за социјална работа ........ 26
1. 6. Семејни функции ........ 27
1. 7. Семејни животни циклуси ........ 32
*1. 7. 1 Почетно семејство* ........ 34
*1. 7. 2. Семејство со мало дете* ........ 35
*1. 7. 3. Семејство со предшколско дете* ........ 36
*1. 7. 4. Семејство со школско дете* ........ 37
*1. 7. 5. Семејство со адолесцент* ........ 38
*1. 7. 6. "Растурање на семејството" - заминување на децата од родителите* .. 39
*1. 7. 7. Постродителско семејство* ........ 40
*1. 7. 8. Остарено семејство* ........ 40
1. 8. Поим за функционално и дисфункционално семејство ........ 41
*1. 8. 1. Функционално семејство* ........ 41
*1. 8. 2. Дисфункционално семејство* ........ 44
2. УЧИЛИШТЕТО КАКО АГЕНС ЗА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА ........ 46
2. 1. Влијание на училиштето врз социјализацијата на учениците ........ 48
2. 2 Стручен тим ........ 49
*2. 2. 1. Стручен соработник, педагог* ........ 49
*2. 2. 1. 1. Непосредно следење на воспитно - образовната работа во училиштето* ........ 50
*2. 2. 1. 2. Советодавна - консултативна работа со наставниците* ........ 51
*2. 2. 1. 3. Аналитичко - истражувачка работа* ........ 51
*2. 2. 1. 4. Стручно усовршување на воспитно - образовниот кадар* ........ 52
*2. 2. 1. 5. Педагошка евиденција и документација* ........ 52
*2. 2. 2. Стручен соработник психолог* ........ 52
*2. 2. 2. 1. Планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовната работа* ........ 53
*2. 2. 2. 2. Утврдување на потенцијалните можности и карактеристики на личноста на ученикот* ........ 53
*2. 2. 2. 3. Следење на напредувањето на учениците според нивните можности и според карактеристиките на нивната личност* ........ 53
*2. 2. 2. 4. Советодавно - консултативна работа* ........ 54
*2. 2. 2. 5. Водење на педагошка евиденција и документација* ........ 54
*2. 2. 3. Стручен соработник дефектолог* ........ 54

*2. 2. 3. 1. Следење и унапредување на воспитно - образовната дејност* ................ 55
*2. 2. 3. 2 Планирање и програмирање на сопствената - дефектолошка работа* .... 55
*2. 2. 3. 3. Непосредната работа на дефектологот со учениците* .......................... 56
*2. 2. 3. 4. Советодавно консултативна работа* .................................................... 57
*2. 2. 3. 5. Водење педагошка евиденција и документација* ..................................... 58
*2. 2. 4. Стручен соработник социолог* ................................................................... 59
*2. 2. 4. 1. Планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовната дејност во училиштето* ................................................................................. 60
*2. 2. 4. 2. Следење и унапредување на образовниот процес* ................................... 61
*2. 2. 4. 3. Аналитичко истражувачка работа* .......................................................... 63
*2. 2. 4. 4. Советодавна консултативна работа* ........................................................ 64
*2. 2. 4. 5. Стручно усовршување на воспитно - образовниот кадар* ...................... 65
*2. 2. 4. 6. Водење педагошка евиденција и документација* ..................................... 66
*2. 2. 5. Стручен соработник социјален работник* ................................................... 66
2. 3 Социјално - заштитна функција во училиштата ............................................ 66
*2. 3. 1 Потреба од социјална работа во образование* ............................................ 68
*2. 3. 1. 1. Улоги и задачи на социјалниот работник во образованието* ................. 69
*2. 3. 1. 2. Глобални задачи на социјалниот работник во стручната служба на училиштето* ........................................................................................................... 70
*2. 3. 1. 3. Планирање и програмирање на воспитно - образовниот процес* ........... 71
*2. 3. 2. Унапредување на превентивната работа во сузбивање на појавата социјални проблем кај учениците* ........................................................................ 72
*2. 3. 2. 2. Откривање и професионална работа со учениците кои манифестираат асоцијално поведение и психо - социјални аберации* ................................................ 74
*2. 3. 3. Програма за советување родители на ученици во средни училишта* .......... 76
*2. 3. 4. Советување на родители* ............................................................................... 78
*2. 3. 4. 1. Прва средба* .................................................................................................. 80
*2. 3. 4. 2. Втора средба* ................................................................................................. 83
3. АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ КАКО ОБЛИК НА ДЕВИЈАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ ......................................................................................................... 91
3. 1. Фактори кои влијаат за појава на асоцијално однесување кај децата ............. 92
*3. 1. 1. Ризични фактори кои произлегуваат од семејството* ................................ 93
*3. 1. 2. Ризични фактори поврзани со училиштето* ................................................ 94
*3. 1. 3 Група на врсници како ризик фактор* ........................................................... 95
3. 2. Пороци ................................................................................................................. 96
*3. 2. 1. Агресии и насилства* ...................................................................................... 96
*3. 2. 2. Алкохолизам* .................................................................................................. 98
*3. 2. 2. 1. Причинители на алкохолизмот* ................................................................. 99
*3. 2. 2. 2 Последици од алкохолизмот* ....................................................................... 100
*3. 2. 3. Наркотици и употреба на дрога* ................................................................... 102
*3. 2. 3. 1. Основни карактеристики на зависноста од дроги* .................................. 103
*3. 2. 3. 2. Наркоманијата меѓу младите* ..................................................................... 103
III МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ .............. 105
1. ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..................................................................... 105
2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ .......................................................................... 106

3. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 111
3. 1. Основна цел ........ 111
3. 2. Поединечни цели ........ 111
3. 4. Практична цел ........ 112
4. ХИПОТЕЗИ И ВАРИЈАБЛИ ........ 112
4. 1. Општа хипотеза ........ 112
4. 2. Посебни хипотези ........ 112
4. 3. Поединечни хипотези ........ 113
5. ВАРИЈАБЛИ И ИНДИКАТОРИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 113
5. 1. Независни варијабли и индикатори ........ 113
5. 2. Зависни варијабли и индикатори ........ 114
6. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ........ 115
IV ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 117
1. СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ ........ 117
1. 1. Полова структура ........ 117
1. 2. Семеен статус ........ 117
2. СЕМЕЈНА КОМУНИКАЦИЈА ........ 121
2. 1. Релации во комуникацијата ........ 121
2. 2. Разрешување на конфликти во семејството ........ 125
2. 3. Семејни правила и улоги ........ 130
2. 4. Комуникација на семејството со средината ........ 137
2. 5. Проценката на целокупната семејна комуникација ........ 138
3. 1. Облици на асоцијално однесување во училиштето ........ 140
*3. 1. 1. Учество во конфликти* ........ 140
*3. 1. 2. Бегства и отсуства од училиште* ........ 158
*3. 1. 3. Оштетување на училишен инвентар* ........ 168
*3. 1. 4. Пробаторство на дроги* ........ 173
V. ЗАКЛУЧОЦИ ........ 179
VI ПРЕПОРАКИ ........ 183
VII ПРИЛОЗИ ........ 188
VII ЛИТЕРАТУРА ........ 193

# I ВОВЕД

Семејството и училиштето играат голема улога при градувањето на индивидуата како личност и се многу битни за нејзиното понатамошно место во општеството. Семејството опфаќа емоционален систем од најмалку три генерации на живи сродници кои се крвно поврзани и законски.

Семејството има структура, хиереархиска организираност, улоги и подсистеми – родителски субсистем и подсисистем на сиблинг (деца). Значењето на семејството се огледува во неговата незаменливост за развојот на децата бидејќи ниту еден друг систем не е во можност да им обезбеди потребната љубов и топлина. Меѓутоа, односите во семејството може да бидат неповолни за оптималното задоволување на потребите на нејзините членови што влијае на текот на развојот на децата и доведува до појава на различни симптоми, кои се штетни за семејството и општеството.

Системското разбирање на начините на функционирање на семејниот систем подразбира согледување на целите на семејството како жив систем кој живее, расте и се развива низ времето и функционира во одреден општествен контекст.

Времето на адолесценција на децата се карактеризира со потребите на адолесцентите за повисок степен на самосталност и прифаќање на нови вредности надвор од семејството при што се тестираат границите за авторитет на родителот. Противречење на детето со родителот кое се развива во адолесценцијата како сопствен идентитет на детето може да стане проблем кој може да биде продолжение на емоционални и развојни потешкотии кои се тешки за разрешување. Овој период карактеризира и преиспитување на границите кои не треба да се поминат. Доколку границите се премногу затворени и семејството не допушта продор на надворешно влијание, семејните односи стануваат

врамнотежени, а правилата ригидни. Ваквата семејна динамика не дава можност за адекватен развој и диференцирање на младите. Доколку семејните односи се премногу отворени што овозможува некритички продор на надворешни влијание, семејството доаѓа во опасност од губење на сопствениот идентитет. Семејството нема развиен капацитет за промени, се соочува со конфликти на релација адолесцент - родител, што подоцна се манифестира на наставник - ученик.

Функционалноста на семејствата зависи од односот кој постои помеѓу членовите на семејството, но и од односот на семејството со општеството. Примарната општествена задача на семејството е да обезбеди социјализација и куманизација на индивидуите, односно да креира развивање на оние особини кај децата кои ќе им овозможат добра адаптација, но секако не треба да значи и конформистички однос кон општеството.

Сите автори кои се занимавале со функционалноста на семејството истакнуваат дека функционалното семејство треба да има цврст родителски сојуз. Родителите го користат својот авторитет заснован на зрелост и праведност со разбирање, почитување, соработка и меѓусебно топол однос.

Системскиот пристап на поимот “дисфункционално” не се става во однос со целото семејство, туку се разбира како семеен образец кој не може да одговори на развојот на потребите на своите членови и со кои не се исполнуваат задачите од некој животен циклус на семејството, туку доаѓа до појава на симптоми или незадоволства.

Дисфункционалното семејство има влијание на асоцијалното однесување на децата кое се манифестира врз наставниците и соучениците, односно, со еден збор кажано, на училиштата.

Незадоволството од училиштето, проблемот за социјализација помеѓу другите ученици како последица на повлеченост која потекнува од ситуацијата во семејството во кое живее ученикот, подоцна прераснуваат во девијантно и асоцијално однесување на учениците.

Наставниците велат дека најголем проблем им се родителите на учениците со проблематично однесување бидејќи ги минимизираат постапките на своите деца

и не одговараат на повиците од страна на училиштето. Половина од учениците велат дека доживеале некој вид на вербално насилство од наставниците во училиштето, а речиси никогаш нема казнени мерки за наставниците, сето тоа поттикнува нервоза и агресија кај учениците и потреба да ја "истурат" некаде нервозата.

Несоодветното однесување од страна на некои наставници често предизвикува незадоволство кај учениците што исто така предизвикува асоцијално однесување.

Од тука произлегува овој проблем на истражување дека денешната младина сама по себе е изложена на една некоординираност помеѓу семејството и училиштето, лошата распределба на правата и дожностите на овие две институции. Затоа и повлекува појава на асоцијално однесување, кое подоцна ако се занемари преминува во друг облик на деликвентно дејствување.

Асоцијалното однесување се манифестира како непостоењето на интересите за друштвениот живот, намалување на бројот на пријатели, лошиот квалитет на интерперсоналната комуникација и односи, и воопшто со пасивност и незаинтересираност на индивидуата за светот кој го опкружува. Овој вид на однесување се карактеризира со:

- Бегање од часови и попуштање во учењето – први показатели дека детето се менува, особено тоа се забележува по изостаноците;
- Малтретирање на млади особи (браќа, сестри, соученици и сл) и тоа како физички, така и вербално – ова укажува дека на ученикот ова однесување не му е непознато и дека нема доволно силни механизми успешно да го контролира;
- Кршење и крадење на предмети на училиште и дома – во нападите на бес или кога нешто не му е по волја, најчесто поврзано со пари, излегување, учење и средување на собата;

- Мачење на животни – слично на веќеспоменатото измачување на помлади личности од него;
- Припадност на различни групи, како што се: навивачки (особено хулигански и сл) – кои се карактеризираат со постојано членство, воспоставување на хиерархија, карактеристичен стил на комуницирање и облекување и сл.

Третманот на деликвентно и асоцијално однесување е наменет пред се на средношколците и опфаќа низ третмански и превентивни активности, кои се применуваат во одредени периоди. Третманот е најчесто од индивидуален тип, односно со секој ученик со асоцијално однесување се работи индивидуално.

Асоцијално однесување се третира се додека не се исполни целта на третманот, односно додека не дојде до промена на однесувањето на ученикот, ова најчесто се изведува од страна на педагогот/ психологот/ социјален работник на училиштето и од страна на наставникот се разбира вклучувајќи ги и родителите.

# II ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## 1. СЕМЕЈСТВОТО КАКО АГЕНС ЗА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Перцепцијата на речиси сите социолози е дека условите на семејното живеење и тоа посебно во првите години од детството се одлучувачки за формирање на личноста. , , Детето е татко на човекоштвото, , - нагласуваат авторите заедно со Фројд. Со оваа формулација се истакнува дека повеќе од се друго раното детство на детето одредува каква личност ќе биде човекот. Недоволна грижа за детето или недостаток на љубов кон детето создаваат општествени непожелни особини: агресивност и непријателски став кон околината, или пак затварање пред околината, како и повлеченост и пасивност.

Општата атмосфера во семејството, меѓусебно поверение, љубов и другарскиот однос меѓу родителите и родителите и децата ќе создадат луѓе со позитивни особини (со чувство на независност, сигурност во себе, умереност), отколку децата од семејства во кои има често расправии и нема доволно грижа и љубов за детето.

Денес оправдано се укажува на тоа дека социјализацијата и семејството не влијаат само во периодот на раното детство. Периодот на адолесценцијата, претставува период во кој големо влијание има семејството, затоаодносот во овој период треба да биде добро одмерен и внимателен.

Социјализацијата претставува процес со кој се пренесуваат општествените правила и вредности од генерација на генерација, тоа е процес со кој се овозможува стабилно функционирање на општеството. Таквите правила и вредности поединците во општеството мора да ги усвојат како закони, не само за да бидат стабилни членовите, туку и заради тоа да се извршат што подобро

општествените задачи и улоги. Заедничките правила и норми не ни се потребни за да сфатиме што другите бараат од нас, туку и заради тоа да оствариме внатрешна согласност во општеството со надворешните барања (Besman, Rosenberg, 1963).

Талкот Парсонс, водечки функционалистички теоретичар, смета дека социјализацијата е една од главните задачи на секое општество. Меѓутоа тој не е познат по јасниот стил и едноставното изразување. Неговата теза е ваква: Главен функционалистички проблем кој се однесува на општествениот систем и системот на личност е развојот за одржување на текот на циклусот на доволна мотивација за дејствување, на облиците на дејствување кои ги цени и со кои управува општеството; за своето добро, општеството мора да им овозможи на своите членови доволно задоволство или награда преку дејствување на таквите облици, ако сака да постои непрекината соработка за да функционира како систем.

Овој процес на „социјализација" претставува сплет на процеси преку кои индивидуите стануваат членови на социјалната заедница (социјална заедница се нормите и вредностите на општеството) и го одржуваат тој статус... Процесот на социјализација претставува пресуден фактор во обликувањето и функционирањето на личностите. Успешната социјализација има потреба општеството да овозможи културно учење заради силно одржување низ механизмите на задоволството (Парсонс, 1965).

Процесот на социјализацијата започнува да се развива уште во детството, продолжува во понатамошниот живот, односно, трае речиси низ целиот човеков живот во кој постојано се прифаќа она однесување кое во општеството се оценува како нормално и примерно. Проблематиката на проучување на социјализацијата опфаќа три големи групи на проблеми:

- Видовите и облиците на учење по пат на кој социјализацијата се остварува
- Улогата на изворите и агенсите на социјализацијата
- Проучување на ефектите на социјализацијата

Социјализацијата како социјално учење укажува на постоење и влијание на фактори преку кој социјализацијата се остварува. Секој член од општеството може да биде преносител на општественото сваќање за однесувањето, односно агенс на социјализацијата. Факторите коишто играат посебна улога во социјализацијата се:

- семејството,
- групата на врсници,
- училиштето,
- средствата на масовна комуникација,
- религијата и сл.

Слика 1 Примарна и секундарна социјализација

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Фактори** | | |
| **Примарна социјализација** | **семејство** | **Група На врсници** | |
| **Секундарна социјализација** | **училиште** | **религија** | **Средства За масовна комуникација** |

Превземено од (Ташева, Мирчев, Корубин, 1963).

Примарната социјализација се одвива во најраниот период од животот на човекот, кога се усвојуваат основните обрасци на општествено однесување, особено во групите во кој постојат блиски контакти. Според тоа најзначајни фактори на примарната социјализација се: семејството и групата врсници. За разлика од примарната секундарната социјализација започнува веднаш надвор од семејниот круг каде спаѓаат училиштето, влијанието на религијата и средствата за масовна комукикација, што не значи дека не влијаат и внатре во семејниот круг.

## 1. 1. Поим за семејство

Семејството е институција која е стара колку и самиот човечки род. Постојаните трансформации на семејството низ векови е последица на непрекинатиот процес на еволуцијата, а формата на семејството се обликува според условите на животот кои преовладуваат низ тоа време. Значи семејството трпи промени како што трпи и самото општество, според тоа семејството е секогаш во врска со општеството и промените во иднина директно ќе предизвикуваат промени во семејството.

Историската приказна за создавање на семејството започнува со појавата на родовските семејства, со одминување на времето настапиле патријархалните семејства кои што со модернизација на животот, индустријализација и урбанизација доаѓа до распад на традиционалните патријархални заедници и се формираат семејни заедници составени главно од две генерации: родители и деца.

Кога се пристапува кон поимот семејство начесто се среќаваат два исказа:

Според едниот семејството е специфичен облик на општествено групирање, различен од сите останати, а според другиот семејството е универзална општествена група која се наоѓа во сите општествени простори и времиња.

Во најопшта смисла семејството би можело да се дефинира како: „Историски променлив општествен облик во чии рамки се одвива процесот на репродукција низ водење на процесот на социјализација на единката и грижа за зачувување на стабилноста на нејзините членови" (Трајковски, 2008).

Семејството може да се посматра од два аспекта, општествен аспект и семеен аспект: „Семејството како социјална група повеќе е свртено кон општеството, додека како правна установа повеќе е свртено кон своите членови. Затоа како правна установа семејството се дефинира како „ животна заедница на определена група луѓе со взаемни права и должности, поврзани меѓу себе со брак и со раѓање деца во бракот или поврзани меѓу себе само со раѓање на деца или поврзани само со правен акт„ (Хаџивасилев, 1987).

Семејството претставува заедница на две возрасни лица од различен пол и деца, кои по правило настануваат како плод на таа врска, а може а бидат и посвоени (Илиќ, 2011).

Во литературата семејството се дефинира од повеќе аспекти:

- Социолошки - како основна клетка во општеството;
- Психолошки - како важен фактор за примарна социјализација и воопшто за психичкиот развој на детето;
- Антрополошки - како основна заедница на човекот;
- Правен - како заедница на лица кои живеат заедно а се поврзани со крвно сродство, брак (вонбрачна заедница) или посвојување, а меѓу нив постојат со закон утврдени права и должности (најчесто како заедница на родители и нивни деца која настанува со раѓање на децата или со нивно посвојување, односно се смета дека не постои институција семејство, доколку нема деца);
- Културолошки - културата има особено влијание врз тоа како ќе се дефинира семејството и кој ќе се смета за член на таа група (на пример во модерните индустријализирани земји под поимот семејство обично се подразбира нуклеарно семејство, кај потрадиционалнит заедници под поимот семејство се подразбира целото проширено семејство, кинескиот народ става акцент на наследниците во дефинирањето на семејството, италијанскиот народ на неколку генерации од семејството, а кај некои племенски народи

> пак, целата заедница која припаѓа на некое село на пример, се нарекува семејство) (Collins, et al., 2007: 21).

Кај семејните теоретичари од поново време се забележуваат дефиниции на семејството кои излегуваат од класичното поимање семејството. Таква е онаа на Hartman и Laird (1983: 30) според која „ Едно семејство станува семејство кога две или повеќе лица ќе одлучат дека се семејство, кога во интимната, моментална средина во која живеат има размена на емоционалните потреби за блискост, заеднички животен простор кој се нарекува дом и улоги и задачи неопходни за задоволување на биолошките, социјалните и психолошките потреби на тие лица.

„ Семејството е социјална група која може но не мора да вклучува две или повеќе деца (пр. бездетни семејства), кои може но не мора да се родени во брак (пр. посвоени деца, посиноци/ поќерки од предходни бракови), врската меѓу возрасните може но не мора да е базирана на брак (пр. бракови склопени според обичајното право), тие може но мора да живеат заедно (пр. парови со разделено живеалиште кои патуваат од едно до друго место), меѓу нив може но не мора да се остваруваат сексуални односи, а врската може но не мора да вклучува чувства на љубов, привлечност, верност и стравопочитување" ( Collins, et al., 2007 : 20)

Како што може да се забележи не постои униформиран став во литературата во однос на тоа што претставува семејството. Се забележуваат и големи разлики меѓу класичните и пост - модерните дефиниции на семејството условени од неизбежните промени во семејната структура и состав под влијание на модернизацијата, социо - економските и демографските фактори. Пост модерните семејства на денешницата се толку разнолики што нивната споредба со оние од минатото е невозможна. И не само тоа, проучувањето на сегашните структури и односи во семејствата веќе не е можно врз база на концептите, дефинициите, истражувањата и теориите од минатото.

## 1. 2. Типологии на семејството

Во литературата се среќаваат повеќе типологии во рамки на кои семејствата се делат според различни критериуми:

- Според *улогите на членовите на семејството и составот* се разликуваат:

1. *Традиционално семејство* во кое таткото е обезбедувач на семејната егзистенција, мајката е домаќинка, тие се во брак и се грижат за сопствените деца; и *нетрадиционално семејство* – сите типови семејства кои отстапуваат од ова правило.
2. *Проширено* – составено од две или повеќе семејни заедници, односно од родителите, нивните деца и други членови на семејството од страна на мажот или жената (најчесто проширеното семејство го сочинуваат внуци - родители - баба/ дедо, но може да е составено и од тетки, вујковци и други роднини).
3. *нуклеарно* – составено од една семејна заедница, односно од родителите и нивните деца кои се релативно независни од роднините и поширокото семејство; (Collins, et. A. , 2007); *бинуклеарно* – постразводна семејна структура во која поранешните сопружници живеат во одвоени домаќинства но се поврзани меѓусебно, па така двете домаќинства прават едно семејство, односно и покрај прекинот на брачната, семејната врска останува (Goldenberg, 1998).
4. *Патрифокално* – во кое таткото е тој кој се грижи за децата (често во некои арапски земји каде е дозволена полигамија и се практикува автоматско доделување на старателство над децата на мажот); и *матрифокално* – семејство составено од мајката и децата.
5. *Хоризонтално* - семејство кое се протега по ширина, составено е од повеќе членови на една генерација (хоризонтално), и *вертикално* – семејство кое е составено од повеќе генерации

(вертикално), а е предизвикано од процесот на демографското стареење на населението.

- Врз основа на *типот на бракот* на кое е засновано семејството разликуваме: *егзогамно семејство* – засновано на брак склучен вон социјалната група на која и припаѓаат брачните партнери (забрана на брак меѓу крвни сродници, од ист клан или друга социјална група); *ендогамно семејство* – засновано на брак склучен во рамките на социјалната група на која и припаѓаат брачните партнери (бракови кои се склучуваат и меѓу крвни сродници).
- *Семејството на потекло* или како што уште се нарекува семејство на ориентација е семејството во кое индивидуата се родила или израснала, односно онаа заедница во која индивидуата ги остварува своите физички, психички и емоционални почетоци. Кај некои лица може да постојат две семејства. На пример, посвоеното дете често припаѓа на семејството на потекло на неговите биолошки родители сосема кратко време. За овие деца поверојатно е дека семејство на потекло/ ориентација ќе стане семејството кое ќе го посвои. Парот може но не мора да биде во званичен брак, може да биде составен две лица од различен но и од ист пол, а прокреацијата може да се реализира или преку хетеросексуален однос, или преку медицински асистирана репродукција, вештачко оплодување, сурогат родителство (Collins, 2007).
- Од аспект на *структуралниот развој и трансакциони стилови* се разликуваат отворени семејства кои се карактеризираат со јасна размена на информации и ресурси во рамките и вон семејниот систем кој е адаптибилен, динамичен и успешно функционира во контекст поголемите системи (социјални, културни). Затворени семејства за кои е карактеристична слаба размена на информации и ресурси во рамките и надвор од семејниот системкој е тешкоадаптибилен и ригиден. Оваа поделба укажува на разликите во структурирање на семејните внатрешни

односи, но и на пристапот и размената со надворешниот свет (Борнарова, 2002).

- *Класификација на семејствата според степенот на успех/ неуспех во исполнување на важните семејни функции:*
  1. Семејство кое е во можност да се соочи со постоечките проблеми, точно да ги дефинира и да постигне одговорни решенија.
  2. Семејство кое не е способно да постигне реално решение, но сепак владее со проблемот и ги контролира неговите потенцијално штетни поледици, давајќи си повеќе време за наоѓање соодветно решение.
  3. Семејство кое е неспособно да најде ефикасно решение или да ги спречи деструктивните последици од проблемот. Ова семејство на неуспехот одговара со компензација, со импулсивно, непромислено, неодржливо или штетно однесување. Понекогаш семејството бара , , жртва" во семејството или вон него. Во вакви услови семејството не може долго да се брани како кохезивна група.
  4. Семејство кое континуирани неуспеси, покажува се поголеми знаци дезинтеграција чиј врв, во одредени ситуации, е дезорганизација на семејните врски (Vidanovic, 1991).
- Постојат обиди за креирање *типологии на семејства врз основа на карактеристичните однесувања на поедини членови и општа динамика на семејниот живот.*

  Тие категории се следни:
  1. *Изолирано семејство -* прекумерно издвоено од заедницата со која скоро воопшто нема пријателски врски. Со членовите на поширокото семејство има мал или никаков контакт. Основно обележје на овој тип семејства е непостоењето на емоционална интеграција со заедницата.
  2. *Екстерно интегрирано семејство -* активно учествува во заедницата и одржува контакти со пријателлите и поширокото семејство. Оваа

надворешна интеграција е често компензација за непостоењето основно единство во внатрешниот живот на семејството кој е непотполн и расцепкан.

3. *Внатрешно и неинтегрирано семејство* - непостои внатрешно единство, родителите се во конфликт и се взаемно отуѓени. Во некои случаи како компензација за оваа ситуација се формираат сојузи (родител и дете или друг член на семејството) против друг семеен сојуз.
4. *Непланирано семејство* - примарни се потребите на родителлите, а се подредени или исклучени потребите на децата. Понекогаш родителите формираат сојуз на взаемна заштита чиј акцент е на сексуалнотото и општествено задоволство, но без никаква потреба да се изгради семејството и да се издигне потомството. На прво место се егоцентричните цели врзани со индивидуалните потреби на секој на секој од родителите.
5. *Незрело семејство* - незрелите родители во својот брачен партнер го бараат родителот. Незрелите несамостојни потреби на секој родител кој не ја прифаќа одговорноста за извршување на семејните улоги се фиксирани за сопствените родители. Семејната единица станува зависна и тежнее да се потпира на поширокото семејство.
6. *Девијантно семејство* - карактеристични се отпорот ротив обичаите во заедницата, некомформитет, девијантни цели и ставови на семејството во однос на воспитување на децата и револт против нормите на поширокото семејство. Ваквите семејства можат да се поделат на два типа: интерно интегрирани, но доследно ориентирани против нормите во заедницата и семејства вез внатрешна интеграција во кои отпорот се јавува и во и вон семејството.
7. *Дезинтегрирано или регресивно семејство* - со тенденции кои потенцијално можат да го разбијат семејството како група. За

овојтип семејство карактеристични се: недостаток на интеграција, незрелост, прекумерен конфликт, недостаток на компактибилност, взаемни напади, взаемна изолираност и нејасни и нереални цели (Vidanovic, 1991).

### 1. 2. 1. Видови на семејства според начинот на нивното засновање

- *Брачно семејство.* Брачното семејство се јавува како редовен и како најчест вид на семејство во нашата земја, а и во светот воопшто. Брачното семејство се засновува врз бракот како со закон уредена трајна заедница меѓу еден маж и една жена. Брачното семејство го сочинуваат брачните другари и нивните заеднички деца.

Во брачното семејство настануваат два вида односи: односи меѓу брачните другари (*брачни односи*) и односи меѓу брачните другари како родители и нивните заеднички деца (*родителски односи*). Според околностите дали брачните другари И нивните заеднички деца живеат во едно заедничко домаќинство или не живеат, брачното семејство може да биде ***целосно*** или *нецелосно (дефициентно*). Брачното семејство ќе биде целосно ако брачните другари живеат во едно домаќинство заедно со своите деца, а нецелосно - ако само едниот брачен другар како родител живее заедно со детето од бракот со другиот родител на детето. Другиот родител на детето во нецелосното семејство или е умерен или фактички ја напуштил брачната заедница или дошло до развод на бракот.

- *Вонбрачно семејтво.* Вонбрачното семејтво претставува трајна заедница која се засновува врз фактичко живеење на еден маж И една жена со нивните заеднички деца. Иако вон ашата земја бројот на родените деца надвор од брак е доста голем, сепак, може да се каже дека бројот на вонбрачните семејства, во кои родителите живеат со децата родени надвор од бракот, е мошне незначителен. Оттука, може да се говори повеќе за правно, а не и за фактичко постоење на вонбрачните семејства кај нас е

мошне голем и постојано расте, но засега за тоа нема официјални или какви и да било други податоци.

Вонбрачното семејство во нашата земја делумно е уредено со закон, при што, се уредени односите што настануваат меѓу вонбрачните родители и нивните деца, како „ брачни другари" живеат во трајна заедница Во последно време вон ашата земја вонбражното семејство започнува да ужива *општествена и правна заштита* како и брачното семејство.

Вонбрачното семејство како и брачното, се состои од два вида односи: односи меѓу маж и жена, кои се слични на односите што настануваат со склучување на брак, и односи кои настануваат меѓу родителите и нивните деца. Животната заедница меѓу мажот и жената може да биде *повремена или трајна.* Во вториот случај, посебно кога во таа заедница се родат деца, се работи за постоење на вонбрачно семејство, кое може да биде, исто така целосно, ако двајцата родители на детето родено надвор од брак живеат заедно со детето во една семејна заедница, и нецелосно - ако со детето родено надвор од брак живее само неговата мајка, Што засега кај нас е најчест случај, или детето живее само со вонбрачниот татко.

*Привремениот вонбрачен живот* на еден маж и една жена може и не мора секогаш да произведе определени правни последици. Доколку таквата заедница трае покусо или подолго време па потоа трестане, а во таа заедница не се роди дете, таа нема да произведе какви и да било правни последици. Доколку, пак, во вонбрачната заедница, која престанала, се роди дете, доаѓа до засновување на вонбрачно семејство и привремениот вонбрачен однос на двете лица се трансформира во вонбрачно семејство, при што, меѓу членовите на тоа семејство настануваат и определени правни последици.

*Трајниот вонбрачен однос* претставува фактичка заедница на маж и жена, која може, но и не мора да стане основа за создавање на вонбрачно семејство ќе дојде ако во таа заедница се роди дете. Во таков случај,

трајната фактичка заедница се трансформира во вонбрачно семејство и таа ужива општествена и правна заштита предвидени со уставот и со закон, како и секое друго семејство.

*Семејство по посвојување.* Семејството по посвојување настанува поп равен пат врз основа на актот за засновање на посвојување меѓу едно малолетно дете и негови родители. До посвојување доаѓа, главно кога една брачна двојка нема или не може да добие дете по природен пат, па со посвоеното дете создава родителски однос и по таков начин тие создаваат и свое семејство (Борнарова, 2002).

### 1. 2. 2. Видови семејства според кругот на лица што го сочинуваат

Според кругот на лицата што го сочинуваат, семејството може да се подели на: *потесно, пошироко и најшироко семејство.* Оваа поделба нема само теориско значење, туку тргнува и од околноста што правото најчесто ги уредува односите какви се одвиваат во рамките на најтесно семејство (односи меѓу брачните другари и нивните малолетни деца), при што не се занемаруваат и односите што настануваат во поширокото семејство.

- *Потесно семејство.* Потесно семејство го сочинуваат родителите и нивните малометни деца. Ова, таканаречено ***нуклеарно семејство*** настанува како резултат индустрискиот развој на општеството и денес преовладува кај поголем број народи во светов.
- *Пошироко семејство.* Во рамките на поширокото семејство заедно со родителите во иста семејна заедница живеат не само нивните малолетни деца, туку и нивните полнолетни синови и ќерки. Во ова семејство живеат и брачните другари на веќе омажените односно оженетите синови и ќерки, како и нивните деца односно потомци.
- *Најшироко семејство.* Најширокото семејство го очинуваат поголем број на сродници кои меѓу себе се поврзани со крвно сродство во права и странична угорна или удолна линија, без оглед на степенот на сродството.

Во рамките на ова сродство живеат и брачните другари на крвно поврзаните членови на семејната задруга и нивното потомство. Со еден збор, членовите на семејната задруга, најчесто, меѓу себе се поврзани со некој подалечен заеднички предок (Борнарова, 2010).

## 1. 3. Промени во составот на семејството

Семејствата како општествени институции, доживуваат рапиди и драматични промени во формата, оставот и структурата. Семејството е динамичен ентитет подложен на промените во економската, политичката и социјалната средина. Од педесетите години на 20 век, кога доминира монолитниот стереотип на нуклеарно четиричлено семејство составено од мајка, татко и две деца (од различен пол), концептот на семејството континуирано добива нови карактеристики под влијание на културата, религијата, етницитетот, општествено - економските услови и социо - политичките случувања. Во ваквите променети услови современите семејства добиваат многу различни форми (Чаловска - Херцег, 2001).

За разлика од „ традиционалното проширено" семејство на неколку генерации од семејството кои живеат заедно и „ модерното нуклеарно" семејство на два биолошки родители и нивните деца (кое во литературата се почесто веќе се означува како традиционално), денес е се поголем бројот на т. н. *неконвенционални или нетрадиционални* семејства во кои спаѓаат: (Борнарова,2010)

- Реконструирани семејства („ blended", „ reconstituted", „ reorganized", „ stepfamilies). Ова се семејства во кои барем еден член од семејството е потатко/ помајка (очув или маќеа). Се работи за семејства на парови со деца од различни претходни бракови или вонбрачни заедници. Појавата на овој тип семејства е поттикната не само од порастот на стапките на развод на брак туку и од порастот на стапките на повторено (повеќекратно) стапување на брак, што е особено честа појава во современите развиени земји. Составот на овие семејства може да биде многу различен: разведени партнери со деца од претходните нивни бракови кои живеат во исто

домаќинство; разведен маж без деца во брак со жена со деца; жена без деца од претходниот брак мажена за маж со деца; разведени жена и маж со деца од претходните бракови и деца од сегашниот брак, реконструирани семејства составени од вдовец и вдовица и нивните деца кои живеат заедно повремено или цело време (Janez, Harris, 1997: 370).

- Монопарентерално/ самохрани семејства (single - parent families). Ова е семејство на еден родител и неговото/ нејзиното дете/ деца. Овие семејства се формираат како резултат на: смрт на брачниот партнер, развод, разделба напуштање или по сопствена волја на родителот кој не е во барак (Collins et al., 2007: 19).
- Семејства со поделено старателсво (joint custody families). Се работи за варијација на еднородителските семејства која настанува како резултат на доделување на заедничко старателство врз детето/ децата при развод на брак. Имено двата родитела имаат подеднакво право да се грижат за детето, па оттука детето одреден временски период престојува кај мајката, апотоа и кај таткото.
- Семејства со одвоени живеалишта (commuting families). Овој тип семејства е карактеристичен за брачни парови со двојна кариера (во кои и мажот и жената работат). Притоа, тие живеат и работат во две различни географски локации од каде повремено патуваат до местото каде живее и работи другиот брачен партнер. Вообичаено, ова се смета за привремена форма на семејно живеење, до изнаоѓањето на поповолна работна понуда.
- Семејства базирани на брак според обичајното право (common law marriages). Во одредени култури постои традиција на стапување во брак единствено врз основа обичајното право. Притоа, бракот не е формално – право заснован според прописите на земјата, што понекогаш претставува пречка за пристап на овие семејства до расположливите права.
- Хомосексуалните семејства (same - sex families). Овие семејства се составени од две возрасни лица од ист пол кои имаат воспоставено функционално заедничко домаќинство. Во рамките на ваквото семејство

може да има и деца на еден или двајцата од партнерите од нивни претходни врски (бисексуални партнери), деца кои се посвоени или зачнати со медицински процедури. Под влијание на движењата за заштита на човековите права се актуелизираше и правото на хомосексуалните парови на живот во формално регилирани заедници.

- Згрижувачки семејства (foter families). Овој тип семејства се формираат преку системот на социјална заштита заради згрижување на деца (хендикепирани деца, деца без родители, деца од дисфункционални семејства, деца жртви на семејно насилство, злоставување, занемарување) и возрасни лица (на пр. хендикепирани лица или стари лица без соодветна грижа) кои живеат во социјален ризик и кои немаат поволни услови за живот во сопственото семејство. Правата и обрските на овие семејства се регулираат со договор.
- Самечки семејства. Под влијание на демографското стареење на населението и подолгиот животен век на жената, се зголемува бројот на самечки домаќинства на жени. Во исто време, поради трендот на одложување на бракот и се почестата одлука за нестапување во брак, се зголемува и бројот на самечки домаќинства на млади луѓе кои го избрале самечкиот живот како своја животна опција. (Милосављевиќ, 1994).
- Бездетни семејства. Покрај брачните двојки кои немаат деца не по своја волја туку пред се од биолошки причини, денес во се поголем пораст се брачните двојки кои самоволно донесуваат одлука за бездетност. Ваквата состојба е резултат на современиот начин на живот, доминација на вредноста на кариерата и слободата на одлучување за начинот на кој брачниот пар ска да го мине животот.
- Неконституционални семејства (non - constitutional families). Се работи за несемејни, несроднички заедници настанати од економски потреби. Тоа не се заедници кои настанале под дејство на некои идејно - културни движења и тенденции, зашто многу од нив имаат често преоден, а можеби и помоден карактер. Тоа се заедници кои се темелат на односите на

солидарност, а настануваат под влијание на економска потреба или нужност. Притоа се формира заедничко домаќинство заради полесно поднесување на економските и социо - психолошките последици од современите кризи преку заедничко домување и грижа за децата. Овие заедници обично настануваат во замена за непостоењето или неможноста да се оформи сопственото семејство (Milosavljevic, 1994).

- Семејства со постари родители(later - life parentod). Ова се семејства во кои е голема старосната разлика меѓу родителите и децата. Напредоците во медицината и промената во улогите во општеството придонесуваат кон одложување на раѓањето деца за периодот по завршување на образованието или започнувањето на кариерата. Како резултат се формираат семејства во кои родителите се надпросечно постари од нивните деца отколку што е тоа вообичаено (Helton, Jakson, 1997).
- Мултирасни/ мултиетнички семејства (multi - racial/ multi - ethnie families). Ова се семејства формирани од страна на родители/ партнери кои припаѓаат на различна етничка група или раса.
- Сурогат семејства (surrogate families). Ова се заедници кои се формираат во замена на семејството. Во нив се воведуваат правила, начин на функционирање и улоги кои наликуваат на оние во вистинското семејство. Карактеристични се за бездомниците, децата припадници на банди и гангстерски групи и други кои немаат или не се во можност да живеат во свое семејство.
- Меѓугенерациски/ роднински семејства (kinship families). Ова се семејства во кои бабата и дедото (или други роднини) живеат заедно и се грижат за своите внуци. Настануваат како резултат на различни ситуации како смрт на родителите, здравствени проблеми, болести на зависност, емиграција на родителите или појава на деца без родителска грижа од различни причини. Можат да се формираат спонтано, но и преку посредување на службите за социјална заштита. Имено, во некои земји овој вид семејства се признаваат како облик на социјална заштита на деца или други членови на семејството

на кои им е потребна грижа, и како такви добиваат одреден надоместок од страна на државата.

- Вонбрачни семејства (extra - marital families/ cohabitation). Ова се заедници кои не се формално - правно засновани на бракот како институција. Овие вонбрачни заедници служат за задоволување на слични потреби на луѓето заради кои се стапува во брак, но се помалку обврзувачки. Настануваат како резултат на повеќе тенденции во современото општество: померување на возрасната граница за стапување во брак, продолженото студирање и школување, продолженото барање работа т. е. продолженото траење на т. н. привремена незапосленост, пораст во несигурноста на работното место, нерешено станбено прашање, слободен избор на стил на живот и т. н. (Трајковски, 2005).

## 1. 5. Модерните семејства - предизвик за социјална работа

Очигледно е дека неконвенционалните семејства не е вклопуваат во традиционалниот модел, но и дефиниција на семејството. Тие имаат посебни и специфични потреби кои се разликуваат од потребите и на традиционалното и нуклеарнотосемејство. Во денешни услови, иако секое дете има свои биолошки родители, многу од нив не растат со нив, а некои никогаш не го дознаваат ниту идентитетот на едниот или двата родители. Некои од овие семејства успеваат успешно да се справуваат со стресот и потешкотиите на кои наидуваат поради нетрадиционалниот статус на семејството. Сепак и покрај тоа што денес општеството е многу потолерантно во однос на разводот на бракот и различните облици на современото живеење во заедници кои се разликуваат од класичното семејство, самохраното родителство и други облици на неконвенционален семеен живот често значат соочување со бројни потешкотии поради кои се се поблизу до центарот на интерес за социјалната работа:

- Понизок социо - економски статус;
- Спорови околу старателство на дете;
- Поделена лојалност;

- Промени на живеалиште и училиште;
- Намалена или потполно отсуство на комуникација со родителот кој не е старател (non - custodial parent);
- Прилагодување на помајка/ потатко и нивните деца;
- Усвојување различни правила и животни стилови;
- Несигурност околу информациите кои смеат да се споделуваат со средината;
- Конфузни чувства за сопствената припадност;

Предрасуди и неодобрување на нивниот животен стил од страна на средината (Webb B. N., 1996).

Од тука произлегува и новата реалност на која ќе мораат да се прилагодат социјалните работници во практиката. Тие ќе се соочуваат со нови видови семејства кои со сбе ќе носат различни ставови, искуства и животни стилови. Ова од социјалните работници ќе бара спремност да размислуваат и работат соодветно со новите видови заедници на лица кои самите се сметаат за семејство.

Она што треба да се нагласи е дека крајната цел на било која форма на смејство е иста: создавање на здрави односи и квалитативна средина за рат и развој на децата и на сите останати членови на семејството, заснована на љубов, доверба и почитување. Со соодветно дизајнирани и прилагодени социјални услуги и програми кои ја признаваат специфичноста на неконвенционалните семејства и нивната лична потреба да бидат прифатени и признаени како такви, социјалната работа може успешно да им помогне во задоволување на нивните потреби и соочување со реалноста (Борнарова, 2002).

## 1. 6. Семејни функции

Функциите на семејството отсекогаш имале значајна улога во општеството, со тоа што некои од нив како фундаментални, речиси до ден денес останале непроменети, а други пак се трансформирале следејќи го процесот на еволуцијата на самото семејство. Најпосле некои од нив сосема го изгубиле своето значење,

отстапувајќи им место на новосоздадените, карактеристични за современите облици на семејството.

Функции на семејството се:

- ***Биолошко - репродоктивна функција***
- ***Стопанско (економска) функција***
- ***Воспитно - образовна функција***
- ***Заштитна функција***
- ***Социјализаторска функција***
- ***Емоционално и културна функција***

- *Биолошко - репродоктивна функција,* несомнено била и останува фундаментална функција на семејството во сите етапи на неговиот општествено - историски развиток. Оваа функција се засновува на хетеросексуални врски преку кои мажот и жената ги задоволуваат природните полови и други потреби и обезбедуваат репродукцијата е се поприсутна во современата терминологија како планирање на семејството. Меѓутоа, мора да се има во предвид фактот дека во современите услови на општење меѓу половите, семејството и покрај тоа што и натаму останува фундаментален и најзначаен, сепак не е и единствен основ врз кои се реализираат овие односи. Вонсемејните односи меѓу половите претставуваат сфера во која исто така се реализира репродуктивната функција. Благодарејќи на најновите достигнувања на науката, посебно на медицината, таа (репродуктивна функција) може да се оствари дури и надвор од општењето меѓу половите, со вештачко оплодување.
- *Стопанско (економска) функција,* спаѓа во редот на оние функции кои со еволуцијата на семејството ја одржуваат својата трансформација. Во услови на сеуште недоволно развиени производни односи, потребите на членовите на семејството се задоволуваат во самите негови рамки, па ова мала општествена група претставува не само биолошка туку и производна

заедница. Ваквата состојба трае се до извршувањето на првата поделба на трудот, кога заради нараснатите потреби на членовите на семејството, станува невозможно тие и понатаму да се остваруваат исклучиво во неговите рамки. Но, вистинската револуција во ова сфера се отстварува со појавата на капиталистичките услови на производство

- Сега веќе производство речиси сосема излегува од рамките на семејството, остварувајќи се на многу поширок општествен план. Трансформирајќи се на овој начин, ова функција постепено сосема го губи своето значење за семејството, која од произвотствена се преобразува во потрошувачка општествена заедница. Денешното современо семејство е типична потрошувачка група, односно заедница. Своите потреби членовите на семејството ги задоволуваат благодарејќи на производите што се создаваат во општествениот производствен процесс, кој се одвива и остварува надвор од семејството.

- *Воспитно - образовна функција* на семејството е многу значајна во формирањето на личноста на членовите на семејството. До појавата на капитализмот, воспитно - образовната функција најнепосредно се остварува меѓу родителите и децата, кои веќе и поради самата организација на производството и воопшто сефкупниот живот, се упатени на најдиректен меѓусебен контакт.

- Таков интензитет и такво значење, оваа функција не може да се задржи и во услови на капиталистичките општествени односи, кога сите членови на семејството се упатени на многубројни контакти надвор од семејната заедница. Поради тоа, оваа функција се повеќе ја превземаат одредени државни, односно општествени институции. Образовниот систем, притоа во сите свои организациони форми ( од предшколски до универзитетски), го добива централното место во овој процес.

- *Заштитна функција* има поголемо значење во патријархалната фаза од развиток на семејството. Во време кога семејството претставувало затвореда производствена група, тоа истовремено им обезбедувало

материјална сигурност на своите членови, од каде произлегува и чувството на заштита. Тоа секако е од фундаментално значење за материјалната но и психолошката сигурност на членовите на семејството: додека се мали тие ја имаат грижата на своите родители, за да, откако ќе се оспособат самите, ја превземаат обврската за нега на постарите и изнемоштени роднини.

Воопшто, таа организација на солидарна грижа меѓу генерациските припадници на семејната група, е карактеристична за патријархалната форма на семејството. Како и кај другите функции и овде е важна да се нагласи дека одлучувачки моменти го претставува повисокиот степен на општествен развиток со кој постепено доаѓа до изумирање на класичната патријархална семејна организација. Со нејзиното исчезнување, исчезнува и меѓусебната зависност на членовите на семејството, со што се губи и заштитната функција на семејството. Грижа за нејзините членови преминува на соодветни општествени инстиитуции од здравствени (во случај на болест), до најразлични домови за сместување (од оние без родителска грижа, до оние за стари и изнемоштени лица). Притоа, посебно значење и улога добива организираната социјална заштита што се остварува низ цел спектар на општествени дејности.

Заштитната функција и покрај сите горенаведени општествени аспекти и содржини, не ја скина последната нишка што ја поврза со семејството. Елементите на солидарност во меѓусебното општење на членовите, присутни се и денес, особено во доменот на материјалната сфера. Обврската на издржување на децата од страна на родителите и обратно, понатаму обврската на издржување на други роднини по услови што ги пропишува Законот, како и наследувањето, кое широко се остварува меѓу членовите на семејството, се несомнен израз на заштитна улога на семејството во денешни услови.

- *Социјализаторска функција* е органски поврзана со останатите, особено со репродуктивната и заштитната функција. Семејството е првата средина во која се формира личноста на поединецот. Оваа функција и денес не губи од своето значење, бидејќи, при сите позитивни претпоставки на соодветното општество, складни односи во семејството, меѓусебното почитување и љубов се најважниот предуслов за изградување на позитивни општествени вредности на секоја личност. Се разбира, зборувајќи за позитивната улога на семејството во остварување на неговата социјализаторска функција, се има предвид дека се оние семејства кои успеале да создадат една успешна и пријатна атмосфера за сите членови. Многубројните девијантни појави за жал, се повеќе се присутниo во современиот свет. Тие се резултат токму на нездравата семејна атмосфера, од која потекнуваат поединците - сторители на овие дела. Нездравите односи во семејството, лабилните семејни врски, оддавање на алкохол, дрога, проституција - сето тоа е основа од каде се регрутираат идните асоцијални поединци во општеството. За да се заштити од нив, како и да ги заштити нив самите од своите неодговорни постапки, општеството развива цел систем на најразлични институции и воопшто најразлични видови на општествени организации низ кои се постигнува социјализацијата, а по потреба и ресоцијализација на поединците.

- *Емоционално и културна функција* имаат се поголемо развивање во модерните семејства засновани врз демократските односи меѓу членовите. Семејството преставува најпогоден амбиент за развивање на меѓусебните чувства на љубов, приврзаност, почитување, но исто така и средина подобна за развивање и остварување на културните потреби на поединецот. Можноста за размена на стекнатите знаења и искуства во различни сфери на општествената надградба е придобивка на современото егалитарно демократско семејство, кое на тој начин станува примарен фацтор во

формирање и развивање на интелектуалните способности на поединецот (Илиќ, 2011).

Од сето ова може да се заклучи дека семејството како мал и комплексен сегмент има големо значење за општеството, посебно во развивањето на една личност.

## 1. 7. Семејни животни циклуси

Животниот циклус на човекот ги содржи нивоата на човечки развој согласно хронолошката возраст. Во еден таков животен циклус се набројуваат следните периоди: зачнување, раѓање, новороденче и рано детство (0 - 4 г), детство (5 - 11 г), адолесценција (12 - 15 г), млади возрасни (16 - 20 г); возрасни (21 - 59 г); пензионирање и старост (60 - крај на животот) и смрт (Ronald, 1980: 210).

Најпознатата класификација на животните циклуси на човекот ја дава Ериксон според која животот на човекот се дели на 8 фази: 1) новороденче, 2) рано детство, 3) предучилишна возраст, 4) школска возраст, 5) адолеценција, 6) млади возрасни, 7) возрасни, 8) старост (Holman, 1983: 43).

Во рамките на животниот циклус на човекот постојат таканаречени *премини* кои укажуваат дека индивидуата преминува од еден во друг период од животниот циклус. На пример, запишувањето на училиште значи влез во детството, завршување основно и запишување во средно училиште значи премин кон адолесценција, бракот како значаен социјален настан значи дека индивидуата презема одговорности како возрасно лице, пензионирањето го означува преминот во староста и слично.

*Семејниот животен циклус* претставува значаен дел од животниот циклус на човекот во кој често човекот минува поголем дел од својот живот. Семејниот животен циклус се состои од повеќе фази:

1) млад пар до раѓање на дете
2) семејство со новороденче
3) семејство со предучилишно дете

4) семејство со училишно дете

5) семејство со адолесцент

6) семејство со возрасни деца

7) децата создаваат свои семејства

8) родителскиот пар останува сам

9) самечки брак (вдовец/ вдовица) или повторен брак

10) смрт и завршување на семејниот циклус (Јанковиќ, 1996: 74).

Класификацијата на фазите на семејниот животен циклус овозможува да се обрне внимание на суштинските процеси низ кои минува секое семејство: проширување, стеснување на семејството, повторно преструјување на односите и системите како би можела да се пружи соодветна поддршка при влезот, излезот и развојот на членовите на семејството на функционален начин во текот на целиот живот (Micovic, 1997: 66 - 67).

Во работата со семејството треба да се води сметка за влијанието на животниот циклус на семејството врз човечкиот развој. Притоа, не треба да се разгледува само семејниот циклус на нуклеарното семејство игнорирајќи го притоа мултигенерацскиот контекст на семејни врски кој го моделира животот на членовите на семејството. Имено, тешко може да се занемари големото влијание кое една генерација го има врз животот на оние генерации кои штотуку доаѓаат. Ова од причина што понекогаш три или четири генерации на едно семејство мораат во исто време да се прилагодат на транзициите на животниот циклус. Додека една генерација се движи кон постариот животен период, следната се сместува во “празното гнездо”, третата - младите растат и се обидуваат да се одвојат од семејството, создаваат кариера, влегуваат во интимни односи, склопуваат брак и имаат деца, додека четвртата допрва влегува во семејниот систем. Доживувањата на ниво на една генерација силно се одразуваат врз односите во сите други генерациски нивоа (Борнарова, 2010).

За елаборација на карактеристиките на секоја фаза од семејниот животен циклус пооделно, овде се користиме со класификацијата на Duvall (1971) која

најчесто се среќава во литературата, а ги содржи следните семејни животни циклуси:

1) Почетно семејство
2) Семејство со мало дете
3) Семејство со предшколско дете
4) Семејство со школско дете
5) Семејство со адолесцент
6) “Растурање на семејството” - заминување на децата од родителите
7) Постродителско семејство
8) Остарено семејство

### *1. 7. 1 Почетно семејство*

Овој стадиум го опфаќа периодот од стапување во брак до бременоста. Двата различни семејни системи од кои потекнуваат партнерите имаат различни обрасци и очекувања. Денес паровите се помалку поврзани со семејната традиција и се послободни во развивањето машко - женски односи различни од оние кои ги доживеале во семејствата на потекло. Сепак, остварувањето успешен премин кон складен пар е посебно тешко во услови кога е сеуште во тек трансформацијата на односите маж/ жена во правец на постигнување поголема рамноправност и партнерство.

Секој партнер во бракот го внесува концептот ЈАС, концептот за брачниот партнер и концептот за бракот. Во оваа фаза младите брачни партнери се прилагодуваат на одвојувањето од нуклеарното семејство и формирањето сопствено семејство. Токму поради тоа во оваа фаза е потребна идентификација со новите улоги, односно прилагодување кон улогата на брачен другар, како и прилагодување на идеалистичките погледи на бракот кон реалноста и потребата од компромиси (Hoffman, 1994: 199 - 200).

Во овој период партнерите учат како да функционираат како дијада, како да воспостават граници спрема родителските семејства (родители браќа, сестри),

граници спрема надворешниот свет, како да се обликува внатрешната организација на брачниот пар (тип на односи, правила на однесување во домот и со пријателите).

### *1. 7. 2. Семејство со мало дете*

Овој период се протега од бременоста, раѓањето на првото дете па се до негова 3 годишна возраст. Преминот кон родителство семејството го претвора во траен систем. Воспоставувањето на родителските улоги подразбира распределба на основната грижа за детето, обврски и задолженија, авторитет и моќ, учество во процесот на воспитување. Типични проблеми се јавуваат во вид на конфликти околу превземањето одговорност и способноста да се функционира во родителска улога. За емоционалниот, физичкиот, когнитивниот, социјалниот и неуролошкиот развој на децата важни се семејните ресурси и способноста за реагирање заради задоволување на потребите на децата.

Улогата на брачен партнер во оваа фаза се надополнува со уште една улога на родител. Може да се случи нарушување на брачниот однос поради оваа нова улога, кога на пример ќе настанат промени или прекин на интимноста меѓу партнерите поради бременоста или периодот по раѓањето на детето. Присуството на нов член на семејството кој има големи емоционални потреби за поврзување со родителите, во извесна мерка значи стрес за брачната заедница. Настанува нова животна ситуација во која почнува да доминира грижата околу детето, а родителите се прилагодуваат на ограничувањата во приватниот живот (Hoffman, 1994: 199 - 200).

Во модерното семејство во кое и двајцата родители работат, "борбата" најчесто се води околу тоа кој ќе се грижи за децата. Настојувањето да се најде соодветна помош, посебно во ситуации кога не постојат задоволителни социјални услови за реализација на овие потреби, создава сериозни последици.

Можно е еден од родителите да не израснал со два родитела (особен проблем се јавува кога тоа е истополниот родител бидејќи во тој случај брачниот

партнер нема изградено модел за родителство). Во овој период се активираат и конфликтите со своите родители. Во текот на оваа транзиција, родителите на брачниот пар мораат да се тргнат настрана и да им дозволат на своите деца да бидат централни родителски авторитети, а паралелно да воспостават нов тип односи со внуците. Не ретко членовите на поширокото семејство можат да бидат и од голема важност за олеснување на влезот во родителство, преку пренесување знаења и емоционална поддршка на родителите кои се чувствуваат неискусни во новата улога.

Во работата со семејство во оваа животна фаза *главни цели* се: 1) анализа на границите и улогите внатре во нуклеарното семејство и меѓу генерациите; 2) проучување дали настанатите проблеми во семејството во врска со децата се последица на дисфункционалната брачна релација или се работи за потешкотија во остварување на родителските улоги, што како правило впрочем важи за сите фази од развојот на семејството; и 3) помош на возрасните да станат успешни во новиот статус на родители. Од овие причини многу стручњаци сметаат дека оваа фаза е круцијална прекретница во животот на семејството (Micovic, 1997: 70).

### *1. 7. 3. Семејство со предшколско дете*

Овој период од животниот циклус на семејството трае од 3 - 5 години на детето, односно до поаѓање на училиште. Според психоаналитичката теорија ова е многу занчајна фаза за психосексуалниот развој на детето (Едипова фаза) во рамки на која се разрешуваат конфликтите со истополниот родител, во "борбата" за родителот од спротивниот пол. Ова подразбира можност за активирање на евентуалните нерешени проблеми од истиот тип и кај родителите. Воедно, според системското гледиште, во оваа фаза можат да се појават проблеми кои не се решени во претходните стадиуми. Проблемите често се прикажуваат како "проблеми со детето" кои обично се поврзани со навиките: спиење, исхрана, енуреза. Поради ова, во работата со семејството треба да се внимава и да се

направи јасна разлика меѓу развојните потешкотии и симптоми, како и меѓу родителската и брачната дисфункционалност.

### *1. 7. 4. Семејство со школско дете*

Овој стадиум трае од поаѓање на детето на училиште до неговиот пубертет. Со отсуството на детето од домот родителите добиваат можност да се посветат на професионалните активности и да посветат повеќе внимание на партнерскиот однос. Во семејниот систем се вклучува нов систем, училиштето, со свои влијанија врз семејството. Детето го зајакнува процесот на социјализација, а во неговиот живот влегуваат нови другари, нивните родители, наставниците. Од аспект на родителскиот систем, во овој стадиум "се тестира" односот кон надворешните системи (наставник, директор на училиште), односот кон училиштето и обврските (прашањето на успех, помош на децата во училишните обврски), степенот на самостојност на детето на оваа возраст. Сето ова влијае на нова организација на брачниот систем (колку и како да се минува времето заедно, дали и колку да се остава детето само и сл). Притоа, разликите во родителското вклучување можат да предизвикаат тешкотии во адаптацијата или учењето кај детето. Повторното приближување на брачните партнери може да ги активира старите, нерешени проблеми и да доведе до појава на нови проблеми. Кога родителите ќе го инволвираат детето како причина за тие проблеми, тоа води кон појава на симптоми кај детето: проблеми со учење, однесување, појава на фобија на почетокот од школувањето и сл. Практиката покажува дека семејството често се обраќа за помош заради решавање на проблем поврзан со детето, без да е при тоа свесно дека позади тоа стои нерешен родителски или брачен конфликт.

Исто така, во оваа фаза од развој на семејството економските ресурси можат да бидат поограничени поради се поголемите одговорности кои стојат пред родителите. Кариерата на родителите обично достигнува точка во која од родителите се очекува поголема одговорност на работното место и поголема посветеност на работата, што се одразува и често предизвикува стрес во семејството.

### 1. 7. 5. *Семејство со адолесцент*

Периодот на семејство со адолесцент трае од времето кога детето влегува во пубертет до заминувањето на детето од домот.

Во овој период семејството влегува во нов процес на реорганизација. Родителите не можат да го задржат потполниот авторитет над детето. Адолесцентите во семејството воведуваат нови вредности и нови пријатели. Границите мораат да станат попропустливи. На родителите им е особено тешко да раководат со вакви флексибилни граници кои им дозволуваат на адолесцентите да бидат внатре и да бидат зависни од семејството тогаш кога не можат сами да се изборат со потешкотиите, како и да излезат и експериментираат кога за тоа се чувствуваат спремни. Тие почнуваат да воспоставуваат сопствени независни односи со членовите на проширеното семејство. Оттука, на новата генерација треба да и се овозможи што поголема независност, но притоа границите и структурата на семејството да се одржат на соответно ниво како би се овозможил континуираниот развој на семејството (Micovic, 1997: 71).

Бидејќи адолесцентите се на премин од деца во возрасни, нивното однесување е често непредвидливо и постојано се менува. Вообичаена грешка кај родителите е што на децата - адолесценти гледаат како на лица кои им се рамноправни во донесувањето одлуки и прифаќањето одговорност. За родителите е особено тешко да се канализираат импулсивните реакции на адолесцентите, кои осцилираат меѓу состојбите на зависност и независност.

Сите горенаведени предизвици бараат соодветни промени во семејните граници, хиерархија, улоги. При тоа, колку што се поголеми разликите меѓу родителскиот и надворешниот систем (кој за адолесцентот добива на важност), толку е поголема можноста за појава на проблеми кај адолесцентите, или за појава на симптоми кај некој од родителите. Поради интензивните биолошки, физички и когнитивни промени, адолесцентите се исклучително подложни на развој на симптоми (рана бременост, деликвенција, депресија, обиди за самоубиства,

алкохолизам, наркоманија, и други неуротични и психотични состојби). Во некои семејствата проблемите со адолесцентите се продолжеток на претходни потешкотии кои не се соодветно разрешени, а сега се интензивираат на ниво на симптоми, иако тие можат да бидат и од минлива природа како израз на настојувањето да се решат развојните задачи. Симптомите можат да бидат и показател на проблемите во бракот, во кој во оваа фаза централен настан е криза на средниот животен период кај еден или двата родители, што резултира со иnензивно преуредување на односите во бракот. Оттука, фокусирањето на вниманието само на односите родител - адолесцент може да ги маскира другите проблеми. Затоа, во оваа фаза и во сите животни фази низ кои минува семејството, основна цел е разликување на нормалните и вообичаени потешкотии кои треба да се надминуваат, од дисфункционалноста.

### *1. 7. 6. "Растурање на семејството" - заминување на децата од родителите*

Ова е најдолгата фаза од животниот циклус на семејството и се карактеризира со сложеност, бројни задачи и најголем број влезови и излези од семејниот систем. Во оваа фаза најдобро се согледува степенот на диференцираност кој го постигнала младата личност, како и дисфункционалностите во семејството. Одвојувањето од родителите е промена која е болна и за родителите и за децата, а загубата без поголеми проблеми може добро да ја поднесе пред се функционалното семејство. Во оваа фаза родителите се подготвуваат за влез во нови улоги на баба/ дедо, но и градење нов тип односи со сопствените родители кои поради болест или старост почнуваат да зависат од нив. Бидејќи се карактеризира како фаза која ја одбележува заминувањето на последното дете од родителскиот дом, семејството е поотворено кон стресови бидејќи врските се прекинуваат, а се случува огромно редефинирање на улогите. Состојбата во семејството дотолку повеќе се комплицира доколку овој период се

преклопи со периодот на промена на кариера кај родителите или напредување во кариерата на полидерски позиции (Hoffman, 1994: 200).

Во наши услови, поради сложената економска ситуација во општеството, многу семејства не се во можност да го овозможат осамостојувањето на децата од себе поради финансиски причини, односно неможност да си ја обезбедат сопствената егзистенција. И кога е направен обид за осамостојување, често се јавува феноменот на "заминување - враќање", што предизвикува повеќекратни ширења и стеснувања на границите на семејниот систем.

### *1. 7. 7. Постродителско семејство*

Оваа фаза настапува кога сите деца веќе го имаат напуштено домот, а брачниот пар се враќа на функционирањето како дијада. Парот мора да ги редефинира односите и да се прилагоди на воведувањето нов животен образец. Оваа стресна ситуација е пропратена и со стрес поради чувството на изолација (особено со пензионирањето), намалување на познанствата и пријателските средби.

Во нашата култура ова семејство се нарекува "*празно гнездо*" поради тоа што брачниот пар се одвојува од децата и доживува голема празнина и губиток. Ситуацијата во оваа фаза е особено тешка ако се работи за загуба на едниот брачен партнер во овој стадиум, или кога се работи за самохрано семејство.

### *1. 7. 8. Остарено семејство*

Поради променетите психо - социјални и економски услови, во овој период е неопходна реорганизација на семејниот систем. Смалувањето на економските приходи (пензија), опаѓањето на функционалните способности поради старост или болест ги доведува старите лица во зависна позиција. Кој ќе ги негува и во кои услови, се нови прашања за семејството. Посебно е чувствителен процесот на донесување одлуки по овие прашања, како за остарените родители, така и за

нивните деца. Одлуката може да ја донесе брачниот пар самостојно, во заедница со своите деца, или пак самите деца, зависно од актуелната ситуација, семејната организација и функционирањето на семејството. Во оваа фаза, друга тешка задача се однесува на губење на партнерот и соочување со крајот на животот кој се ближи.

*Надминување на кризите во семејниот животен циклус.* Секоја од наведените кризи во семејниот животен циклус може да биде надмината на три начини:

- надминување и раст на семејниот систем;
- распад на системот;
- појава на симптоми (во брачните или родителските релации, или појава на триангулации: кога трет член од семејството се обвинува за проблемот) (Micovic, 1997: 78).

## 1. 8. Поим за функционално и дисфункционално семејство

Хармонијата во еден однос во семејството може да се одрази на сметка на појава на конфликти во некој друг однос. затоа во работата со семејството се избегнуваат термините „ ненормален”, „ патолошки”, и се заменуваат со терминот функционално и дисфункционално (Vidanovic, 1997).

### *1. 8. 1. Функционално семејство*

Семејството е сложена форма на заедница. Од почитувањето на договорените односи и правила на однесување, зависи дали семејството ќе биде функционално или дисфункционално. Иако поимот функционалност е недоволно дефиниран, во литературата често се користи за дефинирање на нормалноста во семејството.

Поимот функционално обично значи нешто што функционира, опстојува. Во контекст на семејството, *функционално семејство* би било она со обрасци на семејно функционирање со кои се реализираат семејните цели: опстојување како заедница, обезбедување егзистенција и решавање на проблеми. Воедно во последно време се поголемо внимание се посветува и на чувството на

благосостојба и поврзаност меѓу членовите на семејството. Проценката дали нешто е функционално или дисфункционално зависи од целите кои семејството си ги има поставено пред себеа во нив се вклучени системот на вредности, животниот циклус и задоволувањето на економските и културните потреби.

Милојковиќ (1997) како главни карактеристики на функционалните семејства ги истакнува:

- Отворен став спрема луѓето;
- Уважување на одвојувањето, индивидуалноста, автономијата, приватноста;
- Јасни и топли комуникации
- Постојана родителска коалиција, рамноправна распределба на моќта;
- Флексибилна контрола по пат на договор,
- Иницијатива;
- Потик за заедништво и различност;
- Почитување на силните личности во семејството.

Според Видановиќ (1997) функционални семејства се оние кај кои:

- , , јас" диференцијацијата кај родителскиот пар и претходи на сепарација од примарното семејство;
- Генерациски граници се јасни;
- Сите членови на семејството имаат реални очекувања едни од други;
- Лојалноста кон семејството е поголема отколку лојалноста кон семејството од кое потекнуваат;
- Родителскиот пар е во прв план, што не значи симбиоза меѓу родителите, туку и нивна блискост и подеднаква оддалеченост од децата;
- Сите членови на семејството имаат чувство на идентитет и автономија, што овозможува децата еден ден да го напуштат семејството;
- Непосесивна топлина, љубов меѓу родителите, родителите и децата и децата меѓу себе;

- Капацитет за отворена, искрена и јасна комуникација на сите членови;
- Членовите на семејството меѓусебно реално се перцепираат и се во реални односи;
- Отвореност на семејството за вклучување на надворешните системи (роднини, пријатели, професијата и т. н);
- Во однос на развојните циклуси (раѓање на првото дете, поаѓање на училиште, вработување, смрт во семејствот и сл. ) функционалните семејства покажуваат способност да одговорат на барањата на тој развоен стадиум и да ја надминат секоја криза.

За одредување на функционалноста односно дисфункционалноста на семејството треба да се земат во предвид поврзаноста помеѓу членовите и благосостојбата во семејството. Проценката за тоа дали семејството е функционално и дисфункционално зависи од целите кои семејството ги поставува и од начинот и степенот на остварување на истите.

Влијанието на општествената положба во комбинација со личните карактеристики на секој член на семејството, прифатените вредности и системот на морални вредности, детерминираат насоката и интензитетот на интеракциите на членовите во семејството.

Функционални семејства се оние во кои сите релации се прифатени и се применуваат секојдневно од сите членови на семејството, со мали отстапувања. Ова значи дека семејната атмосфера под чиј поим се *подразбираат меѓусебните односи на родителите се на високо ниво.* Тие односи подразбираат заедничко планирање на трошоците, заеднички оброци и заеднички разговори и донесување на важни одлуки. Притоа односите на возрасните, односно родителите спрема децата се односи на прифаќање на совети и сугестии на децата. Возрасните треба да имаат воспоставено соодветен надзор и контрола во однос на користење слободно време на децата, разговори за запознавање со проблемите, размислувањата и потребите на децата. Односите во функционалните семејства се хармонични и проблемите се разрешуваат со компромис и разбирање. Една од најчестите причини поради кои доаѓа до нарушување на семејната атмосфера е

незадоволство на одредени членови на семејството, што резултира со нарушување на односите и релациите помеѓу членовите на семејството. Со тоа доаѓа до разорување на функционалното семејство. Променетиот облик на односите допринесува семејството да стане дисфункционално.

### *1. 8. 2. Дисфункционално семејство*

Терминот дісфункционално се однесува и ги опишува семејните обрасци со кои не се исполнува задачата, туку доаѓа до појава на симптоми или незадоволство. Најчесто не се работи за дисфункционалност на целото семејство и на сите членови, туку на одреден дисфункционален образец кој се одразува на различни делови од семејството како систем. Притоа треба да се нагласи дека функционалноста на едно ниво, може да биде дисфункционална за некое друго ниво (пр. одржувањето нестабилен брак меѓу родителите може да се одрази негативно врз децата). Исто така, доколку во проценка ги вклучиме и пошироките социјални системи, можеме да ја утврдиме и нивната дисфункционалност во однос на семејството (училиштето, градинката, некои аспекти на социјалната политика). Затоа, интервенциите понекогаш е потребно да се упатат не само кон семејството туку и пошироките системи кои исто така можат да бидат извор на дисфункционалност. Доколку терминот се однесува на целото семејство (дисфункционално семејство), тој во поголема мера ги патологизира и обвинува членовите на семејството за настанувањето на проблемот. Дисфункционално семејство е она семејство што не е во состојба да се прилагоди на новонастанатите услови на живот и што не може да се соочи со стресс без поголеми последици.

Карактеристики на дисфункционално семејство се следните:

- Застој и дисфункција во некоја од областите на семејниот живот (заемност, интимност, заштита);
- Неодговарање на развојните потреби на своите членови;
- Погрешни интеракции помеѓу брачните партнери и помеѓу децата и возрасните, како и развивање проблем;

- Ограничени или нејасни, ригидни, слаби граници помеѓу членовите;
- Нејасни, конфузни и контрадикторни комуникации;
- Нарушени интеракции со пошироката средина;
- Ригидност во прилагодувањето на ново настанатите услови и напуштање на постојаната структура;
- Немоќ да се соочи со стресот и да го совлада без поголеми последици (промените и загубитене се прифаќаат или ги следи голема болка, која се зголемува поради чувство на вина);
- Користење различни дисфункционални обрасци за прикривање на суштинскиот проблем и одржување на хомеостазата во семејството.

За да излезе на крај со тензијата во семејниот систем кога таа ќе почне да расте, дисфункционалното семејство користи различни дисфункционални обрасци и тоа: членовите меѓусебно се судираат, еден од членовите прави компромис во однесувањето за да ја одржи хармонијата во односите и за да развива дисфункционалност кај себе, брачниот пар се насочува кон некој друг проблем (на пример, грижа за детето, кое тогаш станува „ жртвено јагне„ или „ идентификуван пациент„ во зависност од проблемот што му е најден) или пак меѓусебно се дистанцира, се прават триангулации (вплеткување на трето лице во однос - дете, терапевт, родител), постои дисфункционална комуникација (присуство на парадоксална комуникација). Семејството со своите дисфункционални обрасци, со насилство и со ограничувањето на емоциите и на заштитата, низ атмосферата што е исполнета со сомнежи, со ирационални и инцестуозни содржини ги присилува одделните членови да бараат излез во криминал, алкохол, дрога, насилство или пак некоја психосоматска или ментална болест (Milosevik, 2000).

Од аспект на комуникациите, карактеристиките на дисфункционалните семејства се (Satir V., 1976):

- Неможност да ги комплетира трансакциите во животниот циклус;

- Неможност да ги интерпретираат проблемите;
- Неможност за самоперсцепција и согледување на перцепцијата на семејството од страна на другите;
- Неможност да ги опишат меѓусебните доживувања;
- Неможност да ги опишат надежите, стравовите, очекувањата;
- Не можат да се согласуваат;
- Не можат да одлучат;
- Не можат да се ослободат од минатото;
- Не учат од искуство;
- Не можат да бидат директни, да критикуваат во прво лице, да проценуваат, наоѓаат грешки, воочат збунетост, откријат дека се во замка;
- Не го користат адекватно јазикот.

## 2. УЧИЛИШТЕТО КАКО АГЕНС ЗА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Процесот на интелектуален, емоционален, а посебно социјален развој е започнат во семејството систематски и интензивно се продолжува во училиштето, но со нови услови и нови барања. Влегувајќи во училиштето детето мора да прифати многу сложени и тешки барања.

Од големиот број моменти во врска со училишенот живот кои влијаат на процесот на социјализацијата и на развојот на личнста на детето посебно значење имаат:

- Организацијата на училишенот живот
- Личноста на наставникот
- Наставниот училишен програм

Организацијата на училишенот живот, личноста на наставникот и наставниот училишен програм се значајни фактори кои настојуваат да ги интегрираат новите генерации во општествениот живот (Brooks, 1987).

Училиштето како важен фактор во процесот на социјализација за развој на детето, претставува еден поинаков свет или култура - опкружување, секогаш поинаква од домот на детето. Училиштето е микрокосмос кој соединува многу групи, субкултури, правила, рутини и ограничувања кои се конкретни за секое одредено учлилиште (Несторовска, 2011).

Се јавува тесната релација на училиштето како воспитно - образовна институција со семејството на детето како простор во кој се стекнува примарната социјализација, како и целата надворешна средина како директен фактор кој влијае на целокупната симбиоза на личноста. Се поставува прашањето: дали преголемата слобода на детето во современото семејство позитивно влијае на неговата идна перспектива и дали таа слобода нѐ води кон еден нов парадокс кој денес често се изразува преку прашањето кој кого денес го воспитува, дали родителите ги воспитуваат своите деца или децата ги воспитуваат своите родители. За надминување на слабостите кои се испречија пред современото – нуклеарно семејство е одговорно општеството во целина, а сегмент врз кој ние можеме да влијаеме е обидот да се надмине скоро флуидната врска помеѓу семејството и училиштето, со изградени конструктивни односи помеѓу двата витални сегменти кои директно влијаат врз процесот на социјализација на личноста, а тоа е партнерството помеѓу училиштето и семејството.

Училиштето е институција во која доминантна улога има процесот на социјализација, институција со одредени цели и задачи кои плански и систематски се спроведуваат со помош на наставниот кадар, а се со цел за поголемо стекнување со знаење, вештини, навики и целосно развивање на личноста. Поставувајќи ја на приоритетно место соработката на училиштето со родителите и хиерархиски пренесувајќи ја на непосредните извршители - наставниците, со цврсто поставени

кооперативни задачи и должности, соработката со родителите треба да резултира позитивни ефекти, а тие се во крајна линија основни цели на образованието од модерен тип, изградување на личности со способност за иницијативност, креативност и слободна соработка. Всушност, на таков начин можат да се остварат оние вредности кои му служат на образованието како критериум за донесување на одреден суд: „послушно дете” во семејството и „добар ученик” во училиштето (Milosevic, 2000).

## 2. 1. Влијание на училиштето врз социјализацијата на учениците

Во соработка со семејството и училиштето, гледаме голема можност за решавање на проблемите со кои учениците се соочуваат со меѓучовечките односи и ученичките достигнувања. Го издвојувам влијанието на мезосистемот на детскиот развој, спрема кој непосредните односи во микросистемот - семејството, може да влијае на односите во другите микросистеми - групи на врсници, или ќе се одрази на успехот на учењето. Многу автори се согласуваат дека методите и областите на влијанието на семејството се многубројни и разновидни и дека тие зависат од карактеристиките на пошироката и културната заедница во која детето израснува, како и од способностите и подготвеноста на родителот (Несторовска, 1997).

Успешната соработка семејство – училиште во голема мера зависи од личноста на наставникот и начинот на водење комуникација со родителите. Каналите за комуникација мораат да бидат постојано отворени, во спротивно ефективните напори може да се неефикасни. Неопходно е да се воспостави систем на повратни информации за да можат наставникот, но и ученикот и неговите родители, да го следат напредокот во воспитно - образовниот процес. Заедничкото планирање и спроведување на донесените одлуки, постоењето на исти норми на однесување, заеднички прифатени цели, нужен се предуслов за оптимален развој на детето. Укажувам на неопходноста да се планираат и организираат училишни активности (курсеви, семинари, трибини, предавања, дискусии), за

популаризација на педагошките и психолошките знаења меѓу родителите, како и обука на наставници во областа на комуникациските надлежности.

Училишните достигнувања зависат од повеќе фактори кои претставуваат еден сложен систем на различни заемни влијанија на личноста на учениците и карактеристиките на условите под кои тоа достигнување се остварува. Проблем на влијанието на семејството на школското дотигнување на учениците подолго време е предмет на интерес на многу психолози и педагози (Наумовска 2011).

Голем број на истражувачи се концентрираат на семејните детерминанти на школското достигнување на учениците, како што се: социоекономскиот статус на семејството, образовното ниво на родителите (посебно образовното ниво на мајката), големината и составот на семејството, емоционалниот однос помеѓу членовите на семејството, ангажираноста на родителите во активностите на училиштето.

## 2. 2 Стручен тим

Воспитно - образовната дејност во училиште, покрај наставници ја остваруваат и следниве стручни соработници: педагог, психолог, социјален работник, социолог, дефектолог, библиотекар.

### *2. 2. 1. Стручен соработник, педагог*

Основна цел на педагозите е воспитание и образование на децата и изградба на нив во сестрано развиени личности. Педагозите користат широк спектар на методи и средства во истражувачката работа, педагошки инструменти, вербални и невербални методи, превземање на педагошка акција ( С. Димитиевска, Тимска работа).

Педагошка специјалност ја сочинува запознавање, објаснување, насочување и надзор на ученици, како и давање на совети на родители.

Педагогот во училиштето работи на:

- Укажување стручна помош при конципирање и конечно изготвување на годишна програма за паботата на училиштето;
- Непосредно следење на програмираните содржини и активности во воспитно - образовната работа на училиштето;
- Педагошки и дидактичко - методички консултации со наставници, вреднување и унапредување, со учениците и нивните родители;
- Истражувачки проекти и акциони училишни истражувања;
- Програмирање, организирање и иновирање на сопственото и стручно усовршување на раководниот и наставниот кадар;
- Работните задачи педагогот во училиштето ги реализира преку тимска работа со другите стручни работници(психолог, дефектолог, социолог, социјален работник, библиотекар)

Содржините на стручната работа на педагогот во глобални рамки може да се групира во следниве подрачја:

### *2. 2. 1. 1. Непосредно следење на воспитно - образовната работа во училиштето*

- учество во следење и стручна помош при организирање на наставата;
- учество во следење и помош во организацијата на бонваставните активности;
- учество во следење на реализацијата на годишната програма за работа на училиштето
- непосредно следење и проучување на сопствената работа;

*2. 2. 1. 2. Советодавна - консултативна работа со наставниците*

- инструктивно - консултативна работа со наставници при планирање и подготовки;
- соработка со наставници во изборот и ефикасни форми, методи, средства во воспитно - образовните подрачја;
- консултативна работа со наставници во оценувањето;
- соработка со одделенски раководители;
- вклучување во организацијата на одделенската заедница (соработка во реализацијата на сите програм што учениците самостојно или со наставниците и родителите ги реализираат);
- учество во програмирањето и организацијата на педагошко образование на родителите;
- учество во советодавната работа со родителите чии деца имаат проблем во учењето и напредувањето, како и на оние кои побрзо напредуваат;

*2. 2. 1. 3. Аналитичко - истражувачка работа*

- анализирање и проучување на општите услови за работа во училиштето
- анализа на воспитно - образовните ситуации и ефекти во училиштето
- анализа на специфични актуелни наставни и воннаставни проблем
- испитување на педагошки фактори за асоцијално однесување на учениците;
- испитување на причините за нередовно посетување на наставата;
- откривање на причините и тешкотиите на учениците кои заостануваат во учењето;
- изработка на проекти, скици за микроистражување;

- изработка на прегледи, извештаи, анализи за потребите на сручните органи;

*2. 2. 1. 4. Стручно усовсршување на воспитно - образовниот кадар*

- учество во работата на стручните активи
- учество во реализација на програмите за стручно усовршување;
- организирано ефикасно користење на стручна литература;
- индивидуална работа на сопствено усовршување;

*2. 2. 1. 5. Педагошка евиденција и документација*

- евиденција документација на сопствената работа;
- учество во унапредување на педагошкат виденција и документација на училиштето;

***2. 2. 2. Стручен соработник психолог***

Психолозите се специјализирани за унапредување на постапките за одгледување и образование на учениците.

Општи работни задачи:

- Планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовната работа
- Следење на воспитно - образовна работа во училиштето.
- Советодавно - консултативна работа.
- Општостручно усовршување на воспитно - образовниот кадар.
- Водење на педагошката евиденција и документација.

*2. 2. 2. 1. Планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовната работа*

- Учество во изработка на годишна програма на училиштето
- Изработка на годишен извештај
- Изработка своја годишна и месечна програма

*2. 2. 2. 2. Утврдување на потенцијалните можности и карактеристики на личноста на ученикот*

- Ја утврдува зрелоста на децата за поаѓање во училиште.
- Ги открива учениците со потешкотиико напредување.
- Ги открива учениците со поголеми можности за напредување и развој.
- Професионална ориентација на учениците.

*2. 2. 2. 3. Следење на напредувањето на учениците според нивните можности и според карактеристиките на нивната личност*

- Го утврдува влијанието на одредени фактори врз успехот во учењето.
- Ги открива и работи со ученици кои манифестираат неприлагодено однесување (изостаноци, осипување, пушење, деликвенција, агресивно однесување, наркоманија).
- Го утврдува социометрискиот статус на учениците.
- Врши дијагноза на оспособеноста на учениците за самостојно учење.

Активностите на психологот се насочени кон откривање на состојбите кај учениците што се последица на активноста во училиштето, на развојните карактеристики на личноста, на влијанијата на потесната и пошироката социјална средина, а се манифестираат преку однесувањето во училиштето или надвор од

него. Во реализација користи разговор, следење, консултации, прашалници, инвентари на личноста, психолошки мерни инструменти, социометриски метод, психолошки работилници и сл.

*2. 2. 2. 4. Советодавно - консултативна работа*

Активностите на психологот во ова подрачје се однесуваат на содржини од работата со учениците и родителите. Тие активности имаат облик на консултативно - советодавна работа. Во работата со наставниците тие имаат облик на соработка во врска со сите проблем во училиштето што се однесуваат на унапредување на воспитно - образовната работа (настава, одделни ученици, активности со различни содржини и сл. )

*2. 2. 2. 5. Водење на педагошка евиденција и документација*

- Увид во педагошката евиденција и документација
- Водење сопствена евиденција и документација

Училишниот психолог како стручен соработник работи заедно со педагогот и директорот. Тој е во најблиска врска за соработка со учениците, наставниците, родителите. Се занимава со употреба на методи за оценување и испитување на психолошката клима во одделениата кај учениците, професионално информирање и советување на ученик.

***2. 2. 3. Стручен соработник дефектолог***

Дефектологот во училиштето работи на :

- Следење на наставата и другите подрачја од воспитно - образовната дејност на училиштетото и идентификување на оние аспекти во воспитно - образовната работашто се во доменот на неговата стручна компетенција.
- Планирање и програмирање на сопствената работа.
- Непосредна работа со учениците

- Советодавна - консултативна работа.
- Водење педагошка евиденција и документација.

*2. 2. 3. 1. Следење и унапредување на воспитно - образовната дејност*

Преку непосредно следење на воспитно - образовната дејност дефектологот треба да добие сознанија за:

Учениците на кои им е потребна дополнителна стручна помош за поуспешно адаптирање во ученичкиот и учелишниот колектив, како и за поуспешно совладување на програмските барања што треба да се очекуваат од нив;

Степенот на интегрираноста на учениците со пречки во развојот (специјални образовни потреби) во наставниот процес;

Пристапот на наставникот и неговата дидактичка оспособеност за работа со учениците со специјални образовни потреби (пречки во развојот)

Методите и средствата што наставникот ги користи во работата со овие ученици;

Степенот на задоволеност на индивидуалните специјални образовни потреби;

Емоционалната состојба на учениците со пречки во развојот (специјални образовни потреби);

„ Климата" во училница во која се интегрирани учениците со пречки во развојот - специјални образовни потреби;

Опременоста на училиштето (училница) со неопходни специфични наставни средства и помагала;

Подготвеноста на наставникот да направи и самиот несшто што ќе го направи и самиот нешто што ќе го направи учењето поефикасно (коритејќи ја својата инвентивност и креативност - да подготви или прилагоди некои нагледни средства);

*2. 2. 3. 2 Планирање и програмирање на сопствената - дефектолошка работа*

Врз основа на сознанијата добиени од опсервацијата и целокупната расположива документација добиена од родителите (анамнези, наоди, мислења и др. ), дефектологот во соработка со другите стручни работници, наставници, родители (доколку е потребно и со соодветни стручњаци надвор од училиштето), ги утврдува специјалните образовни потреби на секое дете и врз основа на тоа, тој ја изготвува сопствената програма за работа во училиштето. *Најголемиот дел од своето време го посветува на непоседната работа со секое дете.* Покрај тоа, дефектологот учествува во:

- работа на стручните органи и тела;
- соработка со сите субјекти инволвирани во наставниот процес.

### *2. 2. 3. 3. Непосредната работа на дефектологот со учениците*

Поентата на улогата на дефектологот во училиштето е точно во неговата непосредна работа со учениците на кои им е неопходна помош. Непосредната работа ја конкретизира на ниво на секој ученик поаѓајќи од неговите специјални образовни потреби, но притоа го има предвид следното:

- Вежби за реедукација на психомоториката; говорната способеност на ученикот и потребите од развој и корекција на говорот (дислексија, дисграфија, дислалија);
- Дискалкулија (проблеми со совладување на основните математички операции);
- Вежби за мобилност и ориентација во просторот, како и усвојување на Брајовата азбука (за ученици со оштетен вид);
- Вежби за развој на говорната комуникација користејќи орален и гестовен говор (за ученици со оштетен слух);
- Работата со учениците на совладување на одделни наставни содржини, односно соодветно нивно интерпретирање;

*2. 2. 3. 4. Советодавно консултативна работа*

Дефектологот учествува со своите сугестии во планирање и подготовките на наставата (методи и средства) во одделенијата - паралелките во кои има опфатено ученици со пречки во развојот (специјални образовни потреби);

- Учествува во идентификацијата, конкретизацијата и операционализацијата на целите и задачите што треба да се остварат во рамките на програмските содржини на наставата и другите облици на воспитна работа;
- Учествува во определувањето на содржините што ќе се обработуваати ги определува програмските барања што можат да се поставуваат пред ученикот;
- Наставниците ги инструира (советува, укажува, презентира, покажува) преку организирање на нагледни часови, стручни предавања, стручна литература, за поуспешна работа со овие ученици;
- Презема превентивни, особено ментално - хигиенски и други мерки за спречување на можните нарушувања во однесувањето на учениците, подобрување на меѓусебните односи што ќе резултира со разбирање и толеранција;
- Ги советува родителите (индивидуално) како да се однесуваат кон своите деца во поглед на должностите во училиштето и пошироко (социјализација);
- Им помага на родитечите да го совладаат чувството на вина, самосожалување или агресија кои своето дете (за ова треба да помогнат и други стручњаци), од што ќе произлезе рационален однос кон целокупната ситуација (очекувањето од детето, од наставникот - училиштето - другарчињата итн. );
- Работи на професионалното ориентирање на учениците, ги советува родителите (на останатите деца) да помогнат за поуспешно интегрирање на овие деца, преку: разговор, соодветно подготвени стручни предавања итн. ;

- Ја информира и пошироката социјална средина за потребите и проблемите на овие деца.

*2. 2. 3. 5. Водење педагошка евиденција и документација*

- Водење на документација за работата на дефектологот во стручната служба (план и програма за работа, неделни, месечни, оперативни програми), инструменти, извештаи, информации и др. ;
- Водење и следење на дел од педагошката евиденција и документација на ниво на училиштето.

Целокупната стручна работа на дефектологот како стручен работник во основното училиште се однесува на учениците кои на образовен и воспитен план имаат специјални потреби (со пречки во развојот). Во својата индивидуална работа со учениците и од аспект на клиничар и од аспект на подучувач, дефектологот мора да ја препознава диференцираноста и можностите на гностичките и праксичките регии како би ги објаснил различните нивоа на проценката.

Се знае, на пример, дека горните три асоцијативни слоја на картексот се значително потенко кај лицата со пречки во психичкиот развој. Тоа значи дека можноста за „ обработка" на податоците во овие асоцијативни полиња е снижена што значи дека разбирањето на појавите, причините и последиците е сосема сиромашно. Поттикнувањето на сознајните способности не може да се врши со механичко повторување на содржините што се нудат во нивниот сознаен процес, туку со „ лепеза" на постапки и средства што ќе го поттикнуваат елементарното осознавање низ постапно и соодветно подучување.

Во извршување на својата работа дефектологот соработува со наставниците кај кои има ученици со пречки во развојот(специјални образовни потреби), како и со сите други стручни работници, а посебно со родителите. Учествувањето на тимските состаноци е за многу родители речиси нова ситуација, која лесно може

да создаде многу проблеми. Затоа, таквите состаноци треба да се добро подготвени и осмислени. Посебно треба да бидат јасни целите и содржините на состанокот. Во стручната литература се среќаваат следните фактори:

- проблеми со познавањето на законите;
- економскиот статус на семејството;
- односи во семејството;
- проблеми со соседите;
- ирационален однос кон пречките на детето;

Покрај соодветнатастручна подготвеност и перманентното стручно усовршување, дефектологот треба да ги познава програмските содржини за воспитно - образовната работа со учениците кои имаатсоодветниспецијални потреби за да може да ја определи целта што треба да се постигне од воспитно - образовната работа со тие ученици.

Дефектологот треба секогаш да има предвид крајната одговорност кон учениците со пречки во развојот (специјални образовни потреби) и според тоа одговорноста кон нивните родители. Работата со документи и процедурите не смеат да станат крајна цел.

Сите начела, процедури, форми и евидентни листови, треба да бидат дизајнирани така што потребите на децата да бидат постојано фокусирани.

Се очекува од дефектологот да обезбеди понеформален вид поддршка на колегите, како и да придонесе за пријатна , , клима" во колективот, а тоа е исто толку важно колку и формалните контакти.

### *2. 2. 4. Стручен соработник социолог*

Социологот претствува дел од стручниот тим, неговите глобални задачи во служба

- Да придонесе во напредувањето и усовршувањето на организацијата, планирањето и програмирањето на работата на училиштето во целина, а посебно на подрачјата во кои доминираат социолошките категории;
- Да следи, анализира и истражува карактеристични педагошки појави кои резултираат од социолошките причини и да нуди мерки за нивно расветлување, надминувањеили ублажување;
- Да придонесе во осовременувањето и усовршувањето на воспитно - образовниот процес преку советодавно - консултативна работа со сит субјекти кои директно или индиректно се вклучени во работата на училиштето.

*2. 2. 4. 1. Планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовната дејност во училиштето*

Социологот во стручната служба, помалку или повеќе, активно учествува во планирањето, програмирањето и организирањето на сите подрачја од воспитно - образовната дејност и тоа:

- Учество во организаторските подготовки за успешен почеток на учебната година;
- Учество во општата организација на образовно - воспитната работа во училиштето за изнаоѓање флексибилни решенија за организацијата и разновидното користење на времето и просторот (формирање на паралелки, обезбедување на услови за тимска работа), како и во уредувањето и опременувањето на училишниот простор;
- Учество во организацијата на сите активности и манифестации што ги организира училиштето;
- Изготвување годишен и оперативен план и програма за сопствената работа;
- Учество во изготвувањето на годишната програма за работа на училиштето, посебно во изработка на анекс програмите кои се однесуваат на работата на:

- општествените организации(детска, односно младинска, Црвен крст, иавидничка, феријална);
- заедницата на учениците (на паралелката, одделение, односно година);
- грижа на училиштето за здравјето на учениците;
- соработка на училиштето за здравјето на учениците;
- производствена и друга општествено - корисна работа.

- Активно учествува и дава свој придонес од социолошки аспект во планирањето, програмирањето и организизација на:
  - воннаставните активности;
  - стручното усовршување на наставниот кадар;
  - работата на стручните органи и тела;
  - професионалното информирање и ориентирање на учениците и др.

За успешно учество во планирањето, програмирањето и организацијата на воспитно - образовната дејност, освен солидните познавања од својата структура, од круцијално значење е и солидното познавање на содржините и организацијата на воспитно - образовната дејност. Тоа ќе овозможи да се определат обемот и длабочината на работните задачи на социологот во стручната служба.

*2. 2. 4. 2. Следење и унапредување на образовниот процес*

Непосредното следење на воспитно - образовниот процес што, вушност, претставува истражувачка активност е само појдовно скалило или поточно основа за унапредување на воспитно образовната дејност. Врз основа на стекнатите сознанија од континуираното и со однапред поставена цел, следење на воспитно - образовниот процес се преземаат активностите за неговото унапредување.

Работните задачи на социологот во ова подрачје во многу зависат од неговата инвентивност, креативност и способност за изнаоѓање на скриените каузални врски на социолошките причини и педагошките последици. Во контекстот на ова поексплицитни содржини на работата се:

- Учество во осовременувањето на наставата со нови форми од типот на колективна работа и инструирање на наставниците за нивна примена преку организирање нагледни часови;
- Изготвување систем за следње на социолошките компоненти во наставата и воннаставните структурни подрачја;
- примената на образовната технологија и социјалниот развој на учениците;
- Идентификација на социолошките аспекти и анализа на специфичните проблеми што редовно се јавуваат во училиштето како: изразит неуспех на учениците по некојнаставен предмет или по повеќе наставни предмети, создадена посебна социјална клима, нарушени односи на релација ученик - ученик, ученик - наставник, наставник - наставник, наставник - родител, наставник - дирктор, неоправдано изостанување на учениците од наставата, непосетување на дополнителна настава и слободните ученички активностии др. Идентификација и анализа на одредени специфични појави и проблеми, секако, подразбира и предлагање на мерки за нивно разрешување;
- Проширување и збогатување на содржините и формите на работа воннаставните структурални подрачја;
- Следење и преземање мерки за унапредување на организационите и други аспекти на училишната клима;
- Следење и унапредување на социјалното здравје на учениците и вработените преку влијанието на разните форми за социјален притисок: убедување (молба, совет, препорака), присила (награда, ветување, закана, казна);
- Следење и проучување на осипувањето на учениците од социолошки аспект(посебно кај женската популација од другите националности)и работи на надминување на таа појава;
- Спроведува анкети (за наставници, ученици и родители) со цел да се откријат темите на интересирање за изготвување на програмата за работа на социологот во стручната служба.

### *2. 2. 4. 3. Аналитичко истражувачка работа*

Во оваа проблемско подрачје социологот во стручната служба обработува прашања кои бараат аналитичко - студиски пристап, односно испитувања и проучувања на посложени феномени од воспитно - образовната работа како:

- Анализа на работата на подрачјата за кои е директно одговорен;
- Анализа за релацијата на годишната програма за работата на училиштето;
- Учество во разни видови експериментални испитувања;
- Организирање и реализирање на истражувања на одделни проблеми во училиштето;
- Односи во училиштето
- Типични ситуациони кризи тешкотии и конфликти во училишната средина;
- Утврдување на социокултурните потреби на учениците и нивното воспитно влијание;
- Откривање на социолошките причини за неуспех;
- Испитување на содржините на акивноста на учениците во слободно време;
- Испитување на социолошките фактори за асоцијалното однесување;
- Испитување на социоекономскиот статус на учениците и наставниците;
- Испитување на учениците во прилагодување во пралелка, училиште;
- Испитување на социјалната зрелост на детето во разни степени на образование;
- Откривање на предрасуди и стереотипи во врска со разни етнички и национални припадности;
- Испитување на јавното мислење на граѓаните во локалната средина;
- Идентификување на причини кои го поттикнуваат, спречувањето или задржувањето на детското внимание;
- Откривање на причините за организирани немири и протести на младите;
- Испитување на причини кои доведуваат до зголемување на девијантните и агресивните однесувања на младите

Овде треба да се направи разлика помеѓу испитувањата заради согледување на одделни состојби и фактори значајни за советодавната работа и помош на наставниците и учениците, истражувачката работа која претставува студиозен продор во одредувањето на социолошко - педагошката појава со користење на методи, техники, постапки и инструмнти од истражувачката методологија.

*2. 2. 4. 4. Советодавна консултативна работа*

Ова подрачје содржи три различни категории на учесници и реализатори на воспитно - образовните задачи во училиштето. Советодавната работа за секоја од овие категории се карактеризира со посебни обележја:

*- Советодавно консултативна работа со наставниците*

- Укажување помош на наставниците при одбирање на разни форми на колективна работа;
- Учество во реализирање на нагледни часови во наставата;
- Учество во обука на наставниците за современи аудио - визуелни средства;
- Помош на наставниците во создавање поволна социјална клима во одделението;
- Помош во развивање на вештини во интерперсонално комуницирање;
- Помош на наставниците во изработка на разни инструменти
- Помош на одговорниот на паралелката во изработка на програми за работа на заедницата;
- Информирање на наставниците од спроведени испитувања и анализи;

*- Советодавна - консултативна работа со ученици*

Советодавно - консултативната работа со учениците е подрачје каде социологот од стручна служба ги црпи прашањата и проблемите за своите микроиспитувања што треба да ги спроведе во училиштето. Исто така, во рамките

на ова подрачје се презентираат, односно се даваат повратните информации за сознанијата и резултатите добиени од истражувањата.

Со советодавно - консултативните разговори со учениците, социологот реализира поголем број програмски содржини од подрачјата: Грижа за здравјето на учениците; Соработка на учениците со локалната средина; Заедницата на учениците.

Во укажување на советодавната помош на учениците социологот користи разни советодавни методи, форми, техники и процедури како индивидуални, така и групни со различни техники.

*- Советодавно - консултативна работа со родителите на учениците*

Соработката со семејството, особено со родителите на учениците е сегмент со примарно значење во подрачјето: Унапредување и оспособување на родителите за вклучување на родителите во целокупниот живот и работата на училиштето е многу значајно прашање на кое социологот, во соработка со другите стручни соработници, треба да му посвети извинредно големо значење. Работата со родителите може да се насочи кон:

- Информирање на родителите за резултатите што ги постигнуваат учениците и проблемите со кои се соочува училиштето;
- Организирање на школи за родители преку која родителите би се здобиле со потребните педагошко - психолошки и социолошки знаења.

Овде во никој случај не треба да се заборават советите на родителите кои имаат огромна потенцијална енергија и моќ за разрешување и поттикнување и реализирање на прашањата од секаков вид, но секако доколку тоа училиштео умее и знае да го користи.

### *2. 2. 4. 5. Стручно усовршување на воспитно - образовниот кадар*

Една од основните задачи на стручната служба е усовршување на воспитно - образовниот кадар за воведување и применување на современа образовна технологија во училиштата.

Со одредени проучувања, анализи, експериментирањаи и итражувања од социолошки аспект се стекнуваат сознанија кои се од големо значење за наставниците, односно за усовршување на нивната воспитно - образовна работа.

Социологот својот придонес во стручното усовршување на наставниот кадар го дава и преку работата на стручните активи во кои, во зависност од нивната природа, повеќе или помалку учествува.

*2. 2. 4. 6. Водење педагошка евиденција и документација*

- Водење педагошка евиденција и документација подразбира:
- Водење на документација за работата на социлогот;
- Водење на педагошка евиденција и документација на ниво на училиште;
- Уредна водена документација ќе помогне за правење на компаративна анализа на резултатите добиени од претходни испитувања кои бараат развојност и континуитет (Министерство за образование и физичка култура педагошки завод на Македонија, 1998).

***2. 2. 5. Стручен соработник социјален работник***

Во стручниот тим на училиштето од претходно наведените профили спаѓа и социјалниот работник за кој ќе стане збор подетално во наредното поглавје.

**2. 3 Социјално - заштитна функција во училиштата**

Социјално - заштитната функција во училиштето е повеќе страна:

- Преку наставата и воспитувањето, училиштето реално и формално создава еден од битните услови за материјално и социјално осамостојување на учениците.

- Училиштето е прва во вистинска смисла на зборот формално организирана заедница со која младите лица во својот развој се соочуваат на која се прилагодуваат, но со која можат и да се судрат.
- Во училиштето децата за прв пат се запознаваат со правите општествени норми, со прописите, правилата на однесување, но и со одреден вид формално пропишани санкции.
- Низ училиштето за прв пат се сретнуваат со проблем на повисока општествена опганизираност и обврски, ученикот ја формира мислата за меѓу човечки односи и заедништво.

Училиштето е единствено место каде во полна мерка на организиран и стручен начин, но истовремено и на природен начин можат да се откриваат препознаваат и дијагностицираат разни појави, промени, проблем и социјално - заштитни потреби на учениците. Во таа смисла училиштето претставува една од најосновните и најзначајните превентивни институции на социјалната заштита и во социјалната работа.

Училиштето претставува средина каде најефикасно можат да се обезбедат :

- Мерки за спречување на социјалните проблеми (примарна превенција)
- Рано откривање на социјалните проблем поврзани со децата и семејството ( материјална безбедност, пречки во психофизичкиот развој, воспитна запуштеност, емоционални тегоби, пореметени односи во семејството изразени во нарушени брачни и семејни односи) - (секундарна превенција)
- Мерки кои треба да се превземат во однос на поединци или во семејството со цел да се ограничат штетните последици што спаѓаат веќе во надлежност на Центарот за социјална работа ( терцијална превенција).

За успешната работа во училиштето треба добро да се познаваат психофизичките способности на учениците, нивните целокупни животни услови што ги опкружуваат.

Според Миловановиќ потребите и проблемите на учениците ги дели на :

- Општи потреби - исхрана, транспорт, школски прибор;
- Специфични или заеднички потреби - од гледиште на причините, симптомите и начините на решавање, каде се потребни специфични методолошки стручни напори со кои се поврзуваат центрите за социјална работа на училиштата ( воспитно запуштени деца , деца без родителска грижа, деца попречени во развојот);
- Индивидуални, како тековни и така и развојни така и патолошки потреби или психопатологија;
- Социјално - заштитната функција се огледува точно во можноста за задоволување на овие потреби или надминување на projавените проблем кај учениците или нивните семејства (Борнарова, 2002).

### *2. 3. 1 Потреба од социјална работа во образование*

Училиштето како општествено организирана форма на грижа за децата треба да пружа различни програми содржини: здравствена, социјална, воспитна, образовна и рекреативна. Ваквата сестрана грижа децата би била од помош за семејството кое се помалку може само, без помош од општеството, да ги исполнува своите обврски околу воспитувањето и образованието на децата. Унапредувањето на обемот и содржината на различните облици на заштита на децата значи помош за семејството во остварување на својата улога и функции. Со заеднички напори на семејството и училиштето моат да се обезбедат полни услови за здрав психички и физички развој на младите и нивно оспособување како идни носители на економскиот и општествениот развој.

Семејството и училиштето се силен и долготраен фактор во социјализацијата на децата и младите, заедно тие ја прават , , социјалната мрежа, , неопходна за развој и формирање на децата и младите.

Но, овде се поставува прашањето што може да направи училиштето во сложените услови во кои делува?

Една пречка што се јавува е секако погрешното поимање на функцијата на училиштето како ,, само образовна" а на семејството како ,, воспитна" така да кога училиштето да биде пофлексибилно и да ги земе во предвид тешкотиите со кои се соочува ученикот и неговото семејство, бива обвинето како социјална установа чија задача не е мешање и навлегување во животот на семејството.

Причините со кои би можеле да се наведат, а со кои се оспорува ваквото сфаќање и воедно ја истакнува и оправдува потребата од организирана социјална работа во училштата ги има многу:

- Деца и млади кои потекнуваат од семејства со задоволително или нормално воспитно - образовно, па и високо културно и образовно ниво, а сепак манифестираат одредени воспитни или психосоцијални проблем.
- Поголем број на деца кои спаѓаат во т. н. ризични групи - кај кои се уште не дошло до манифестирање на одредени социјални проблеми, односно кај кои доколку благовремено не се интервенира, голема е веројатноста да преминат во социјален случај.

Практичните примери од секојдневието покажуваат дека покрај бројните општествени фактори, семејството и училиштето се главни причинители за појава на социјални проблеми кај младите. Тоа значи дека е неопходно присуство на поинтезивна и перманентна стручна социјална работа и соработка со соодветни социјални установи, но исто така и потребата од социјален работник во училиштата. Во овие услови на постоењена економска општествена па и морална криза, од голем практичен и научен интерес е да се бараат начини и патишта за инкорпорирање на социјалната работа во рамките на училиштата и да се пробива патот кон придонес на социјалната работа во одговарањето на современите предизвици кои денешницата ја поставува пред семејството и чилиштето.

### *2. 3. 1. 1. Улоги и задачи на социјалниот работник во образованието*

Специфичноста на улогата на социјалниот работник во подрачјето на образованието е определена од фактот што образованието не е примарно подрачје за социјалниот работник. Токму поради тоа што во рамките на оразовните институции не е дел од примарниот кадар, односно педагошкиот кадар, традиционално постоел извесен отпор кон пробивање на ова професија во рамките на образованието. Независно од тоа во скоро сите поразвиени земји социјалниот работник се има изборено за своето место, почнувајќи од градинките па се до високите училишта, што за жал вон ашата земја се уште постои тој отпор.

Улогата на социјалниот работник во ова подрачје може да се изрази преку следниве залагања:

- Да не се одалечи од стручната социјална работа како своја примарна професија, стеснувајќи ја својата социјална работа само на бавење со редовност и успех на учениците.
- Проблемите на децатана училиштед а не се третираат издвоено од проблемите на семејството.
- Со децата да се работи по основ на принцип „ дете проблем" а не „ дете како проблем".
- Да работи на подигање на свеста кај наставниот кадар за релевантноста на „ вонучилишните фактори".
- Да работи на развивање на врските меѓу училиштето и средината.
- Да работи на промовирање на потребата од постоење на соијален работник во училиштата, со цел социјалната работа во ова подрачје да го добие заслуженото место.

### *2. 3. 1. 2. Глобални задачи на социјалниот работник во стручната служба на училиштето*

Глобалните задачи на социјалниот работник во стручната службан а училиштето се:

- Да учествува во планирањето и програмирањето на воспитно - образовната работа на училиштето;
- Да придонесе во унапредувањето на превентивната работа на социјалните проблем кај учениците и нивните семејства со организирање на информативно - едукативни и советодавни активности;
- Да го открива и професионално да го следи развојот на учениците со ризик, пред се во однос на учењето и поведението;
- Да врши социјална работа со ученици кои манифестираат асоцијално поведение и психосоцијални аберации;
- Да придонесе во организацијата на исхраната, рекреативната настава, настава во природа
- Да ги следи, анализира и истражува карактеристичните социјални појави и проблеми меѓу учениците и да придонесува за нивно надминување;
- Да се вклучува во образовни активности за перманентно и стручно усовршување ;
- Да води евиденција и документација за својата работа;

*2. 3. 1. 3. Планирање и програмирање на воспитно - образовниот процес*

Социјалниот работник во стручната служба активно учествува во планирањето, програмирањето и организацијата на воспито - образовната работа во училиштето.

- Учествува во изработка на програм за работа со учениците И нивните организации;
- Учествува во програми за стручно усовршување усовршување на наставниците и стручните соработници;
- Учествува во планирање н сорабока меѓу училиштето и семејството;
- Учество во акции од хуманитатно - солидарен карактер;

- Учество во програми за организација на настава во природа и рекреативен карактер;
- Изработка на сопствени годишни и тематски планирања;

### *2. 3. 2. Унапредување на превентивната работа во сузбивање на појавата социјални проблем кај учениците*

Социјалниот работник во училиштето во својата професионална дејност, пред се, е насочен кон превентивната работа во спречување на појавата на социјални проблем кај учениците и нивните семејства, бидејќи присутноста на истите претставува значајна пречка за постигнување успех во учењето и поведението, во изградувањето на личноста на младата генерација, и тоа:

- Учество во проучувањето на социјално - економските состојби на учениците и нивните семејства.
- Организира информативно - образовни активности од подрачјето на социјалната сигурност, социјално законодавство, социјална помош со наставници, родители, ученици;
- Организира советодавно - консултативни активности со наставници за социјални проблеми, за потребите на учениците и за проблем со родители;

Превентивна работа во училиштата подразбира навремено откривање на воспитно - социјалните проблемикои ги пројавуваат децата како и спречување на нивна појава. Во превентивната работа најдобро е да се појде од фактот дека неповолната семејна положба се рефлектира преку детето(ученик), а тоа е условено од условите за живот во општествените вредности ги формираат особините на личноста.

Социјалниот работник во училиштето, како дел од тимот, посебно се ангажира на организирање превентивни активности во врска со болестите на зависност, проблемите на бракот и семејството, појавата на патологии.

Современите теории на превенција предлагаат примена на позитивни мерки: примери, пофалби, поттикнување, на одговорноста за сопственото здравје, односно се предлага превентивна работа со која се развива самосвеста, сфаќањена самиот себе, самопочитувањето, развивањето позитивни вредности и позитивно мислење за себе. Значи иако на младите им е потребно советување, поголем ефект има отворената и детална дискусија за одреден проблем, поттикнувањето дијалог за одредена тема, активирање на младиот човек за мобилизација на своите сили за да научи да ја сфати ситуацијата во која се наоѓа, самостојно да донесува одлуки, да се спротивстави на туѓите убедувања, да има дефинирани цели за иднината, да се развива способноста за борба со стресови од различно потекло. Превентивната работа денес е многу повеќе од давање сувопарни информации низ предавања за одреден проблем, информации проследени со забрани, заплашување, наметнување на туѓи ставови за она што е добро а што лошо, но за жал во училиштата превентивната активност е застапена сосема малку. За спроведување на ваков вид превенција од стручњаците се бара: едуцираност, склоност кон овој вид работа, умешност во започнувањето и водењето групна работа со ученици, осетливост за возраста на учениците, познавање на проблемот, личност што ќе умее да воспостави доверба и разбирање со учениците.

Превентивната работа со младите во однос на проблемите на зависност, деликвенција, проблемите со семејството, не може да се изведува изолирано И во рамките на посебна служба или оделение ниту пак со неа треба да се занимаваат стручњаци. Таа треба да биде поставена на најширока основа –од специјализирана советодавно - превентивна служба (советувалишта за млади, предбрачни советувалишта, советувалишта за планирање на семејства, советувалишта за алкохоличари), па се до нејзина организација на ниво на училиштата, семејството, во пошироката локална заедница. Воедно освен стручњаците (социјален работници, педагози, психолози, психијатри, наставници) пожелно е ова активност да се ангажираат и самите млади под принципот „ младите за младите"како и доброволци обучени од стручен кадар.

*2. 3. 2. 1. Откривање и професионално следење на развојот на учениците со ризик (пред се од социјална природа) во однос на учењето и поведението*

Во современото живеење, социјалните проблеми се се поприсутни не само во семејствата со загрозени социо - економски услови, туку и во семејствата со висок животен стандард. Учениците погодени од социјален проблем се наоѓаат во ризик и тој може да се одрази врз стабилноста на нивната личност, поведението и односот кон учењето. Во таа насока, социјалниот работник во стручна служба активно учествува:

- Во откривање и континуирано следење на учениците кои се наоѓаат во положба на социјална потреба (ученици без родители и родителска грижа, ученици кои живеат во конфликтно - дисхармонични семејства, ученици со разведени родители, уженици чии родители манифестираат асоцијално поведение);
- Во организирање индивидуална и групна социјална работа(заедно со психолог);
- Во организирање помош во учењето во соработка со класниот раководител и наставниците;
- Во организирање перманентна помош на наставниците и класните раководители во процесот на социјализација на учениците со одредени пречки во однесувањето;
- Во поттикнување на активна соработка со родителите на учениците;

*2. 3. 2. 2. Откривање и професионална работа со учениците кои манифестираат асоцијално поведение и психо - социјални аберации*

Социјалниот работник најнапред сам но и честопати заедно со стручниот тим (педагог и психолог) работат со ученици кои бегаат од часови или не посетуваат настава, ученици кои пушат и консумираат алкохол и дрога, ученици

кои манифестираат деликвентно однесување, ученици кои бегаат од семејството или установата каде се сместени).

Најчести активности што ги превзема ова служба се:

- Воспоставување на првиот контакт со учениците кои манифестираат асоцијално поведение и психо - социјални операции;
- Професионална работа (понатамошен третман ) на ученици со асоцијално поведение и психо - социјални операции, со поготвување на досие и социјална анализа;
- Упатување и соработка со институции за социјална работа за паралелен понатамошен третман во Центарот за социјална работа, Советувалиштето за млади, Советувалиште за брак и семејство, Заводот за ментално здравје, Дневната болница за зависности, Домот за деца без родители и родителска грижа, хранителските семејства, прифатилиште за деца и млади и др;
- Соработката со семејства во санирање на услови за поквалитетно живеење;
- Организирањето помош во учењето за подобрување на успехот;
- Пружање на перманентна помош на класните раководители и наставници во процесот на ресоцијализацијата на учениците;
- Индивидуална и групна работа во вклучување на овие ученици во активности и акции на училиштето;

Основна цел на ова активност е пружање помош на наставниците во работата со учениците со различни пречки. Со овој метод им се нуди помош на наставниците во врска со учениците со кои наставникот имал проблем во работата. Задача на се стручњакот е да му помогне во тоа и да му понуди на наставникот различни можности за разрешавање постојните проблем како и да ги разгледа можностите детето да добие стручна специјалисточка помош, доколку му е потребна. Покрај ова мултидисциплинарниот тим (социјален работник, педагог, психолог)се повеќе се насочува кон користење на други методи, давање кратка

интензивна терапија на децата од училишна возраст, како и помош на семејството и на наставниците. Тимот кој истовремено работи со поединците децата, семејствата и со наставниците во училишни услови најчесто користат комбинација на консултација, давање онформации, подршка и обучување на наставниците за специфични техники кои можат да ги применуваат (интервју, разни тестови, техники и скали за проценка), со кои се овозможува дијагностицирање како на индивидуално, така и на групно/ семејно ниво.

Овој вид интервенции ги применува тимот од училиштето, а во недостиг на тим се повикуваат стручњаци од центарот за социјална работа.

Од сето ова може да се заклучи дека улогата на социјалниот работник во рамките на училиштето има широк обем, поради што е тешко нивно прецизирање. Но образованието не е примарно подрачје на социјалниот работник. Токму поради тоа што тој во рамките на образовните институции не е дел од примарниот кадар, односно педагошкиот кадар, традиционално постоел извесен отпор кон пробивот на ова професија во образовните институции. Независно од тоа во скоро сите поразвиени земји социјалниот работник си го има изборено своето место во сите образовни институции, почнувајќи од градинките, основните, средните па и високите училишта. Но ова не може да се каже и за нашата земја, бидејќи се уште постои стариот проблем. Многу ретко во Македонија е вработен социјален работник во училиште. Ваквата сеопфатна улога налага не само да се има задоволство од работата да се застапуваат интересите на децата, туку желба и умешност да им се помогне и да се работи за интерест не само на индивидуални деца туку и на целокупната популација на децата од училиштето (Борнарова, 2002)

### *2. 3. 3. Програма за советување родители на ученици во средни училишта*

Семејството и училиштето се две клучни средини во кои се одвива животот на децата и младите. „Често се вели дека училиштето треба да образува, а семејството да воспитува”, но дали таквата поделба на одговорноста е правилна и дали им овозможува на децата и младите оптимални услови за развој.

Секојдневното искуство покажува дека вклученоста на родителите во училишниот живот има позитивно влијание, не само врз училишниот успех на нивните деца, туку и врз нивниот развој и севкупно однесување. Поврзаноста на училиштето со семејството во многу случаи се појавува како пресуден фактор за успешна адаптација на училишниот живот, подобри резултати во учењето, поцелисходно усвојување социјални вештини, за превенција и за справување со разни видови ризични и несоодветни однесувања.

Важноста од развивањето и негувањето партнерски односи меѓу семејството и училиштето како корисен извор на поддршка во животот на децата е потврдена и со многу емпириски истражувања. Суштината на партнерските односи се огледа во споделувањето одговорност за создавање услови за непречен раст и развој на децата што се постигнува, пред се, со меѓусебна доверба, комуникација и соработка.

Поактивното вклучување на родителите во развојот и во образованието на своите деца недвосмилено може да придонесе за подобри училишни постигања и за посоодветно обликување и задоволување на низа социјални, емоционални, физички и училишни потреби на децата.

На родителите понекогаш им се потребни информации, совети и поддршка за да можат успешно да се справат со предизвиците што произлегуваат од развојните промени и од искуствата што ги стекнуваат нивните деца во разни животни контексти. Со примена на квалитетни и соодветни воспитни постапки, родителите може значително да го поттикнат развојот на хуманите потенцијали и способности кај децата што ги надминуваат семејните рамки. Нивните позитивни ефекти доаѓаат до израз и во училишната средина преку разни манифестни форми на грижа, разбирање и толерантен однос спрема врсниците и спрема возрасните и преку создавање поодговорен однос во извршувањето на обврските.

Тоа ја потврдува неопходноста од стручно информирање, поддршка и советување на родителите за поуспешно идентификување и надминување на низа специфични проблеми со кои може да се соочат нивните деца. Советувањето може да помогне подобро да се разберат потребите на децата, влијанието на семејството

и родителската грижа врз нивниот развој и однесувањето и да пронајдат одговори на низа вообичаени родителски дилеми и прашања.

Иако советувањето е законска обврска само за родители чии деца имаат одреден вид проблеми во училиштето, во смисла на нередовно посетување настава, намалување на успехот во учењето и/ или манифестирање разни форми на несоодветно однесување, неговата цел не е само надминување на актуелните тешкотии, туку и развивање свесност за потребата од унапредување на родителските вештини, кои позитивно би влијаеле во однос на квалитетот на животот на детето и на неговите училишни постигања.

### *2. 3. 4. Советување на родители*

Советувањето на родители има две основни цели: (1) запознавање на родителите на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата, го намалуваат успехот во учењето и/ или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување со природата и значењето на проблемот што се јавил кај нивните деца; и (2) едуцирање на родителите за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училишни тешкотии и животни предизвици.

Советувањето, по правило, се врши во групи составени од родители на ученици со исти или слични тешкотии. Родителите на учениците за време на советувањето немаат улога на пасивни слушатели, туку активно учествуваат во сите негови фази. Со групното советување се овозможува родителите да споделуваат и разменуваат искуства за начините на кои ги воспитуваат децата, за начините на кои нивните деца се однесуваат спрема нив и спрема училишните и другите видови обврски и за начините како да постапуваат во иднина. Тоа имплицира дека советувањето би требало да резултира и со зголемување на свесноста за неопходноста од поголема грижа и блискост со децата и за зголемување на одговорноста во воспитувањето на децата.

Градењето доверба и развивањето партнерски односи со родителите за надминување на тешкотиите или проблемите што се јавиле кај нивните деца е основен услов за постигнување на целите на советувањето. Токму затоа, психологот што го врши советувањето треба да покаже во односот спрема родителите воздржаност од брзо и неодмерено донесување негативни вредносни судови што би се протолкувале како омаловажување или како некаква форма на стигматизирање на учениците или на родителите. Психологот треба доследно да се придржува до основните начела на професионално дејствување (полезност, одговорност, интегритет и почитување на човековите права и личното достоинство) содржани во Етичкиот кодекс на психолозите на Република Македонија. Исто како и при секое друго професионално дејствување, и при советувањето тој треба да настојува:

- да ги унапредува правата и благосостојбата на лицата со кои работи или со кои е на некаков начин поврзан со нив, да се грижи да не нанесе каква било повреда и да не дозволи злоупотреба на неговите проценки (полезност);
- да гради однос на доверба со лицата со кои работи, да ги разјаснува професионалните улоги и обврски и да ја прифаќа одговорноста за сопственото однесување (одговорност);
- да постапува чесно, да настојува да ја унапредува точноста и вистинитоста во подучувањето, во науката и во психолошката практика, свесно да не се впушта во погрешно интерпретирање на фактите, да не мами и да настојува да ги исполнува дадените ветувања и обврски (интегритет);
- да ги почитува основните човекови права, вредности и достоинство на сите луѓе и да го уважува нивното право на приватност и тајна, да ги уважува разликите меѓу луѓето кои произлегуваат од нивната групна припадност, да настојува факторите на неправична дискриминација да не влијаат врз неговата работа, да не учествува во активности на други лица засновани на предрасуди и дискриминаторски односи и да презема

соодветни мерки за нивно спречување (почитување на човековите права и личното достоинство).

Советувањето родители се спроведува во просториите на училиштето, во две средби со времетраење од 60 минути. Втората средба се реализира најмногу две недели по првата средба.

*2. 3. 4. 1. Прва средба*

Советувањето на првата средба ги вклучува следниве активности: претставување на учесниците во советувањето и запознавање со правилата на работа; опишување на проблемот или на несоодветното однесување на учениците; разгледување можности за надминување на проблемот и за менување на однесувањето; и резимирање.

*а) Претставување на учесниците во советувањето и запознавање со правилата на работа.* Средбата започнува со себепретставување на психологот што го врши советувањето, а потоа следи објаснување на сопствената улогата и информирање на родителите за однесувањето што било манифестирано од нивното дете во училиштето, изложување на целта и текот на советувањето и нагласување дека присуството на родителите на советувањето е законска обврска. Покрај тоа, се потенцира и важноста од меѓусебното почитување на сите учесници во советувањето и на доверливоста на податоците што ќе бидат изнесени на двете средби од советувањето. Се инсистира на дискреција и се образложува зошто не смее да се открива идентитетот на родителите во групата или на нивните деца на лица надвор од групата. Се бара вербална согласност од секој родител за придржување кон ова правило и откако ќе се добие следи претставување на родителите.

*б) Опишување на проблемот или на несоодветното однесување на учениците.* Главна активност на првата средба е запознавање на родителите со природата и сериозноста на проблемот или на несоодветното однесување на нивните деца во

училиштето. Родителите треба да се информираат за сите аспекти на однесувањето на учениците, од давање точен и диференциран опис на однесувањето, времето кога било манифестирано тоа, вклученоста (директна или индиректна) на други лица (ученици, наставници или други возрасни) до разгледување на потенцијалните внатрешни и надворешни причини за неговата појава, факторите на ризик и на заштита, и на краткорочните и долгорочните негативни ефекти.

Ако станува збор за нередовно посетување настава, потребно е прво да се прецизира видот, бројот и времето на отсуствата на ученикот, а потоа да се идентификуваат можните причини за отсуствата. На родителите им се предочува дека нередовното посетување настава, без оглед дали е тоа оправдано или неоправдано, многу често е поврзано со намалување на успехот во учењето и дека тоа може да доведе до постепено развивање на негативен став спрема училиштето и образованието, воопшто. Исто така, важно е да се истакне дека нередовното посетување настава во одредени случаи може да биде и прв индикатор дека нешто се случува со ученикот и дека кај некои ученици тоа може да претставува и значаен фактор на ризик за манифестирање различни форми на асоцијално или антисоцијално однесување.

Во однос на појавата на намален успех во учењето, по наведување на предметите по кои ученикот го намалил успехот и на времето во кое се случило тоа, се разгледуваат повеќе вида фактори или проблеми кои може да придонесат за тоа. Тие проблеми може да се од семејна, развојна, емоционална и здравствена природа, да произлегуваат од нарушување на односите со наставниците или соучениците, од преоптовареноста со вонучилишни активности и обврски што се не поврзани со учењето и сл. Намалувањето на успехот во учењето може да доведе до постепено избегнување на училишните обврски и нивно компензирање со друг вид активности, до губење верба во себеси и во сопствените потенцијали, до намалување на себепочитувањето и на нивото на аспирација, до некритичко негирање и омаловажување на авторитети и општоприфатени вредности и нарушување на семејните односи.

Во случајот на манифестирање несоодветно однесување во училиштето, родителите прво се информираат дека за вакво однесување станува збор секогаш кога ученикот ја попречува воспитно - образовната работа во паралелката, навредува наставник, учествува во физички пресметки или други форми на насилство, или се однесува неморално, асоцијално и антисоцијално. Се наведува и дека секое несоодветно однесување може да има повеќе манифестни форми кои се разликуваат во поглед на сериозноста, видот и степенот на потенцијалното негативно влијание врз социјализацијата и развојот на личните потенцијали и морални вредности кај децата. Потоа, на објективен начин се опишува несоодветното однесување што било манифестирано од учениците, се даваат информации за времето и околностите кога се случило тоа, за вклученоста на други лица и за евентуалните негативни последици. На родителите, исто така, им се даваат информации за различни видови лични, ситуациски и социјални фактори што може повеќе или помалку да придонесат за појавата на несоодветното однесување кај учениците. Се разгледуваат и карактеристичните краткорочни и долгорочни негативни ефекти што може да ги има практикувањето на тоа однесување во училиштето и надвор од него врз личниот развој на ученикот, усвојувањето на општоприфатените вредности и норми на однесување и подготвеноста за градење социјални односи на доверба и меѓусебно почитување.

По запознавањето со природата на проблемот или на несоодветното однесување на учениците, родителите се поттикнуваат да изнесат покарактеристични искуства што ги имаат со своите деца во врска со проблемот или однесувањето кое е тема на советувањето.

*г)Разгледување можности за надминување на проблемот и за менување на однесувањето.*

По изложувањето на искуствата на родителите, психологот прво укажува на важноста од надминување на проблемот и менување на однесувањето, а потоа наведува и повеќе можни начини како да се постигне тоа. На пример: со зголемување на будноста и заинтересираноста на родителите за редовноста и успехот на нивните деца во училиштето; со почести посети на родителите на

училиштето и контакти со одделенскиот раководител, односно со раководителот на паралелката; со редовно следење на извршувањето на училишните обврски и на начинот на користењето на слободното време; со подобрување на комуникацијата со детето; со мотивирање на детето на поголема активност; со морално подучување и сл. Важно е да се нагласи дека клучна улога во тој процес имаат родителите и другите возрасни лица кои служат како примери за моделирање на однесувањето на децата. Потоа, од родителите се бара да размислат за начините како тие можат поефикасно да се вклучат во овој процес.

*д)Резимирање.*

На крајот од средбата се прави резиме на се она што е изложено и дискутирано, и се истакнуваат придобивките од ваквиот начин на комуникација и соработка меѓу училиштето и родителите. На родителите им се искажува благодарност за учеството и се соопштуваат темите и терминот за следната средба.

### *2. 3. 4. 2. Втора средба*

Вторатата средба започнува со краток преглед на првата средба, а потоа се разгледува важноста на придонесот на родителите, се прикажуваат неколку стилови на родителство, се даваат препораки за поуспешна комуникација меѓу родителот и детето и се прави резиме на средбата и на советувањето.

*а) Преглед на првата средба.*

Во почетокот на втората средба се прави краток преглед на првата средба, се потсетува на правилата на однесување и се информира за текот на втората средба.

*б) Разгледување на важноста на придонесот на родителите.*

Главна активност на втората средба е анимирање на родителите за препознавање на важноста на нивниот придонес во надминување на проблемот или во коригирање на несоодветното однесување. Притоа, се издвојуваат неколку позначајни позитивни ефекти од вклученоста на родителите што доаѓаат до израз на сите

возрасти и на сите нивоа на образование. На пример, може да се наведе дека вклученоста на родителите во многу случаи доведува до:

- подобрување на успехот во учењето на нивното дете;
- зголемување на интересот за извршување на училишните обврски;
- развивање позитивен став спрема учењето и желба за продолжување на образованието;
- намалување на ризикот од појава на антисоцијално однесување;
- подобрување на комуникацијата со детето; и
- развој на личните потенцијали на детето.

Потоа, родителите се поканувaат да ги изнесат своите размислувања и предлози за начинот на кој тие навистина би можеле поактивно да се вклучат во училишниот живот на нивните деца.

*в)Запознавање со стилови на родителство.*

За да се појасни улогата на родителите и ефектите што произлегуваат од практикувањето различни начини на воспитување на децата, родителите се запознаваат со основните карактеристики на неколку стила на родителство наведени во стручната литература: авторитарно, попустливо, незаинтересирано и демократско родителство.

Обично, кај еден родител доминира еден стил со присуство на елементи од други стилови. Исто така, двајцата родители немаат секогаш ист стил на родителство, а и тогаш кога имаат, не го практикуваат на еднаков начин.

*г) Стилови на родителство и нивни ефекти*

| АВТОРИТАРНО РОДИТЕЛСТВО | ЕФЕКТИ |
|---|---|
| Авторитарните родители:<br>▪ бараат од децата слепо следење на правилата што ги поставуваат, без образложение;<br>▪ прекршувањето на правилата го казнуваат, често и физички;<br>▪ наметнуваат многу барања и строга | Децата на овие родители:<br>▪ се послушни и исполнителни, но несреќни;<br>▪ несигурни се и имаат ниско себепочитување;<br>▪ лесно се вознемируваат и често се однесуваат агресивно; |

| | |
|---|---|
| дисциплина, а даваат малку љубов и не комуницираат отворено;<br>▪ покажуваат крутост и не даваат можност за избор и слобода на изразување;<br>▪ ја обесхрабруваат независноста и индивидуалноста. | ▪ може да пројават склоност кон ризично однесување;<br>▪ претежно воспоставуваат површни односи со врсниците;<br>▪ потешко се адаптираат во социјалната средина. |

| ПОПУСТЛИВО РОДИТЕЛСТВО | ЕФЕКТИ |
|---|---|
| Попустливите родители:<br>▪ не поставуваат јасни правила на однесување;<br>▪ малку се ангажираат во воспитување и во подучување на своите деца;<br>▪ не ги поттикнуваат и не ги насочуваат децата кон зрело и одговорно однесување;<br>▪ не комуницираат оптимално со децата;<br>▪ одбегнуваат да преземат одговорност во обликувањето на однесувањето на децата;<br>▪ се обидуваат да ги исполнуваат сите желби на децата и им дозволуваат да прават што сакаат, кога сакаат и како сакаат;<br>▪ градат повеќе пријателски отколку родителски односи со децата, т. е. немаат родителски авторитет. | Децата на овие родители:<br>▪ емоционално подоцна созреваат;<br>▪ не се доволно одговорни;<br>▪ имаат ниско себепочитување;<br>▪ имаат низок праг на толеранција на фрустрација и низок степен на контрола на импулсите и потребите;<br>▪ може да пројават склоност кон агресивно и/ или ризично однесување;<br>▪ настојчиви се во барањето начини за привлекување внимание кон себе, при што може да ги прекршуваат правилата и законот;<br>▪ имаат проблеми со авторитети и постигаат слаби резултати во училиште;<br>▪ лесно се впуштаат во обвинување други за сопствените тешкотии и неуспеси. |

| НЕЗАИНТЕРЕСИРАНО РОДИТЕЛСТВО | ЕФЕКТИ |
|---|---|
| Незаинтересираните родители:<br>▪ насочени се кон задоволување на сопствените потреби;<br>▪ малку комуницираат со децата; | Децата на овие родители:<br>▪ недоволно се самостојни и имаат низок степен на самоконтрола;<br>▪ несигурни се и имаат ниска |

| | |
|---|---|
| ▪ неодговорни се, ги отфрлаат или ги занемаруваат децата;<br>▪ имаат многу ниски барања и очекувања од децата и ги задоволуваат само нивните основни потреби;<br>▪ не споделуваат нежност;<br>▪ минимално се вклучени во животот на децата (на пр. многу ретко го прашуваат своето дете како му поминал денот во училиште, кои му се пријатели, дали има некаков проблем и сл. ). | самодоверба;<br>▪ недоволно се вешти во социјалните односи;<br>▪ огорчени се на своите родители и во многу случаи се отуѓуваат од нив во младоста;<br>▪ осамени се, исплашени и анксиозни;<br>▪ малку се заинтересирани за училишните обврски;<br>▪ во адолесценцијата често манифестираат антисоцијално однесување (на пр. се оддаваат на проституција, консумираат алкохол, наркотични средства и сл. ). |

| ДЕМОКРАТСКО РОДИТЕЛСТВО | ЕФЕКТИ |
|---|---|
| Демократските родители:<br>▪ им поставуваат на децата јасни правила и соодветни барања;<br>▪ ги разбираат, ги поддржуваат децата и не се наметнуваат;<br>▪ отворени се за комуникација, поттикнуваат размена на мислења и искуства;<br>▪ грижливи се и даваат многу љубов и топлина;<br>▪ доследни се и постојани во постапките и однесувањето;<br>▪ ги вклучуваат децата во донесувањето на дел од семејните одлуки;<br>▪ поттикнуваат независност и индивидуалност, но и придржување до прифатените правила;<br>▪ користат позитивно поткрепување за учење пожелно однесување. | Децата на овие родители се:<br>▪ одговорни;<br>▪ независни;<br>▪ имаат повисока самодоверба и себепочитување;<br>▪ имаат добра самоконтрола;<br>▪ среќни се и успешни;<br>▪ подготвени за соработка и помагање;<br>▪ имаат високи училишни постигања;<br>▪ подобро се адаптираат во социјалната средина (на пр. имаат поквалитетни односи со врсниците и со наставниците). |

*д) Препораки за поуспешна комуникација меѓу родителот и детето.* Комуникацијата е еден од најважните аспекти на меѓучовечките односи и е клучна за разбирање на природата и динамиката на односите во семејството. За да биде комуникацијата успешна треба да постои непречено пренесување пораки меѓу учесниците во комуникацијата. Успешната комуникација овозможува подобро разбирање и вклучување во процесите на одлучување, полесно учење на поставените правила и очекувања врзани за различните улоги што детето со текот на возраста ги добива во семејството и надвор од него. Градењето добри односи меѓу децата и родителите многу тешко може да се постигне без да се има успешна комуникација.

- *Успешната комуникација* вклучува праќање и примање јасни пораки, дијалог, Јас - говор, вештини на активно слушање, емпатија, толеранција, меѓусебно почитување и прифаќање на разликите кај сите учесници во процесот на комуникацијата. Успешната комуникација во семејството, меѓу другото, ги подобрува социјалните вештини на детето, го зголемува неговото себепочитување и чувство на исполнетост и придонесува за учење и практикување на разни форми на социјална поддршка.

- *Неуспешната комуникација* вклучува праќање и примање нејасни и неразбирливи пораки, пораки што содржат малку поддршка, а многу критики. Неуспешната комуникација често доведува до недоразбирања, погрешни интерпретации на кажаното, дискриминација, нарушување на меѓусебните односи, како и до конфликтни ситуации во семејството, и во други социјални контексти.

*ѓ)Препораки за поуспешна комуникација меѓу родителот и детето*

| СЕ ПРЕПОРАЧУВА | НЕ СЕ ПРЕПОРАЧУВА | ПРИМЕРИ |
|---|---|---|
| | Не зборувајте за чувствителни теми пред други луѓе | ДОБРО: Дали сега е добро време да поразговараме малку? Ништо лошо не се |

| | | |
|---|---|---|
| Изберете соодветно време и место за разговор | Не зборувајте на место или во време кога може да бидете прекинати<br><br>Не започнувајте разговор кога детето е луто, вознемирено или уморно<br><br>Не чекајте бескрајно за да започнете разговор | случило, само сакам да поразговараме.<br><br>ЛОШО: Сакам да разговараме сега пред да тргнам на работа. |

| СЕ ПРЕПОРАЧУВА | НЕ СЕ ПРЕПОРАЧУВА | ПРИМЕРИ |
|---|---|---|
| Слушајте внимателно | Не го прекинувајте детето додека зборува<br><br>Не вршете друга активност додека разговарате со детето<br><br>Не држете предавања, лекции и монолози | ДОБРО: Слободно кажи ми се што сакаш да ми кажеш.<br><br>ЛОШО: Тоа веќе сум го слушнал и не сакам да го слушам повторно! |

| СЕ ПРЕПОРАЧУВА | НЕ СЕ ПРЕПОРАЧУВА | ПРИМЕРИ |
|---|---|---|
| Разберете што сака да ви каже детето | Не претпоставувајте што сака да ви каже детето<br><br>Не отфрлајте го веднаш она што ви го кажува детето, сметајќи дека е погрешно | ДОБРО: Мислам дека она што сакаш да ми го кажеш е дека лошо се чувствуваш.<br><br>ЛОШО: Што зборуваш глупости? ! како е можно да се чувствуваш лошо? |

| СЕ ПРЕПОРАЧУВА | НЕ СЕ ПРЕПОРАЧУВА | ПРИМЕРИ |
|---|---|---|
| Внимавајте на вашата невербална | Не вртете со очите, не воздивнувајте тешко и не одмавнувајте со главата како знак на неприфаќање на она | ДОБРО: Го гледате детето в очи кога ви зборува<br><br>ЛОШО: Се вртите |

| | | |
|---|---|---|
| комуникација | што го кажува детето | настрана, седите далеку од детето или ги држите рацете скрстени додека разговарате |

| СЕ ПРЕПОРАЧУВА | НЕ СЕ ПРЕПОРАЧУВА | ПРИМЕРИ |
|---|---|---|
| Поставувајте прашања на кои детето може да каже што мисли и што чувствува | Не поставувајте прашања на кои се одговара со, , да, , или, , не, , или на кои одговорот однапред се знае | ДОБРО: Што ти се допадна во филмот?<br><br>ЛОШО: Дали ти се допаѓа да правиш само проблеми? Сакаш да завршиш во затвор? |

| СЕ ПРЕПОРАЧУВА | НЕ СЕ ПРЕПОРАЧУВА | ПРИМЕРИ |
|---|---|---|
| Покажувајте ги и споделувајте ги чувствата на соодветен и јасен начин | Не претпоставувајте дека детето знае што чувствувате<br><br>Не се плашете да ги споделите чувствата | ДОБРО: Понекогаш ми е многу жал кога се расправаме. Се чувствувам како лош родител.<br><br>ЛОШО: Ти кажав дека те сакам, не терај ме да ти повторувам. |

| СЕ ПРЕПОРАЧУВА | НЕ СЕ ПРЕПОРАЧУВА | ПРИМЕРИ |
|---|---|---|
| Бидете смирен и не навредувајте го детето | Не го повишувајте гласот и не викајте<br><br>Не му давајте погрдни имиња на детето, не го задевајте и исмевајте. | ДОБРО: Вдишете длабоко или избројте до 10 за да се смирите<br><br>ЛОШО: Нервозно и избувливо реагирање, фрлање или удирање предмети. |

| СЕ ПРЕПОРАЧУВА | НЕ СЕ ПРЕПОРАЧУВА | ПРИМЕРИ |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Зборувајте за добри работи и постигања на детето | Не зборувајте само за проблеми, грешки и за неуспеси на детето | ДОБРО: Не се секирај што доби четворка, трудот сигурно ќе ти се исплати. Верувам дека следниот пат ќе добиеш подобра оценка.<br><br>ЛОШО: Се утепа" од вежбање и пак не доби петка! |

| СЕ ПРЕПОРАЧУВА | НЕ СЕ ПРЕПОРАЧУВА | ПРИМЕРИ |
|---|---|---|
| Бидете конкретни и држете се до фактите и до актуелната тема | Не воопштувајте премногу и не користете зборови како, , секогаш, , и, , никогаш, ,<br><br>Не ги критикувајте способностите на детето или неговата личност<br><br>Не се навраќајте на проблеми што се надминати | ДОБРО: Овие задачи од математика ми изгледаат тешки. Ќе можеш ли да ги совладаш?<br><br>ЛОШО: Пак ли ми плачеш сега? Никогаш не учиш а сакаш да добиеш добра оценка. |

| СЕ ПРЕПОРАЧУВА | НЕ СЕ ПРЕПОРАЧУВА | ПРИМЕРИ |
|---|---|---|
| Користете директни и конкретни пораки | Не давајте нејасни пораки<br><br>Не поставувајте негативни прашања | ДОБРО: Престани да ја задеваш сестра ти.<br><br>ЛОШО: Поправи се, Престани со тоа, , , Зошто секогаш го правиш истото? , , Колку пати морам да те опоменам? , , |

*д)Резимирање на средбата и советувањето.*

На крајот од средбата педагогот/ психологот одговара на евентуални прашања на родителите, им се заблагодарува за учеството, изразува подготвеност за идна соработка и дава информации за други установи, институции и организации каде може да се добие дополнителна стручна помош. (превземено од www. mon. gov. mk)

## 3. АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ КАКО ОБЛИК НА ДЕВИЈАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ

Поимот девијација има честа употреба и во обичниот говор, но и во науката. Меѓутоа полесно е да се разбере кога ќе се рече дека нешто, на пример е девијација на патот (скршнување од правата линија) отколку да се објасни што е општествена девијација. Навистина поголемиот број социолози при објаснувањето на поимот девијација се служат со аналогија на претходниот пример, односно ја разработуваат таа тема. Така девијацијата свртена на тој начин претставува кршење на оние норми, вредноси и очекувања кои како пожелни се истакнуваат во некоја општествена група. Така според Ѓуриќ, *девијантно е она поведение со кое се нарушува една општествена норма на која следува неформална реакција.* (Сулејманов, Стојаноски, 2002).

Општествените девијации се универзално прифатени и со различни елементи на дефинирање.

- Општествените девијации се општествени појави.
- Општествените девијации се облик на општествено делување, односно човечки активности.
- Општествените девијации се свесни своеволни активности на луѓето.
- Општествените девијации се специфичен вид општествен однос помеѓу девијантот и општествената средина.
- Девијантното однеување создава непожелни и неприфатливи последици.

Според тоа може да се заклучи дека: *општествените девијации се специфичен тип општествени појави, посебен вид општествни односи, кои се проследени со неповолни општествени последици, а нивната содржина е свесна и своеволна активност на некој поединец, група, институција или заедница пропратена со општествена реакција на неодобрување од страна на други луѓе, групи и заедници* (Milosavljevic, 2004).

Во целата досегашна историја однесувањето на извесен број индивидуи одстапувало од општоприфатените норми и вредности. Тоа значи дека процесот на социјализацијата не ги дала очекуваните резултати кај одделни индивидуи. Во таа смисла што нивното однесување значително одстапувало од очекуваното, или пак тие се спротивставиле на нормите што ги воспоставиле општествените групи.

Сумарните излагања за девијантното поведение покажуваат дека тоа може да се подели на „ антисоцијално поведение” и , , асоцијално поведение”.

- *Антисоцијално поведение* претставува првиот потежок степен на девијантно однесување во кое се поместени
- *Асоцијално поведение* како втор полесен степен на девијантното однесување го сочинуваат другите социопатолошки појави

### 3. 1. Фактори кои влијаат за појава на асоцијално однесување кај децата

Однесувањето на една индивидуа зависи од динамичните социјални промени, дејствување на генетските предиспозиции, физиолошки влијанија и честите дејствувања на внатрешните сили на социјалното опкружување. Во процесот на развивање, едно дете до адолесцент поминува низ повеќе периоди, каде мора да се приспособи на интеракција со родителите, браќата, сестрите, група врсници и со многу други кои преставуваат различни системи, секој со свои правила, улоги и активности.

Поединецот односно самата индивидуа е изложена на голем број ризици низ текот на животот. Како *ризични фактори се дефинираат кои било влијанија кои ја*

*засилуваат веројатноста за прво појавување на нарушувањето и напредувањето кон сериозни состојби во процесот на социјализацијата, подржувајќи проблематично однесување.*

Ризични фактори се: *генетски или биолошки, семејство, училиште, група на врсници, заедницата.*

- *Генетски или биолошки ризик фактори* главно се перинатална траума, когнитивен дефицит или мала тежина при раѓање, кои доаѓаат поради лоша економска состојба, лоша исхрана, некористење на здравствена заштитан а мајката. Како ризик фактор во самата индивидуа се несоодветни животни вештини, недостаток на самоконтрола и самоувереност, емоционални и психолошки проблем, училишен неуспех, антисоцијално и асоцијално однесување(лажење, агресија, кражби).
- Семејството како ризик фактор е поврзано со родителска практика, осетливост и знаењето да се влијае врз развојот на детето поддржувајќи го во совладување на развојните проблем. Сиромаштијата, родителските конфликти, дезорганизацијата, насилството, малтретирањето, употреба на дрога, менталнизаболувања на родителите или нискиот степен на образование во семејството преставуваат ризик - фактор. Децата можат да имаат ментални развојни проблем како резултат од животните стресови и непријатните настани, како што е малтретирањето, како и немањето на родителска грижа за емоционалното здравје на детето. Родителските карактеристики, нивните лични квалитети можат да ја намалуваат или да ја зголемат родителската способност д аим се излезе во пресрет на потребите на потребите на своите деца.

### *3. 1. 1. Ризични фактори кои произлегуваат од семејството*

- *Семејна историја*: детето е сведок на проблеми во однесувањето на родителот или на братот/ сестрата.

- *Слаба социјализација*: неможност детето да се научи на главните вештини, како што се животни, социјалните или академските вештини.
- *Лошо надгледување на детето*: надгледување од брат/ сестра или недостаток од родителско следење на активностите на детето.
- *Лоша дисциплина*: попустливи, неиздржани, прекумерни, нереални очекувања од детето, строги казни.
- *Лоши однои меѓу родителот и детето*: недостаток на родителска поврзаност, загуба на лицето кое се грижело за детето или одобрување на детето од родителот.
- *Прекумерни семејни конфликти брачни проблеми:* вербална, физичка и сексуална злупотреба.
- *Неорганизираност на семејството*: хаос и стрес заради лоши односи во семејството или сиромаштијата.
- *Лоша ментална состојба на родителите*: депресија, раздразливост.
- *Семејна изолација:* недостаток од контакти за поддршка од поширокатa фамилија и недостаток на контакти со заедницата.
- *Диференцијална семејна модернизација:* родителите губат контрола врз децата, бидејќи се понеобразовани од нив.

### *3. 1. 2. Ризични фактори поврзани со училиштето*

Училиштето е институција во која се одвиваат најважните воспитни и образовни процеси, социјализацијата на личноста и оспособување за престојните работи и општествени функции. Од организираност, програмски содржини и наставно - образовен процес многу зависи, развојот на младата личност и нивното општествено однесување.

Училишната програма и функцијата на училиштето во современите услови се повеќе се ориентирани на образовните отколку на воспитните аспекти на младиот човек. Во таквиот систем изостанува изградување на морални норми,

позитивни ставови и карактер на личноста, затоа што програмите не се прилагодени на физичките и психичките можности и потреби на младите, нивниот интерес и задоволувањето на желбите.

Како ризик фактори се пројавуваат: недоволната ангажираност на училиштето и другите воспитно образовни институции, т. е. запоставената воспитна компонента, се важни фактори и секако тоа придонесува за зголемување на асоцијалното однесување на младите. Неуспехот во училиштето е првиот чекор за натамошен неуспех и пат кон деликвенција, особено кога има поврзаност со бегства од настава, што претставува и претходна фаза на воспитна запуштеност.

### *3. 1. 3 Група на врсници како ризик фактор*

Врсниците во адолесцентниот период, може да имаат доминантно влијание. Ако адолесцентот е поврзан со група на врсници која има позитивни норми и вредности, малолетникот сам ќе ги прифати тие вредности. Од друга страна, ако неговите пријатели имаат девијантни норми, постојат големи можности, да и тој самиот ги прифати таквите норми. Во раната адолесценција се зголемува подложноста на притисок од групата врсници, а опаѓа мислењето од страна на родителите, адолесцентите се разликуваат и во тоа колку се подложни на влијанието од другите. Родителите директно влијаат на тоа со кој децата да се дружат, бираат соседство училиште, верски, културни и други организации во кои адолесцентите учествуваат. Тие посредно влијаат на изборот на пријатели и врсници со кои детето се дружи, така што потикнуваат развој на одредени особини на личноста и облици на однесување кај своите деца.

Слабите врски се примарен извор на социјализација кои ги прават младите луѓе чувствителни ризични за асоцијално однесување. Во адолесценцијата може да дојде до кинење на врските со семејството и училиштето и силно поврзување за групата врсници која може да биде извор на девијантни норми. Изложени на врснички „ притисик" незаштитените од добрите и цврсти семејни врски или врски со училиштето, адолесцентот пристапува кон групата на врсници со која ги дели

сличните проблеми. Веројатноста, дека адолесцентот ќе ги присвои таквите ризични и опасни однесувања од групата за себе постои голема веројатност.

Ризични врсници се обично деца со деликвентно однесување, неорганизирано користење на слободното време, врсници од семејства со конфликти, врсници кои пушат цигари, употребуваат алкохол, дрога итн.

## 3. 2. Пороци

Пороците претставуваат изопачености на елементарните облици на општествените активности поврзани со нагонскиот живот на човекот. Во текот на човечкиот живот нагоните се социјализираат и преобразуваат, односно се хуманизираат. Така на пример, гладот, жедта, сексуалниот нагон и сл. , се задоволуваат на специфичен начин, различно од другите живи суштества. Меѓу овие девијации порашири се сексуалните пороци, особено хомосексуализмот и проституцијата.

### *3. 2. 1. Агресии и насилства*

Под терминот агресија или насилство во литературата се среќаваат повеќе синоними како: антагонизам, конфликт, судир, противречност, тензија и. т. н. Како една оперативна дефиниција ќе се извлече дека: *Агресиите се општествени појави во кои спротивставените интереси, ставови, цели и вредности на поединци, општествени групи или општества се разрешуваат по пат на сила* (Milosavljevic, 2004).

*Типови агресии* се среќаваат како: *колективни општествени и индивидуални агресии*

- *Колективни агресии* се јавуваат на ниво на општеството, општествени класи или меѓу големи општествени групи. Можат да се одвиваат на макро

- општествен план (какви што се војни, побуни, револуции) или микросоцијален план (крвна освета, линч).

- *Индивидуални агресии* се одвиваат на микросоцијален план, а учесниците се поединци или помали општествени групи (убиства, телесни повреди, силеџиства, разбојништва, силувања, вандализам).

*а) Убиства и телесни повреди* е вид индивидуална агресија и претставува начин на разрешување судири помеѓу поединци или мали групи со примена на сила. Тие се најраширени облици на агресивно разрешување на конфликти со многубројни негативни последици.

*б) Силеџиство* е специфичен тип агресија на микросоцијален план која ја вршат поединци, но често и група на поединци кои се организирани. Насилничкото однесување овде е поврзано со обележјата на субкултурата во која насилството е главна идеја, водилка за однесувањето на начинот на живот. Најчесто се работи за лица кои не се нормално вклучени во општествениот и произветствениот живот и кои се наоѓаат на границата на криминалот, ги отфрлуваат вообичаените начини на општественото однесување и вредности. Најчесто силеџиството е присутно меѓу малолетниците и воопшто младите луѓе, со тоа што е поизразено кај маргинализираните и депривирани групи. За припадници на ***насилничките банди***, насилството станува составен дел на комуникацијата со окружувањето претварајќи се постепено во омраза спрема сите оние што не се припадници на таа група (најчесто спрема претставниците од повисоките слоеви на општеството, посебно спрема органите на власта и припадниците на формалните институции и служби со кои се во постојан конфликт).

*в) Вандализмот* е вид силеџиство и агресија усмерен кон уништување различни материјални и културни општествени вредности и добра. Преку вандализмот младите го изразуваат својот однос кон општеството упатувајќи одредена порака преку , , она" што го уништува и преку „ начинот"на кој го уништуваат. Најчесто се работи за вредности кои не им се достапни, па на тој начин го исполнуваат

бунтот кон сопствената животна позиција преку примитиве однос кон она што им е достапно.

*г) Физичко насилство* има препознатливи и лесно воочливи показатели. Не подразбира само употреба на физичка сила со или без други средства со кои им се нанесува болка, повреди и рани и загрозува здравјето и животот, туку и занемарување на физичкиот изглед, развој, здравје и егзистенција на детето. Начини на физичко насилство: удирање со раце и нозе, скубење на коса, удирање со предметии др.

*Показатели:* повреди, модринки, скршеници и други видли оштетувања.

*д) Психичко насилство.* Се карактеризира со запоставување, загроување, потценување, навреди, вербални напади, отсуство или исполнување негативни емоции, лишување од психолошка, емоционална и социјална подршка и загрозување на субјективитетот на личноста на детето. Индикатори на психичко насилство се: заостанат физички развој, енуреза, пореметена исхрана, пореметен сон, отсуство на чувство за простор и време, регресивно однесување, пореметено однесување, заостанатост во емоционален развој, резервираност и. т. н. (Milosavljevic, 2004).

### *3. 2. 2. Алкохолизам*

Алкохолизмот е еден од најголемите социјални и здраствени проблеми, како во светот така и кај нас. Проблемите поврзани со алкохолот денес се наогаат во сите структури на живеењето, без оглед на годините, полот, образованието, социјалниот и економскиот статус. „Алкохолизмот преставува секоја употреба на алкохилни пијалоци која предизвикува штета на индивидуата, општеството или на двете страни".

Учениците од средните училишта се повеќе конзумираат алкохол. Денес алкохолизмот е болест на современото човештво и се наога веднаш зад лицата заболени од срце и крвни садови, рак. Алкохолизмот е многу комплексна, хронична, постојана болест, најмасовна токсикоманија и е еден од посериозните проблеми на современата социјална медицина. Дејствието на алкохолот и

психичката и физичката состојба е резултат пред се на дирекниот токсичен ефект, особено на централниот нервен систем и црниот дроб. Другата група на дејствиа настанува индиректно, при премин на земање на алкохол, поради значителен пад на концентрациајта на алкохол во крвта. Одредување на концентрацијата на крвта се врши на неколку начини:

- анализа на крв на напрецизен начин за утврдување на алкохолот во крвта;
- преглед на гас издишен со дување т. е алкотест;
- анализа на урина и др.

Овој тип на зависност кај учениците се карактеризира со следните карактеристики :

- развој на психичка зависност со пролонгирано консумирање на поголеми количества на алкохол;
- промена на однесувањето кон околината и создавање на фамилијарни, професионални и социјални проблеми;
- проблеми со законот поради чести интоксикации со алкохол;
- ментални нарушувања: љубомора и параноја, загриженост, конфузија, лош сон, депресија, дезориентација, визуелни халуцинации;
- сериозни оштетувања на меморијата за нови состојби и други.

*3. 2. 2. 1. Причинители на алкохолизмот*

Причинителите на алкохолизмот можат да се групираат во три групи: алкохол, личност, фактори од општествената средина.

а) Алкохолот е психоактивна состојка која се разликува од другите средства на зависност по тоа што неговата умерена употреба е прифатлива како легално така и општествено, како и по тоа што зависноста се воспоставува постепено и во нешто подолг временски период во споредба со другите дроги. Алкохолот има одредени физиолошки својства кои делуваат на биопсихолошките и физиолошките процеси во опрганизмот. Стимулативните карактеристики на алкохолот во биолошка и психолошка смисла се поволен фактор кој го поттикнува повторното земање алкохол. Алкохолот влијае врз на одредени центри во мозокот поврзани со

расудување, самоконтролата и инхибицијата. Кога ќе се успори или значително ќе се намали функционирањето на овие центри, лицето под дејство на алкохол чувствува почетна стимулација па дури и еуфорично расположение, што го поттикнува натамошното пиење. Со внесување на поголеми количини алкохол се препорачува сеќавањето и памтењето, се влошува координацијата на движењата, се смалува способноста за учење и решавање проблеми. Во подолг временски период, алкохолот го оштетува мозокот и другите витални органи и ја зголемува можноста за заболување и смртен исход.

б) Личност, односно самиот човек е причинител за алкохолизмот, бидејќи е утврдено дека одредени типови на личност се поподлежни на алкохолизам за разлика од други. Станува збор за одредени фактори на личноста (тип на личност влијае врз типот на алкохоличар). Постојат сознанија дека на пример, интровертната личност често станува дипсоман бидејќи најчесто пие сама и неконтролирано во одреден период, додека голем дел од екстровертните личности стануваат бета алкохоличари кои порадо пијат во друштво. Сепак типот на личноста ја одредува пред се погодноста и наклоноста кон алкохолизмот.

в) Фактори од општествената средина. Се работи за фактори кои во најголема мера влијаат врз појавата на алкохолизмот, и тоа:

- Социјални, диететски и обичајни навики;
- Културни навики и обрасци на животот;
- Општествена достапност на алкохолот и толеранцијата кон употреба на алкохолот;
- Современи услови и начини на живот, како и најголемиот број стресни ситуации на кои се изложени луѓето.

### *3. 2. 2. 2 Последици од алкохолизмот*

Последици од алкохолизмот можат да се групираат во неколку поголеми групи:

- Здравствени последици (психички и психијатриски)

- Семејни последици (семејството како жртва на алкохолизмот): Семејството е жртва на алкохолизмот поради тоа што целокупниот интерес на алкохоличарот е ориентиран кон пиењето. Како последица се јавуваат пореметени брачни и односи со децата бидејќи алкохоличарот станува себичен, агресивен, долго отсуствува од дома, се осиромашува општествениот живот на семејството и тоа економски пропаѓа. Брачните кофликти и несоодветната родителска грижа неповолно влијаат врз развојот на децата кои и самите покажуваат пореметено однесување. Кај некои од нив се развива одвратност кон алкохолот, кај повеќето и самите стануваат алкохоличари - алкохоличарско семејство создава нови алкохоличари.
- Професионални последици (неефикасност на работно место)
- Општи социјални последици (пореметувања на односите со опкружувањето и средината).
- Економски последици (противречни интереси меѓу производителите на алкохолни пијалоци поради целта за остварување што поголем профит, тошоци како резултат на загубени работни денови, лечење).
- Социјални карактеристики. Поголемиот дел од лекуваните алкохоличари се на возраст 30 - 40 години. Повеќе се мажи во однос на жени со тенденција на нивно зголемување. Најчесто од алкохоличарите се разведени со ниска или средна чколска спрема.
- Психолошки карактеристики. Алкохоличарите се лабилни, пречувствителни, несигурни и депресивни лица. Исполнуваат неуротични реакции како импулсивност, несигурност, нетрпение, неспособност за контрола на афекти. Алкохоличарите се прикажуваат како емоционално и социјално пореметени личности. Кај голем дел од нив регистрирано е присуство на анксиозност, стресови, фрустрации во секојдневниот живот (Milosavljevic, 2004).

### *3. 2. 3. Наркотици и употреба на дрога*

Постојат голем број поими поврзани со земање дрога, кои всушност не се синоними. се употребува поимот *употреба на дроги* - подразбира употреба на било каква дрога без оглед на целта. Во стручната литература се среќава и поимот *злоупотреба на дроги* - користење на дроги кои не се во склоп на медицински цели и овој поим има осудувачки став. Во современата употреба, како потесен поим сесреќава и поимот *зависност од дроги и наркоманија* како поширок поим кој се однесува на поголем број зависности, но сепак најчесто се користи само како синоним за зависноста од дроги.

Најопшто *наркоманијата* подразбира секој вид земање дрога или било какви опојни средства кои создаваат било психичка било физичка зависност. Во најширока смисла, под *дрога* пак се подразбира секоја супстанца од природноили синтетизирано потекло која внесена во организмот предизвикува промени во една или повеќе психички, односно соматски функции на организмот. Поаѓајќи од ваквото одредување на поимот дрога, наркоманијата е најширок облик на зависност од супстанци.

Според Светската здравствена организација под *синдром на зависност* се подразбира состојба на психичка и физичка зависност која настанува кога лицето континуирано зема одредена или повеќе дроги, а вклучува желба за дроги а и нејзино зачестено земање како би се доживеале соодветните психички ефекти и ибеганале страдањата и пореметувањата предизвикани од лишувањето од дроги (апстиненцијален синдром).

*Зависник* е лице кое дошло во состојба на зависност од земање некој вид или повеќе дроги, што произлегува од интеракцијата меѓу организмот и дрогата, а се карактеризира со промени во однесувањето и други реакции на организмот, вклучува принуда дрогата повторно да се зема на трајна или периодична основа, со тоа што толеранцијата може но и мора да биде изменета.

*3. 2. 3. 1. Основни карактеристики на зависноста од droги*

Општите карактеристики на зависностите варираат зависно од видот на дрога, а можат да бидат:

- *Психичка зависност.* Посебна состојба на свеста која се состои во желба и потреба на луѓето за ефектите од дрогата кои ги докажуваат како пријатни и им носат задоволство или изменето доживување на реалноста. Дрогите имаат посебно дејство на перцепцијата, чувствата и расположението. Ова е општата карактеристика за сите типови droги.
- *Физичка зависност.* Општа адаптација на организмот на постојанотоприсуство на дрога бидејќи како последица од нејзиното доаѓање до промената на метаболизмот. Доколку нагло се прекине се земањето на дрога доаѓа до апстиннцијален синдром како психо - физичко пореметување за кое се карактеристични различни соматско - вегетативни и психички пореметувања, како зголемена температура, грчеви, мачнина и слично.
- *Толеранција.* Постепено опаѓање на дејството на дрогата, односно неможност саканиот ефект да се постигне со претходната количина на дрога која се внесувала во опрганизмот, поради што е потребно постојано да се зголемува дозата за да се постигнат истите ефекти.

Сите droги создаваат психичка зависност, доведуваат до промена на психичките својства и однесување, до физички (соматски) пореметувања, до пореметувања во функционирањето на социјалните односи и до психичко и социјално пропаѓање.

*3. 2. 3. 2. Наркоманијата меѓу младите*

Некои својства на младите луѓе како љубопитност, потребата за нови искуства, за самодоживување, за самоактуелизација и идентификација и воспоставување идентитет преку односите со други луѓе, се поволно тло за развој на наркоманијата. Кога се работи за наркоманијата кај младите големо значење имаат *наркоманските групи* (поради тоа што преку нив се остварува пристап до дрогата,

но и поради тоа што се битно обележје на наркоманската субкултура), за разлика од класичните наркомани кај кои постои индивидуално користење дрога. Кон формирањето на наркоманката субкултура и големо влијание има хипи движењето од 60 - тите годините на 20 век. Наркоманските групи го отсликуваат стилот на животот на млатите кои ги отфрлуваат доминирачките општествени вредности, а не се во состојба да понудат некои други, позитивни, креативни и иновативни вредности, а воедно тие се за нив место за повлекување и бегство од секојдневниот живот. Поради цврстината на овие групи кои се поврзани со интересите и организацијата на потрошувачи и дистрибутери на дрога, отежната е превенцијата, третманот и заштитата. Тие располагаат со посебни разработени методи на регрутирање нови зависници.

Важноста на наркоманските групи се состои во следното:

- Групата му овозможува илегална набавка на дрогата.
- Групата му пружа морална подршка и разбирање.
- Во група полесно се избегнуваат санкциите.
- Групата му овозможува решавање на егзистенционалните проблеми кои не може сам да ги реши.
- Групата има важна улога во однос на стекнување знаења и вештини на земање дроги.
- Преку взаемна групна комуникација се создава систем на рационализација како поебна идеологија поврзана земањето дроги (Milosavljevic, 2004).

# III МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Децата растат и живеат во променлив свет, кој носи промени во социјализацијата. За правилен развој на една личност од дете до возрасен, голема улога завзема, семејството и околината. Семејството има пресудна улога во развивање то и функционирањето на личноста на детето, младиот човек пред се во смисла на неговото социјализирање и оспособување за живот, создавање и прифаќање на моралните и општествени норми.

Денешните семејства се изложени на една динамичност и трка со времето, така што им е изгубена психолошката сигурност, а децата се препуштени сами на себе. Комуникацијата помеѓу членовите во семејствата полека почнува да опаѓа. Улогите во семејствата не се јасно дефинирани. Доколку се појави некој проблем најчесто се разрешуваат со расправии и караници. Улогите во семејствата не се јасно дефинирани. Децата сами размислуваат и одлучуваат, бидејќи често родителите немаат време за нив. Затоа статистички ако се разгледаат семејствата во Македонија ќе се дојде до заклучок дека повеќето од семејствата се од дисфункционален карактер. Но единствена грижа не може да се препише само на семејството, се разбира тука големо влијание има и пошироката средина вклучувајќи ги и училиштата. Училишната средина е важен извор, регулатор и коректор на бројните социјални проблеми. Затоа денешниоте деца се изложени на ризици кои доведуваат до отстапување од општествените норми и до појава на асоцијално однесување.

Од тука го поставувам проблемот: „ *Дали и колку семејната и училишна средина влијае врз појавата на асоцијално однесување кај учениците?* „

## 2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Основен предмет на истражувањето е да се утврди: „ ***Влијанието на семејството и училиштето врз појавата на асоцијално однесување кај учениците„***

***Семејството*** е најважен агенс кој има големо влијание во оформување на една личност. Семејството можеме да го посматраме од два аспекта: како примарна социјална група и како институција. Од тука семејството може да се дефинира како:

„ Животна заедница на определена група луѓе со заемни права и должности, поврзани меѓу себе со брак и со раѓање на деца во бракот или поврзани меѓу себе само со раѓање на деца или поврзани меѓу себе со правен акт (семејство што го сочинуваат посвоители и нивните посвоени деца) (Хаџивасилев, 1987).

Во истражувањето фокус на интерес когастанува збор за семејството ќе биде: семејната функција и дисфункција и семејната комуникација.

Семејството се раководи од едни непишани правила во секојдневното функционирање. Правилата можат да варираат во зависно од членовите на семејството и нивните односи. Најчесто се среќаваат ригидни и флексибилни правила. Проучување на ригидноста и флексибилноста на членовите на семејството на терапевтот му дава важни информации за комуникацијата и емоционалната блискост во семејството. Поради присуство или отсуство на комуникацијата и емоционалната блискост меѓу членовите се пројавуваат две поделби: функционално и дисфункционално семејство.

Самиот збор *"функционално"* се однесува на нешто што е способно да ја исполни својата цел или функција. Меѓутоа, не е можно со чиста аналогија да се дојде и до конечна дефиниција на функционалното семејство, бидејќи проценката дали е семејството функционално или не зависи од целите кои семејството ги има поставено, системот на вредности, животниот циклус и задоволувањето на економските и културни потреби.

Во *функционалните семејства* сите овие функции се остваруваат преку јасна комуникација во семејниот систем, ефективни улоги, додека семејните правила се разумни, релевантни и конзистентно се применуваат. Функционалниот семеен систем има карактеристики на отворен систем(јасни и динамични) и успешно функционира во контекст на поголемите системи(социјални, културни).

Јасно е дека функционалноста на семејствата зависи и од односот кој постои помеѓу членовите на семејството, но и односот на семејството со општеството. Примарната општествена задача на семејството е да обезбеди социјализација на индивидуите, односно да ги креира оние особини кај личноста кои ќе му овозможат подобра прилагодливост.

Функционалните семејства меѓу останатото, веројатно во голема мера одредуваат и кохезија. Заеднички дом, комуникација помеѓу членовите на семејството и интеракција со општеството.

Функционалното семејство има флексибилна структурна моќ со поделен авторитет, јасни семејни правила, ненарушени генерациски граници и стилот кој поттикнува здружување. Членовите на семејството имаат своја индивидуалност и способност да одредат блискост и дистанца, можат да поднесат несогласувања и неизвесност, слободно и спонтано комуницирање, прифаќаат различност и чувствителност на другите. Хумор, нежност и грижа се составни делови на семејната атмосфера. За конфликтот се говори отворено, а проблемите се идентификуваат и решаваат.

Терминот "дисфункционално" се однесува на нешто што погрешно функционира или воопшто не функционира. За разлика од функционалноста, многу е полесно да се разбере што претставува терминот дисфункционалност во еден семеен систем.

*Дисфункционалните семејства* пак имаат карактеристики на затворени системи - слаба размена на информации и ресурси во рамките и надвор од системот. Дисфункционалните семејства не се во можност успешно да се

справуваат со проблемите бидејќи имаат правила кои се фиксирани, арбитрирани и неконзистентно се применуваат.

Ако тргнеме од тоа дека секоја промена во текот на животниот циклус на едно семејство донесува стрес кој е нејзин неминомен процес, тогаш дисфункционалните семејства се оние семејства кои не се во состојба да се прилагодат на новонастанатите услови и кои не можат да се соочат со стресот без поголеми последици (Pinnes and Glip, 1982). Во таквите семејства постојат крајности кои се поврзани со нејзините членови, така што границите помеѓу членовите се избришани или изолирани од надворешниот свет без јасно формиран семеен идентитет со неприлагодливи и строги правила, или пак границите се толку отворени така што некритички се прифаќа се што доаѓа од надворешниот свет.

Улогите во дисфункционалните семејства не се јасно одредени, па често децата ги превземаат родителските улоги. Комуникацијата е нејасна, конфузна и контрадикторна, пораките не се слушаат или не се прифаќаат и постои само минимална вербална размена со чести манифестации.

Здраво семејство се користи со комуникација за да постигне функционално разрешување на конфликтот. Нездраво семејство, поради недостаток на методи на комуникација нема да се справи со конфликт на функционален начин (Milosavljevic, 2004).

Поради големата важност на улогата и функциите на семејството кога се зборува за било каков проблем кај детето, тој проблем се поврзува со семејството, односно семејната дисфункција. Најчесто семејството е средина во која се јавуваат социјалните проблеми или се спечува нивното настанување. Освен семејството како важен фактор може да се спомне и училиштето, бидејќи има големо влијание во воспитно-образовната функција.

***Училиште*** е организација или воспитно-образовна единица која врши настава од одреден вид, по одреден наставен план и програм, со еден или повеќе наставници, без оглед на тоа дали таа организација има самостојна управа или е под раководство на некоја друга управа (Трајковски, 1998).

*Општествените девијации* се облик на општествено делување односно човечка активност, чија суштина е во свесно делување на поединецот со кое се кршат општествените норми и кои се спротивни на вообичаеното однесување и очекување од групата, заедницата или глобалното општество.

Една општа типологија на општествените девијации направена од страна на (Milosavljevic, 2004) изгледа вака:

- Отсуствување или неможност за задоволување на потребите за егзистенција –сиромаштија, бездомништво.
- Извитоперување во содржините, облиците и начините за задоволување на човековите потреби - алкохолизам, зависности од дрога, проституција.
- Извитоперување на човековата есенцијална природа (неможност за искажување на човекот како работно и творечко битие - неписменост, невработеност, просјачење, коцкање.
- Пореметувања во однесувањето и односот на човекот кон другите луѓе – микросоцијални агресии, самоубиства, криминал, малолетничко престапништво.
- Пореметувања во функционирањето на човечките заедници и општествените институции - дезорганизација на бракот и семејсвото, бирократија.
- Судири во рамките на општествените, меѓудржавни и меѓународни - кризи и распад на на општествата, граѓански и верски судири, тероризам.

*Девијантното поведение* се дели на два типа: антисоцијално и асоцијално однесување. Се почеста е појавата на девијантните појави кај младите која на некој начин е предизвикана од општествени фактори. Такви девијантни појави се : малолетничката деликвенција, алкохолизмот, наркоманијата, проституцијата, пороците, агресијата и насилствата кои најчесто се јавуваат како последица на претходните и др. Тие девијантни појави кои го зафаќаат македонското општество се проследени со негативни санкции и неприфаќање од општеството.

Теоријата на неутрализација објаснува како оние кои имаат девијантно однесување го оправдуваат нивното девијантно однесување со приспособување на дефиницијата за нивното однесување и објаснувајќи си на самите себе и на другите за нивниот недостиг на вина за нивните постапки во одредени ситуации.

Девијантното однесување се нарекува секое однесување кое е несогласно и неадаптивно, каде несогласно е еднакво на непочитување на социјалните норми. Сепак, најдобар критериум за одредување на девијантно однесување е неговото ниво на дисфункција и негативно влијание врз поединецот. Ако однесувањето го нарушува индивидуалниот пораст и благосостојбата, најверојатно е дека тоа е несоодветно. Дури и угледно однесување може да биде девијантно ако истото предизвикува лична непријатност и го попречува социјалното функционирање на поединецот. Во психолошката литература, манифестацијата на девијантно однесување е често дефинирана како ментално растројство.

Во спротивно на нормално и девијантно однесување, мотивите на антисоцијалното однесување се засноваат на повреда на други поединци или на кршење на социјалните правила за сметка на личните интереси и придобивки. Оваа категорија на однесување во најголем случај вклучува деликвентни и криминални дела.

*„ Антисоцијално поведение претставува потежок степен на девијантно однесување во кое спаѓаат сите криминални појави „*

Асоцијалното однесување кај средношколците не е доволно истражено, особено од аспект на неговото значење како индикатор за предвидување на потешки облици на девијантно однесување во понатамошниот животен циклус од аспект на потребата за превенирање на девијантното однесување во најрана фаза, преку координирани мерки во рамките на училиштето, семејството и локалната средина и другите воспитни фактори.

***Асоцијално поведение*** е полесен степен на девијантно однесување кое го сочинуваат другите социопатолошки појави „ (Сулејманов, Стојановски, 2002) Тоа е поблаг вид на девијантност кај малолетниците и обично се состои од криење

на моралните или општоприфатените норми на општественото однесување„ (Milosavljevic, 2004).

Поимот асоцијално однесување се применува и различно дефинира во општествените науки. Најшироко надгледувано, ги опфаќа оние отстапувања во однесувањетоа кои ги означуваат неприфатливите норми на заедницата, без оглед на формата, содржината или последиците. Затоа, кога говориме за асоцијалното однесување, најчесто опфаќаме широка рамка на асоцијални постапки, започнувајќи од претерана непослушност па се до претстапничко однесување. На овие однесувања заедничко им е противењето на околината, општествените норми и обичаи што во голема мерка го отежнува и онемозможува нормалниот раст и развој, а за последица има ангажираност на различни служби на социјална заштита за превенција, откривање, испитување и третман (Видановиќ, 1991).

## 3. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 3. 1. Основна цел

Основна цел на истражувањето е да се утврди дали семејството и училиштето влијаат врз асоцијалното однесување кај учениците.

### 3. 2. Поединечни цели

Преку поединечните цели се прави обид да се утврди:

- Да се утврди дали големината на семејството резултира со појава на асоцијално однесување кај учениците.
- Колку степенот на образование и вработеност кај родителите влијае врз промените во однесувањето кај децата.
- Колку разговорите помеѓу членовите во семејството најчесто се причина за конфликтно однесување.
- На каков начин правилата и улогите во семејството влијаат врз однесувањето кај децата.

- Какви пораки упатуваат честите расправии и караници во семејствата врз децата.
- Како се одвива комуникацијата ученик - ученик, наставник - ученик, стручна служба - ученик.
- Која е причината за најголемите отсуства од часовите.
- Каква е улогата на стручните служби во превенција и надминување на проблемите што се јавуваат кај учениците.

### 3. 4. Практична цел

Од резултатите на оваа истражување се очекува да се добијат факторите т. е причинителите кои влијаат врз однесувањето на децата. Добиените резултати и целото истражување ќе биде на располагање на сите релевантни актери како што се :

- училишта,
- наставен кадар,
- стручни служби и др. кои ќе ги збогатат своите сознанија од оваа област.

Од истражувањето ќе произлезат и препораки за поуспешно согледување на состојбите во овој домен и за пружање на подршка на децата кои живеат во определени социјални ризици.

## 4. ХИПОТЕЗИ И ВАРИЈАБЛИ

### 4. 1. Општа хипотеза

Семејството и училиштето влијаат врз асоцијалното однесување кај учениците.

### 4. 2. Посебни хипотези

- Полот упатива на разлики во успех на учениците.
- Семејниот статус влијае врз однесувањето на учениците.

- Ако постои затвореност во комуникацијата помеѓу членовите на семејството тогаш се пројавуваат различни облици на асоцијално однесување кај децата.
- Отсуството на родителска помош и совет резултира со асоцијално однесување кај децата.

**4. 3. Поединечни хипотези**

- Машките деца за разлика од женските се повеќе склони кон физички конфликти.
- Учениците од 15 - 18год. возраст најчесто пројавуваат непослушност, спротивставување кон наставникот.
- Намалениот успех кај учениците резултира со чести тепачки, навреди, заплашување.
- Добриот и недоволен успех често упатуваат на бегање и отсуство од часовите.
- Реткиот разговор помеѓу родител - дете упатува на оштетување на училишенот инвентар и негово присвојување.
- Чести караници и расправии во семејството резултираат со тепачки и расправии во училиштето.
- Ако родителите немаат време за разговор или често ги критикуваат своите деца тогаш најчесто се јавуваат аберации во однесувањето кај ваквите деца.
- Видот на правила во семејството се одразува врз можноста за експериментирање со дроги.

## 5. ВАРИЈАБЛИ И ИНДИКАТОРИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

**5. 1. Независни варијабли и индикатори**

- Пол на ученикот : машки, женски.

- Националност : македонец/ ка, албанец/ ка, ром/ ка србин/ ка.
- Возраст: 13. 14, 15, 16, 17, 18 години.
- Поведение во тековната година: примерно добро, незадоволително.
- Успех: одличен, многу добар, добар, доволен, недоволен.
- Големина на семејство: до 2 члена, 3 - 4 члено семејство, 5 - 8 члено семејство, повеќе од 8 члена.
- Брачен статус: во брак, вдовец/ ца, разведен/ на, невенчани.
- Степен на образование на членовите: неписмен, основно, средно, више, високо.
- Статус на вработеност: вработен/ на, невработен/ на, прима пензија, корисник на социјална помош.
- Комуникација во семејството: ретко се разговара, разговор родител - родител, дете - дете, родител - дете.
- Начин на разрешување на проблем во семејството: смиреност, расправии, караници, физички пресметки, игнорирање.
- Со кој разговарам за некој проблем: родители(мајка, татко) брат сестра, дедо, баба, другари, наставник, психолог, педагог.
- Родителска помош или совет: внимателен разговор, советување, обвинување, критики, немање време.
- Правила во семејството: строги - крути, умерени, претерано флексибилни.
- Улогите во семејството: јасни, нејасни.
- Комуникација на семејството со надворешна средина; отворена, затворена.

## 5. 2. Зависни варијабли и индикатори

- Физички конфликт со ученик: потурнување, сопнување, тепачка.
- Вербален конфликт со ученик: навредување, заплашување, исмејување.
- Конфликт со наставник: непослушност, игнорирање, спротивставување, одмазда, поплаки кај директор, педагог, психолог, родители.

- Бегање од училиште: неспремност за час, досаден наставник, лутење на наставник, посета на интересни места.
- Доцнење на училиште; успивање, ненавремено спремање, без потсетување, заборавање на време.
- Подолгорочни отсуства од училиште: болест, преселба, работа со родители.
- Оштетување на училишен инвентор: шкртање, гребење по клупи, столчиња, ѕидови, цртање графити, присвојување предмети.
- Експерементирање со зависности: цигари, алцохол, дрога.

## 6. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ

Основната метода користена истражувањето е комбинираната квантитативно - квалитативна метода.

*Квалитативната метода* одговара на истражувачкиот проблем затоа што овозможува посеопфатно проучување на асоцијалното однесување.

„ Квалитативните методи се склони кон примена на попустливи, , помеки, , и поприродни техники како што е партиципативното набљудување. Квалитативната метода е свртена кон конкретниот случај –поединецот. Таа го истражува посебното специфичното, индивидуалното. , ,

„ Квантитативната метода се однесува кон прецизни, строги и објективни методи од видот на експеримент и анкета. Квантитативната метода е свртена кон законите што владеат во стварноста,, ( Галевска, 2009)

*Кванитативни техники:*

Со квантитативната метода ке се добијат податоци за распространетоста од асоцијалното однесување кај учениците. За целите на квантитативното истржување ќе се користи техниката анкетирање. За таа цел беше изготвен прашалник, со комбинација на прашања од затворен, отворен и полуотворен тип (види прилог1).

*Квалитативни техники:*

- Анализа на содржина ќе се користи за проучување на оваа појава во релевантната стручна литература како и законските акти, документи, прописи, стратегии.

Истражувањето беше спроведено на примерок од 100 ученика, од средно училиште. За анализа ќе се земат ученици од и СОУ „ Перо Наков„ Куманово.

Во ова истражување се вклучени 100 испитаника од втора година од средното училиште „ Перо Наков" од Куманово, од кои 100 се на возраст од 15 - 18 години. Сите учениците се со примерно поведение. Паралелките беа избрани по случаен избор.

# IV ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ

### 1. 1. Полова структура

Од аспект на половата припадност на истражуваните лица, ученици од женски пол се 68, наспроти ученици од машки пол се 32. Целта е да се покаже дали и колку полот има влијание врз успехот на учениците.

***Табела бр. 1. Структура на испитаници според пол и успех***

| *Пол* | *Успех* | | | | | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Незадоволителен** | **Доволен** | **Добар** | **Мн. Добар** | **Одличен** | |
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | |
| ***Машки*** | / | 3 (9, 4%) | 15 (46, 8%) | 5 (15, 6%) | 9 (28, 2%) | **32 (100%)** |
| ***Женски*** | / | 4 (5, 8%) | 32 (47, 1%) | 20 (29, 5%) | 12 (17, 6%) | **68 (100%)** |
| ***Вкупно*** | / | **7** | **47** | **25** | **21** | **100** |

Ако ги разгледаме податоците можеме да утврдиме дека учениците од двата пола покажуваат најголем процент на добар успех, каде женските се разликуваат од машките за 1%. Истото може да се потврди и кај многу добрите ученици каде подобар успех покажуваат женските за разлика од машките ученици. Кај доволниот и одличниот успех, повисок процент покажуваат учениците од машки пол. Генерално ако ја разгледаме скалата на успех, можеме да кажеме дека учениците од женски пол покажуваат поголем процент на среден успех, за разлика од машкиот, кај кои повеќе се застапени со доволен, но и со одличен успех.

### 1. 2. Семеен статус

Семејството како институција има големо влијание врз градбата на една личност. Семејната средина е примарен елемент на социјализација во која

емотивната атмосфера непосредно се одразува врз психичкиот и интелектуалниот развој на децата. Ако се земе како фактор семејната средина, тогаш мора да се разгледаат сите индикатори и варијабли кои влијаат врз самата средина, како што се: број на членови, брачен статус, образование на членовите, вработеност, правила во семејствата, комуникација.

***Табела бр. 2. Брачен статус на родителите на испитаниците и број на членови во семејството***

| *Број на членови* | *Брачен статус* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Во брак** | **Вдовец/ а** | **Разведени** | **Невенчани** | **Вкупно** |
| ***До 2*** | / | / | / | / | / |
| ***3 - 4*** | 46 (85, 2%) | 5 (9, 3%) | 2 (3, 7%) | 1 (1, 8%) | **54 (100%)** |
| ***5 - 8*** | 43 (95, 5%) | 2 (4, 5%) | / | / | **45 (100%)** |
| ***Над 8*** | 1 (100%) | / | / | / | **1 (100%)** |
| ***Вкупно*** | 90 | 7 | 2 | 1 | **100** |

Лицата кои го сочинуваат семејството, според табелата односно нивниот број на членови влијае врз брачниот статус. Според добиените податоци, забележуваме дека семејствата кај нас спаѓаат во кругот на потесни семејства, што од вкупно 100 испитаника, 54 семејства се со 3 - 4 члена, 45 се со 5 - 8 члена додека, само едно семејство е со над 8 члена. Според брачниот статус слободно можеме да кажеме дека 90% од семејствата се во брак, мал процент од 7% се вдовци, 2% разведени и дури едно семејсво невенчани. Доколку ја разгледаме бројноста на членовите и нивното влијание врз брачниот статус, ќе утврдиме дека во семејствата каде има повеќе членови(5 - 8), поголем процент од родителите се во брак 95, 5% само 4, 5% се вдовци, додека разведени и невенчани нема. За разлика кај семејствата со (3 - 4) члена, 85, 2% се во брак, вдовци 9, 3%, разведени 3, 7% и 1, 8% се невенчани, што укажува на разликата дека, дури за 10% кај овие семејства

бракот е разнишан. Процентот на вдовци е повеќе за половина од семејствата со(5 - 8) членови и се пројавуваат разведени родители и невенчани, додека кај семејствата со 5 - 8 члена ги немаше.

Кога сме веќе кај членовите на семејството во оваа табела можеме да разгледаме со кој живеат учениците во компарација со нивната полова припадност.

***Преглед бр. 1. Преглед на испитаниците според пол во однос на родител/ старател со кој живеат***

| *Со кој живее* | *Пол* | | |
|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | *Вкупно* |
| ***1 родител*** | 4<br>(50%) | 4<br>(50%) | 8<br>**(100%)** |
| ***2 родители*** | 27<br>(29, 7%) | 64<br>(70, 3%) | 91<br>**(100%)** |
| ***Друго*** | 1<br>(100%) | / | 1<br>**(100%)** |
| ***Вкупно*** | 32 | 68 | 100 |

Од вкупниот број на испитаниците можеме да утврдиме дека 91% живеат со двајца родители, 8% со еден родител и само еден ученик со друг старател. Според тоа најголем процент од децата живеат со двајца родители, додека има случаеви на деца кои се со еден родител од различни причини. Многу ретко децата живеат со друго лице како нивен старател. Инаку ако ја разгледаме анализата според пол ќе кажеме дека со 1 родител учениците живеат подеднакво 50%машки, 50% женски, но со двајца родители повеќето се женски 70, 3% за разлика од нив машките се 29, 7%.

Родителите се првата врска со средината за едно дете. Тие се првите учители на сопственото дете. Затоа како битни фактори ќе се разгледаат степенот на образование на членовите и нивниот работен статус.

***Табела бр. 3. Степен на образование на возрасните членови од семејствата на испитаниците и работен статус***

| Образование | Вработување | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработен | | Невработен | | Пензионер | | Друго | |
| | Мајка | татко | мајка | Татко | мајка | татко | мајка | Татко |
| ***Неписмен*** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| ***Основно*** | / | 5 | 9 | 3 | / | / | / | 1 |
| ***Средно*** | 43 | 56 | 31 | 10 | 1 | 3 | 1 | / |
| ***Више*** | 7 | 7 | 1 | 3 | / | / | / | / |
| ***Високо*** | 5 | 8 | / | / | / | / | / | / |
| ***Вкупно*** | **55** | **76** | **41** | **16** | **1** | **3** | **1** | **1** |

Добиените податоци покажуваат дека срепенот на образованието на членовите влијае врз вработувањето, а самото вработување врз економската состојба во семејството. Бидејќи днешното време се коси со голема безпарица, големо влијание има вработеноста на родителите. Резултатите укажуваат дека најголем процент од родителите се со средно образование од кои повеќето се вработени, но значителна е бројката и на невработени од кои мајките се во поголема бројност на невработени за разлика од татковците со средно образование. Помал процент се родители со високо и више образование за кои можеме да кажеме дака скоро сите се вработени, со многу мало присуство на невработеност. За разлика од нив, родителите со основно образование покажуваат поголем процент на невработеност.

Невработеноста, лошата економска состојба на семејствата, ги принудува родителите да побараат помош од Центарот за социјална работа.

Според тоа на прашањето: *Дали твоето семејство користи социјална помош од Центар за социјална работа,* 5% од испитаниците одговорија потврдно, додека 95% се изјаснија дека воопшто не примаат социјална помош. Тоа укажува дека економската состојба на семејствата од кои потекнуваат учениците вклучени во истражувањето и не толку алармантна. (приказ на Графикон бр. 1)

***Графикон бр. 1. Семејства корисници на социјална помош?***




Но сепак 5% од семејствата што примаат социјална помош и не се за занемарување. Токму кај овие семејства економската состојба е влошена од разни причини што може да доведе до семејни кризи, а тие самите се рефлектираат врз однесувањето на децата.

## 2. СЕМЕЈНА КОМУНИКАЦИЈА

Семејната комуникација е темел на се она што му се случува во животот на еден поединец. Кога станува збор за семејните односи, станува збор за градење на односи кои треба да бидат втемелени на здрава меѓусебна поврзаност на членовите во семејството. Основата на семејната комуникација ја чинат посебната безусловна љубов, почитта, разбирањето и меѓусебната поддршка на сите членови во семејството. Само семејствата во кои постои неизмерна комуникација можат успешно да опстојуваат.

Сефкупната атмосфера во односите на семејството зависи од квалитетот на односите меѓу родителите. Основата на воспитување и грижа за правилен развој на децата во семејствата по правило мора да ја водат родителите. Надзорот и контролата на однесувањето на децата од страна на родителите претставува еден предуслов за успехот на планот за позитивно насочување на децата. Сосема е поинаку кога родителите не им посветуваат доволно внимание и контрола на децата. Доколку постои меѓусебна нетрпеливост, непочитување, меѓусебни караници и разни конфликти, сето тоа рефлектира со негативни последици врз младите, односно до појава на асоцијативно однесување.

### 2. 1. Релации во комуникацијата

Развиената комуникација и интеракција се значајни за сите членови на семејството, а се од посебна важност за формирање на личноста на децата. Самата таа релација на комуникација доколку постои доведува до оформување на здраво семејство.

Кога сме веќе кај релациите на комуникација, тогаш можеме да ги проследиме преку анализа на следново прашае: "*Во моето семејство*: ______, каде како можни одговори беа понудени:

- ретко некој со кого разговара – што беше одговор на 7% од испитаниците,
- најчесто разговара - родител со родител, дете со дете – што е одговор на 16% од испитаниците, и
- често има разговор родител - дете, што е одговор на најголемиот дел од испитаниците, односно 77%.

Од податоците заклучуваме дека најчесто родителите разговараат со своите деца (77%). Комуникација се одвива и меѓу родителите и меѓу децата (16%), додека во мал број случаи (само 7%) учениците истакнале дека во нивното семејство ретко некој со некого разговара. Иако ова е мал процент сепак пројавува знаци на асоцијативно однесување. Зачително е присуството и на родител со родител или дете до дете, што најчесто може да доведе до недоразбирање помеѓу членовите, како резултат на непостојана отвореност помеѓу членовите и неправилниот избор на член за разговор. Честотата на разговор во семејството можеме да ја проследиме на графикон број 2.

***Графикон бр. 2. Разговор во семејтво***



За да функционира семејството како функционлно семејство, потребно е да постои разговор помеѓу членовите. Но тука се наметнува прашањето „ Дали децата во семјството своите разговори и проблеми ги споделуваат во кругот на семејството или надвор од него" што не заинтигира да истражиме: *"Кога јас имам некој проблем, најчесто разговарам со*: ", каде беа посочени следните надополнувања кои испитаниците имаа избор да ги забележат, по што се добиени следните резултати:

- 72% одговориле дека разговараат со родителите, од кои 56% со мајката и 16% со таткото, потоа,
- 22% разговараат со своите браќа и сестри,
- 1% разговараат со својата баба и
- 36% разговараат со своите другари/ ки.

Од самиот графикон забележуваме дека, најчеста комуникација се одвива во кругот на семејството, поточно децата повеќе се отворени со своите мајки отколку со своите татковци. Но исто така од големо значење на децата им се и нивните другари и другарки, што покажуваат резултатите дека со нив ги споделуваат своите разговори.

Ниту еден испитаник не се изјаснил дека разговара со наставник, психолог или педагог. Што алармира дека учениците воопшто немаат доверба во наставниците или стручните служби. Затоа е и оваа зачестеност на асоцијативното однесување во училиштата. Оваа анализа можеме да ја проследиме на графикон бр. 3.

***Графикон бр. 3. Разговор со избрано лице за решавање на проблем***




Кога постои некој проблем или децата имаат потреба од некаква помош или совет, најчесто разговараат со своите родители што можеме да го забележиме од претходниот графикон. Но каков е начинот на разговор помеѓу родителите и децата. Дел од испитаниците дури 76% имаат одговорено дека релациите на разговор со нивните родители се со внимателно сослушување и советување, додека 17% одговориле дека нив родителите ги обвинуваат и критикуваат во текот на разговорот и 7% одговориле дека родителите ги игнорираат, односно не покажуваат интерес за нивните разговори.

Ова прикажано на графикон бр. 4. изгледа вака:

***Графикон бр. 4. Разговори или совети со родители***




Ако се надоврземе на претходното прашање, слободно можеме да се изјасниме и за контролата на децата од страна на родителите.

Контролата на родителите, различно рефлектира во однесувањата кај децата. Според резултатите добиени, 78% одговориле дека секогаш се контролирани од своите родители, односно родителите сакаат да знаат каде се нивните деца, но понекогаш таа постојана контрола може да премине во “гушење” на децата од страна на родителите, така да доведе до промена во однесувањето кај сопствените деца. Дел од родитетелите 21% понекогаш ги контролираат своите деца, додека само1% воопшто не ги контролираат. Самите резултати од оваа прашање ни покажува дека повеќето деца кај нас се контролирани од своите родители, но и оние проценти кои покажуваат ретка контрола не смеат да се занемарат, бидејќи можеби баш тој процент е предупредувачки аларм за појава на нарушена комуникација и појава на асоцијативно однесување (види графикон бр. 5 ).

***Графикон бр. 5. Разговор и контрола од родителите***




## 2. 2. Разрешување на конфликти во семејството

Денешните современи семејства постојано се пропратени со конфликти од разлчно потекло. Конфликтите зависат од причините што ги предизвикале, што за нас е интересно да ги истражиме кои се вистинските причини што доведувааат до конфликт во семејствата.

Доколку започнеме во кругот на семејството ќе истражиме како бројноста на членовите влијае врз начинот на разрешување на конфликт. Сето тоа можеме да го проследиме преку понудената табела бр. 4.

***Табела бр. 4. Влијанието на бројот на членови во семејството и начинот на разрешување на конфликтите***

| ***Број на Членови*** | ***Начин на разрешување на конфликт*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Број на членови*** | ***Смирен разговор*** | ***Расправии и караници*** | ***Физички пресметки*** | ***Игнорирање*** | ***друго*** | ***Вкупно*** |
| ***До 2*** | / | / | / | / | / | / |
| ***3 – 4*** | 36 (66, 7%) | 13 (24, 1%) | 1 (1, 8%) | 4 (7, 4%) | / | 54 100% |
| ***5 – 8*** | 30 (66, 7%) | 13 (28, 9%) | / | 2 (4, 4%) | / | 45 100% |
| ***Над 8*** | 1 (100%) | / | / | / | / | 1 100% |
| ***Вкупно*** | 67 | 26 | 1 | 6 | / | 100 |

Од табелата можеме да истакнеме дека семејствата со број на членови 3 - 4, семејните конфликти ги разрешуваат по пат на смирен разговор, но од вкупните 54 семејства пак 24, 1% се служат со расправи и караници, 1, 8% со физички пресметки и 7, 4%семејства со игнорирање. Овие навидум ниски проценти ни укажуваат на присуство на конфликтни ситуации во семејствата и нивниот начин на справувување со конфликт. Истото до некаде се повторува и кај пошироките семејства од 5 - 8 члена каде ист процент од 66, 7% семејства се смирени додека разговараат, но 28, 9% семејства се расправаат и 4, 4% меѓусебно се игнорираат.

***Заклучок:*** Можеме да заклучиме дека во најголемиот дел од семејствата конфликтите се решаваат со смирен разговор, што е случај во 66 семејства на испитаниците. Но не може да се занемари податокот дека и кај потесните и кај пошироките семејства, присатни се караници и расправии, кои секако негативно влијаат врз развојот на една личност и самата таа личност пројавува знаци на асоцијативно однесување.

Врз начините за справување со конфликти влијае и брачниот статус на родителите/ старателите на децата.

На табелата бр. 5. е прикажан брачниот статус на родителите на испитаниците и реакцијата на родителите кога ученикот ќе им каже дека има некој проблем.

***Табела бр. 5. Брачниот статус на родителите и неговото влијание врз помошта на децата при истакнување на проблем***

| *Брачен статус* | *Вид на разговор за помош* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Внимателно ме слушаат | Ме обвинуваат и критикуваат | Немаат време и желба | Друго | Вкупно |
| ***Во брак*** | 69 (76, 7%) | 17 (18, 9%) | 4 (4, 5%) | / | 90 (100%) |
| ***Вдовец/ а*** | 7 (100%) | / | / | / | 7 (100%) |
| ***Разведени*** | 2 (100%) | / | / | / | 2 (100%) |
| ***Невенчани*** | 1 (100%) | / | / | / | 1 (100%) |
| ***Вкупно*** | 79 | 17 | 4 | / | 100 |

Од табелата можеме да истакнеме дека:

- Во најголемиот дел од семјствата на испитаниците се во брак при што таа група е и онаа во која кога детето ќе каже дека има некој проблем родителите внимателно го слушаат
- Во семејствата каде родителот е вдовец/ а, или се разведени, или невенчани, што е случај на 10 семејства исто така внимателно ги слушаат проблемите на децата
- Онаа категорија во која родителите ги обвинуваат и критикуваат децата кога ќе кажат дека имаат некој проблем е случај во 18, 7% од семејства чиишто родители се во брак.
- Состојбата во која родителите немаат време ни желба да ги ислушаат проблемите на своите деца за среќа е случај само во 4, 5% од семејства на родители во брак.

Оттука, можеме да заклучиме дека влијанието на брачниот статус на родителите има удел во вниманието кое им го посветуваат на децата, но не е од клучно значење, бидејќи како што можеме да забележиме групите во кои родителите ги обвинуваат и критикуваат децата и немаат време за нивните проблеми се исто така случаеви на деца чиишто родители се во брак, што баш овие резултати ни укажуваат дека конфликтите и незаинересираноста во семејствата се пројавуваат токму помеѓу брачните двојки.

Токму кога сме кај разрешување на конфликти можеме тоа да го разгледаме преку одговорите добиени од прашањето: "*Кога има конфликт (проблем) во семејството тој најчесто се разрешува*: " каде беше побарано испитаниците да дадат надополнување, при што се добиени следните резултати:

- 68% од испитаниците одговорија дека конфликтите се решаваат со смирен разговор,
- 25% надополнија дека конфликтите се разрешуваат со расправии и караници,
- 1% одговорија дека се решаваат со физички пресметки и
- 6% одговорија дека проблемите се надминуваат со игнорирање на истите.

Најчесто конфликтите во семејствата се разрешуваат со смирен раговор, но процентот од 25% не е за занемарување. Тоа укажува дека кај нас односно во нашите семејства зачестено се појавуваат расправии и караници, а понекогаш и физички пресметки. Игнорирање на проблемот од страна на родителите и нивната незаинтересираност е причина и за појава на конфликти и недоразбирања.

Сето ова прикажано на графикон бр. 6. изгледа вака:

***Графикон бр. 6. Начин на разрешување на конфликт во семејството***




Но самите конфликти во семејтвата имаат свои последици, како во кругот на семејството така и надвор од него. Ако ја разгледаме следнава табела, ќе забележиме како начинот на разрешување на конфликт влијае врз успехот на децата во училиштето и доведува до асоцијативно однесување.

***Табела бр. 6. Влијанието на разрешувањето на конфликтите во семејството врз успехот на учениците***

| *Успех* | *Начин на разрешување на конфликт* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Смирен Разговор** | **Расправии и караници** | **Физички пресметки** | **Игнорирање** | **Друго** | **Вкупно** |
| *1* | / | / | / | / | / | / |
| *2* | 3 (42, 8%) | 3 (42, 8%) | / | 1 (14, 4%) | / | 7 (100%) |
| *3* | 33 (70, 2%) | 10 (21, 3%) | 1 (2, 1%) | 3 (6, 4%) | / | 47 (100%) |
| *4* | 16 (64%) | 8 (32%) | / | / | / | 25 (100%) |
| *5* | 15 (71, 5) | 5 (23, 7%) | / | 1 (4, 8%) | / | 21 (100%) |
| *Вкупно* | 67 | 26 | 1 | 6 | / | 100 |

Табелата ни потврдува дека најголем процент разговорите се одвиваат преку смирен разговор, кој што резултира пак со различен успех кај учениците.

Кај учениците со *доволен успех* разговорите подеднакво се одвиваат, со употреба на смиреност, но и со караници и расправии, исто така со присуство на игнорирање од 14, 4%. За разлика од нив кај учениците со *добар успех*, најголем процент од разговорите се водат смирено од 70%, додека расправиите и

караниците се присутни дури 1/ 3 од вкупните ученици со добар успех, физичките пресметки и игнорирањето се присутни во помал процент. Учениците со *многу добар и одличен успех* разговорите дома ги водат смирено со 64% и 71%, додека и кај нив расправиите се присутни како 1/ 3 од вкупните испитаници од понудениот успех. Игнорирањето како начин на разговор во семејствата, се сретнува скоро кај сите ученици освен кај учениците со многу добар успех. Овде се потврдува хипотезата дека „ Честите караници и расправии резултираат со намален успех", каде сето тоа резултира со појава на асоцијативно однесување.

Начинот на разговор родител - дете има влијание врз успехот, што и самата табела покажува, бидејќи најголем процент на разговорите се смирени, а се присатни кај сите успеси а најмногу кај добриот успех. За разлика од нив пак караниците се присутни кај доволниот успех. Караниците и расправиите се показател за намалување на успехот кај учениците, но и нарушените семејни односи кои се рефлектираат во училиштата.

## 2. 3. Семејни правила и улоги

Во зависност од видот на семејството зависат и семејните правила и улоги. Нив ги поставуваат членовите, дел од членовите или еден член. Постојат семејства каде и воопшто не постојат правила и улоги. Поради овие разлики, нас не заинтересира да ги истражиме правилата и улогите во семејствата, но и нивните влијанија врз другите фактори во семејствата.

Врската помеѓу членовите во семејствата и поставувањето на правилата ја разгледување во следната табела.

***Табела бр. 7. Поставување на правила во семејствата и бројот на членови во семејството***

| *Број на членови* | *Поставување на правила* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Татко ми** | **Мајка ми** | **Татко ми и мајка ми заедно** | **Сите ние заедно** | **Вкупно** |
| *До2* | / | / | / | / | / |
| *3 – 4* | 5 | 1 | 27 | 21 | 54 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | (9, 3%) | (1, 8%) | (50%) | (38, 9%) | (100%) |
| ***5 – 8*** | 8 | 5 | 20 | 12 | 45 |
| | (17, 8%) | (11, 1%) | (44, 4%) | (26, 7%) | (100%) |
| ***Над 8*** | / | / | 1 | / | 1 |
| | | | (100%) | | (100%) |
| ***Вкупно*** | 13 | 6 | 48 | 33 | 100 |
| | (13%) | (6%) | (48%) | (33%) | (100%) |

Од приложеното на табелата можеме да истакнеме дека:

Во семејствата кои се сочинети од 3 - 4 членови во најголем процент (50%) правилата во семејството ги креираат двајцата родители заедно, за нешто помал процент од семејствата сите членови заедно (38%) ги поставуваат правилата во семејството, потоа во 9% од семејствата правилата ги поставува таткото и во најмал процент правилата ги одредува мајката.

Во семејствата кои се сочинети од 5 - 8 членови во најголем процент (44%) двајцата родители ги одредуваат правилата, во 26% од семејствата сите заедно ги донесуваат правилата, додека поретко само мајката или само таткото.

Во семејствата кои се сочинети од повеќе од осум членови, што е категорија со најмал процент, двајцата родители заедно ги поставуваат правилата.

***<u>Заклучок:</u>*** Оттука, можеме да истакнеме дека во поголемиот дел од семејствата двајцата родители заедно ги донесуваат правилата и во нешто помалку семејства родителите ги вклучуваат и децата пред да донесат некоја одлука за семејството. Што укажува на тоа дека нашите семејства најчесто се раководени од родителите, занемарувајќи ги барањата на сопствените деца.

Донесените на правила во секое семејство се различни, но се движат во една скала: претерано строги, умерени, претерано флексибилни (види графикон бр. 7).

***Графикон бр. 7. Вид на правила на однесување***




Овде сликовито можеме да забележиме дека во најголем процент од семејствата правилата на однесување се умерени (82%), што укажува на тоа дека сите членови во семејствата треба да бидат рамноправни, односно постојат почитувања и разбирања во семејствата. Но оние 6% на претерано строги и 12% на претерано флексибилни ја покажуваат онаа слика на претераност во семејствата што значи дека започнуваат или веќе постојат проблемите во семејствата.

Паралелно со правилата на членовите одат и нивните улоги односно обврски. Секој член од семејствата би требало да си има свои задолженија ко ќе ги исполнува. Но дали е тоа така да погледнеме на следниот графикон.

***Графикон бр. 8. Улоги во семејството***




Повеќето од улогите (обврските и задачите) во семејствата на нашите испитаници се јасни и прецизни, така да членовите си ги знаат нивните обврски. Но кај 35 % се пројавуваат недефинирани задачи, дури и да си ги знаат, воопшто не ги извршуваат, бидејќи се случува еден или до двајца членови да ги извршуваат

и нивните обврски. Како резултат на таквата занемареност на улогите кај дел од членовите, се појавуваат конфликти во семејството.

Од испитаниците беше побарано да дадат надополнување на следната фраза: "*Правилата на моето семејство најчесто ги поставува*: ",

- 12% одговориле дека правилата ги поставува таткото,
- 6% одговориле дека правилата ги поставува нивната мајка,
- 48% одговориле дека правилата ги донесуваат двајцата родители заедно и
- 34% одговориле дека сите заедно во семејството се договараат и ги донесуваат правилата.

За да постои разбирање и почитување во семејството треба да постојат и некои пропишани правила. Но кој ги пропишува правилата во семејството. Според анализите се забележува дека најчесто правилата во семејствата ги донесуваат родителите, што укажува на тоа дека децата можеби и воопшто не се прашани за нивното донесување. Затоа против своја волја можеби некогаш и ги спроведуваат тие правила, при што често се појавуваат конфликти во семејсвата (види графикон бр. 9).

***Графикон бр. 9. Поставување на правила***




Но поставените правила можат да рефлектираат и на друг начин. Оние деца кои се изложени на претерано строги или флексибилни правила, па дури оние кај кои правилата се умерени, можат да појават проблеми во училиштето. Да ја

разгледаме следнава табела правила наспроти оштетување на училишниот инвентар.

***Табела бр. 8. Влијанието на начинот на кој се донесуваат на правилата во семејството врз оштетувањето на училишниот инвентар од страна на учениците***

| *Правила во семејството* | *Оштетување на училишен инвентар* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Шкртам по клупи и столови | Сум скршил нешто | Оштетил / изгребал | Пишување графити | Присвојување инвентар/ реквизит |
| ***Татко ми*** | 13 | 5 | 6 | 1 | 4 |
| ***Мајка ми*** | 6 | 1 | 2 | 2 | 3 |
| ***Татко ми и мајка ми*** | 44 | 15 | 21 | 12 | 10 |
| ***Сите ние заедно*** | 27 | 5 | 10 | 5 | 4 |
| ***Вкупно*** | 90 | 26 | 39 | 20 | 21 |

Од табелата можеме да заклучиме дека:

- Во семејствата каде таткото ги донесува правилата учениците најчесто шкртаат по клупи, а најретко пишуваат графити
- Во семејствата каде мајката ги донесува правилата учениците најчесто шкртаат по клупи, а најретко кршат дел од инвентарот
- Во семејствата каде двајцата родители заедно ги донесуваат правилата учениците најчесто шкртаат по клупи, а најретко присвојуваат инвентар
- Во семејствата каде сите заедно ги донесуваат правилата учениците најчесто шкртаат по клупи, а најретко присвојуваат инвентар

Според добиените податици можеме да заклучиме дека најмногу оштетувања на училишниот инвентар се случуваат баш кај оние деца, кај кои семејните правила ги донесуваат нивните родители.

Да ја разгледаме следнава табела, на која ни се прикажани правилата во семејството наспроти експериментирањето на учениците со droги.

***Табела бр. 9. Влијанието на начинот на кој се донесуваат правила во семејствата на испитаниците врз нивното експериментирање на droги***

| ***Правила во семејство*** | ***Експерементирање со droги*** | | |
|---|---|---|---|
| | Цигара | алкохол | лесна drога |
| ***Претерано крути*** | 5 | 5 | / |
| ***Умерени*** | 61 | 75 | 7 |
| ***Претерано флексибилни*** | 8 | 12 | 4 |
| ***Вкупно*** | 74 | 92 | 11 |

Резултатите покажуваат дека правилата во семејствата различно влијаат. Во оние семејства каде правилата се претерано крути, децата се склони кон пушење и алкохол, но не користат drога. Во семејствата кај кои правилата се умерени покажуваат застрашувачки резултати и тоа тие деца пушат, конзумираат алкохол и се drогираат. Во семејствата каде се е флексибилно на прво место е конзумирање на алкохол, потоа пушење и користење на drога.

Оттука, можеме да заклучиме дека учениците кои потекнуваат од семејства каде правилата се премногу крути, во многу мал процент се подложни на експериментирање со droги, каде најчесто користат само цигари и алкохол. Додека пак, во семејствата каде правилата се умерени и претерано флексибилни учениците ги користат сите наведени пороци, но во најголем процент алкохолот.

Отука ни се потврдува хипотезата дека: „*Видот на правилата во семејствата се одразува врз можноста за експериментирање со droги*".

Исто така да го разгледаме влијанието на донесување на правилата врз експерементирање со droги.

***Табела бр. 10. Влијанието на донесувањето на правила во семејствата врз експерементирањетои со droги на учениците***

| *Правила во семејство* | *Експерементирање со дроги* | | |
|---|---|---|---|
| | Цигара | Алкохол | лесна дрога |
| ***Татко ми*** | 9 | 13 | 3 |
| ***Мајка ми*** | 6 | 6 | / |
| ***Татко ми и мајка ми*** | 35 | 42 | 10 |
| ***Сите ние заедно*** | 22 | 31 | 6 |
| ***Вкупно*** | 72 | 92 | 19 |

Ако ги разгледаме поединечно донесувањата на правила во семејствата ќе забележиме дека:

Децата од семејствата каде главен е таткото, во најголем процент конзумираат алкохол, додека приближно на тоа пушат цигари, а во најмал процент користат дрога.

Децата од семејствата каде правилата ги поставува мајката со ист процент пушат и пијат алкохол, но за разлика од другите не се дрогираат.

Во семејствата каде правилата ги поставуваат двајца родители, децата во најголем процент конзумираат алкохол и пушат цигари, но во исто време и повеќето од нив користат лесни дроги.

Исто така резултатите покажуваат дека и во оние семејства каде сите членови заедно ги донесуваат правилата, пушат цигари, конзумираат алкохол и користат дроги.

Како еден заклучок на сето ова можеме да извлечеме дека сите оние деца кои потекнуваат од семејствата каде правилата ги поставуваат родителите или сите заедно, се склони кон конзумација на наведените пороци.

## 2. 4. Комуникација на семејството со средината

За едно семејство нормално да функционира му е потребна комуникација. Секое отсуство на комуникацијата меѓу членовите но и со средината, резултира со некое пореметување кое се пројавува во различни облици. Најчестите промени како резултат на отсуство од комуникацијата се случуваат кај децата во семејствата.

Од испитаниците беше побарано да изберат еден од зададените одговори како продолжение на фразата: "*Моето семејство*: "

- 96% забележале дека нивното семејство е отворено за комуникација со други (пријатели, роднини, соседи) и
- 4% забележале дека нивното семејство е затворено за комуникација, односно ретко комуницираат со пријатели, роднини или соседи.

Високиот процент од 96% укажува дека нашите семејства се комуникатини, отворени, соработливи со други. Но се пројавуваат и семејства со затворена т. е. ограничена комуникација. Ваквите семејства комуницираат со мал круг на луѓе, дури некаде се сведуваат само на членовите во семејството, што резултира со ограниченост од самата околина, иновациите и случувањата (види графикон бр. 10).

***Графикон бр. 10. Вид комуникација во семејството***



## 2. 5. Проценката на целокупната семејна комуникација

Во истражувањето се направи и една анализа на целокупната комуникација кај испитаните лица.

***Графикон бр. 11. Проценка на целокупната комуникација во семејството***




*Од испитаниците беше побарано да ја одредат целокупната комуникација во нивното семејство со оцена од 1 до 5,* при што се добиени следните резултати:

- 1% одговориле дека комуникацијата е многу лоша,
- 4% одговориле дека комуникацијата е лоша,
- 27% одговориле дека комуникацијата е добра,
- 33% одговориле дека комуникацијата е многу добра и
- 35% одговориле дека комуникацијата во нивното семејство е одлична.

Од проследните резултати веднаш воочливо е дека во најголем процент одлично и многу добро комуницираат членовите во семејствата.

Но сепак има и испитаници кои комуникацијата ја оцениле како добра и како лоша.

Да разгледаме сепак какво е влијанието на целокупната комуникација врз учество на учениците во тепачки.

***Табела бр. 11. Влијание на целокупната комуникација во семејството врз учеството на децата во тепачки***

| *Целокупна комуникација во семејството* | *Учество во тепачки* |
| --- | --- |

| | Ниту еднаш | 1 - 2 пати | Повеќе од 3 | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|---|
| ***Лоша*** | 4 | 1 | / | 5 |
| | (80%) | (20%) | | (100%) |
| ***Добра*** | 34 | 14 | 12 | 60 |
| | (56, 6%) | (23, 4%) | (20%) | (100%) |
| ***Одлична*** | 19 | 10 | 6 | 35 |
| | (54, 3%) | (28, 6) | (17, 1%) | (100%) |
| ***Вкупно*** | 57 | 25 | 18 | 100 |
| | (57%) | (25%) | (18%) | (100%) |

Од табелата можеме да заклучиме дека:

- Во семејствата каде комуникацијата е лоша, на големо изненадување 80% од испитаниците ниту еднаш не учествувале во тепачка, додека 20% само еднаш учествувале во тепачка.
- Во семејствата каде комуникацијата е добра 56% од испитаниците ниту еднаш не учествувале во тепачка, 23% учествувале 1 - 2 пати и 20% од членовите на семејствата каде комуникацијата е добра повеќе од 3 пати биле учесници во тепачки
- Во семејствата каде комуникацијата е одлична 54% од испитаниците никогаш не учествувале во тепачка, 28% учествувале во тепачка 1 - 2 пати, додека 17% повеќе од 3 пати биле учесници во тепачки

Резултатите покажуваат дека учениците над 50% не се склони кон конфликти и тепачки. Но исто така неможе да се замижи на резултатите кои ги надминуваат 20% или 30%. Овие резултати алармираат на присуство на тепачки во училиштата кои ја потврдуваат хипотезата дека , , Ако постои затвореност во комуникација помеѓу членовите, тогаш се пројавуваат различни облици на асоцијално однесување”.

# 3. ВЛИЈАНИЕТО НА СЕМЕЈСТВОТО И УЧИЛИШТЕТО ВРЗ ОДНЕСУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА ВО УЧИЛИШТЕ

Семејната средина е примарен елемент на социјализација во која емотивната атмосфера непосредно се одразува врз членовите во семејството а најмногу врз децата. Таа семејна средина на некој начин се одразува во училиштето на децата каде тие таму почнуваат да пројавуваат различни облици на однесување. Затоа следниот дел ќе го посветиме на однесувањето на децата под влијание на семејната и училишната средина.

## 3. 1. Облици на асоцијално однесување во училиштето

Во истражувањето се истражува зачестеноста на следните облици на асоцијално однесување во училиштето: учество во конфликти, бегства и отсуства од училиште, оштетување на училишен инвентар како и пробаторство на droги.

### *3. 1. 1. Учество во конфликти*

Училиштето е институција во која се одвиваат најважните воспитни и образовни процеси, социјализација на личноста и оспособување за престојните работни и општествени функции. Организираноста, програмските содржини и наставно - образовен процес, влијаат врз развојот на младата личност и нивното општествено однесување. Процесот на воспитание е многу важен. Тој започнува во семејството а потоа продолжува во училиштето и социјалната средина. Но, доколку дојде до занемарување на овој процес, започнува нов процес кој отстапува од нормалните вредности во развивањето кај една личност. Тогаш доаѓа до промена на однесувањето кое се манифестира најчесто во училиштето и социјалната средина.

Конфликтите што се случуваат во училиштето можеме да ги разгледаме преку повеќе компаративни анализи.

На табелата е прикажано учеството на учениците во тепачки, како начин за справување со конфликтите, во однос на тоа колку често се случува од страна на момчињата и девојчињата.

***Табела бр. 12. Учество на учениците во тепачки по пол***

| *Пол* | *Учество на ученици во тепачки* | | | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|
| | Ниту еднаш | 1 - 2 пати | 3 и повеќе | |
| *Машки* | 11 | 11 | 10 | 32 |
| | (34, 4%) | (34. 4%) | (31, 2%) | (100%) |
| *Женски* | 45 | 15 | 8 | 68 |
| | (66, 1%) | (22, 1%) | (11, 8%) | (100%) |
| *Вкупно* | 56 | 26 | 18 | 100 |
| | (56%) | (26%) | (18%) | (100%) |

Од табелата можеме да исакнеме дека:

- Дури 34% од момчињата никогаш не ги решаваат конфликтите со тепачка, додека тоа е случај кај 66% од девојчињата кои ниту еднаш патот до разрешување на конфликтот не го наоѓаат преку насилство
- 35% од момчињата 1 - 2 пати ги решавале конфликтите со соученикот со тепачка, додека тоа е случај кај 22% од девојчињата
- 31% од момчињата повеќе од три пати се одлучиле конфликтот со соучениците да го решат преку тепачка, што е случај кај само 11% од девојчињата

***Заклучок:*** Оттука можеме да заклучиме дека според полот момчињата се поагресивни од девојчињата, имаат помалку трпение и се посклони кон разрешување на конфликтите преку физички напади, односно тепачки. Тука ни се потврдува хипотезата што ја имавме претходно поставено: „ Машките деца за разлика од женските повеќе се склони кон физички конфликти”.

На прашањето *дали учениците кои учествуваа во истражувањето учествувале во тепачки со други ученици/ чки,* беа добиени следните одговори:

- 59% одговориле дека ниту еднаш не учествувале во тепачки,
- 24% одговориле дека учествувале во тепачка 1 до 2 пати, и
- 17% одговориле дека повеќе од 3 пати учествувале во тепачка.

Резултатите укажуваат дека учениците поретко учествуваат во тепачки. Но самиот факт дека 24% одговориле дека учествувале 1 - 2 пати или 17% 3 и повеќе пати, укажува дека тепачките меѓу учениците се присатни и дека не се за занемарување.

Ова прикажано на графикон бр. 12. изгледа вака:

***Графикон бр. 12. Учество во тепачки***




Од претходниот графикон забележавме дека дел од учениците почесто учествуваат во тепачки, но причините за ваквото однесување сеуште не го знаеме. Затоа ќе започнеме со семејството и неговото влијание на разрешување на конфликт во конпарација со тепачките кај учениците.

***Табела бр. 13. Влијанието на разрешувањето на проблеми во семејството врз учеството на тепачки на децата со своите соученици***

| *Разрешување на проблем* | *Учество во тепачка* | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ниту еднаш | 1 - 2 пати | Повеќе од 3 | Вкупно |
| *Смирен разговор* | 38 (56, 7%) | 17 (25, 4%) | 12 (17, 9%) | 67 (100%) |
| *Расправии и караници* | 18 (69, 2%) | 5 (19, 3%) | 3 (11, 5%) | 26 (100%) |
| *Физички пресметки* | 1 (100%) | / | / | 1 (100%) |
| *Игнорирање на проблем* | 3 (50%) | 3 (50%) | / | 6 (100%) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Друго*** | / | / | / | / |
| ***Вкупно*** | 60 | 25 | 15 | 100 |

Од табелата можеме да истакнеме дека:

- Оние ученици кои во своите семејства најчесто ги решаваат проблемите со смирен разговор (56%) ниту еднаш не учествувале во тепачка, 25% од оние семејства каде проблемите се решаваат преку расправии и караници исто така никогаш не учествувале во тепачки
- Во 25% од семејствата каде проблемите се решаваат по смирен пат нивните деца 1 - 2 учествувале во тепачка, и во 17% од овие семејства нивните деца учествувале во тепачка повеќе од три пат
- Во оние семејства каде проблемите се решаваат со расправии и караници 19% од децата учествувале 1 - 2 пати во тепачка, додека 11% повеќе од три пати учествувале во тепачка
- Од оние семејства кои конфликтите ги решаваат со игнорирање на проблемот 50% ниту еднаш не учествувале во тепачка, додека останатите 50% учествувале 1 до 2 пати.

***Заклучок:*** Оттука можеме да истакнеме дека најголемиот дел од учениците со асоцијално однесување потекнуваат од семејства во кои проблемите не се решаваат туку се игнорираат, во семејствата каде проблемите се решаваат со расправии и караници, но во најголем процент оние во кои проблемите се решаваат по смирен пат? Зошто е ова случај? Можеби не се посветува доволно внимание на детето па има потреба лутината да ја "истури" надвор од семејството. Овде не можеме целосно да ја потврдиме хипотезата: , , Честите караници и расправии во семејството резултираат со тепачки и расправии во училиштето".

Ако ги проследиме одговорите на прашањето: "*Кога сум во конфликт со некој ученик сум се користел со*: ", при што како одговори беа понудени:

навредување, заплашување, исмејување, поттурнување/ сопнување, по што беше побарано да се забележи и дали тоа е често, ретко или никогаш, ќе ги добиеме прикажаните резултати.

***Графикон бр. 13. Примена на погрдни зборови при конфликт – навреда со ученици***




Приказ на примена на заплашување на испитаниците кон другите ученици со кои биле во конфликт.

***Графикон бр. 14. Конфликт со ученик со примена на заплашување***




Приказ на примена на исмејување на испитаниците кон другите ученици со кои биле во конфликт.

***Графикон бр. 15. Конфликт со ученик со примена на исмејување***




Приказ на примена на поттурнување/ сопнување на испитаниците кон другите ученици со кои биле во конфликт.

***Графикон бр. 16. Конфликт со ученик со примена на поттурнување - сопнување***




Ако внимателно ги разгледаме понудените графикони, веднаш е воочливо дека нашите ученици се користат со погрдни зборови и навреди во нивната слободна комуникација. Често се користат со меѓусебно исмејување, заплашување, поттурнување и сопнување. Сите овие манифестации во училиштата алармираат на појава на асоцијално однесување.

Но исто така овие погрдни зборови учениците почнуваат да ги манифестираат и врз наставниот кадар. Дали е тоа така извршивме вкрстување на успехот на учениците со начинот на разрешување на конфликт со наставник.

***Табела бр. 14. Влијанието на успехот врз начинот на разрешување на конфликтот со наставникот***

| *Успех* | *Разрешување на конфликт со наставник* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Не го правам тоа што ќе ми каже** | **Игнорирање** | **Спротивставување** | **одмазда** | **Жалба кај директор** | **Жалба кај педагог/ психолог** | **Ги повикува своите родители** | **Бегање од часови** |
| *1* | / | / | / | / | / | | / | / |
| *2* | 5 | 6 | 6 | 2 | / | / | / | / |
| *3* | 33 | 32 | 35 | 6 | 7 | 13 | 12 | 14 |
| *4* | 16 | 17 | 21 | 1 | 4 | 6 | 6 | 8 |
| *5* | 13 | 16 | 17 | 1 | 5 | 7 | 5 | 4 |
| ***Вкупно*** | **67** | **71** | **46** | **10** | **16** | **26** | **23** | **31** |

Од табелата веднаш е воочливо дека учениците со добар успех, најмногу се користат со сите начини на разрешување на проблем од кои најмногу користат спротивставување. Веднаш по нив се учениците со многу добар и одличен успех кои исто така се користат со начинот на спротивставување кон наставникот. Учениците со доволен успех се користат истовремено и со спротивставување, но и со игнорирање.

***Заклучок:*** Оттука, можеме да заклучиме дека без оглед на постигнатиот успех во училиштето сите групи на ученици на ист начин се справуваат при настанувањето на конфликт со наставникот, односно најчесто тие му се спротивставуваат на наставникот со цел да докажат дека тие се во право, а најретко одлучуваат да му се одмаздат.

На следниве графикони бр. 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23. ќе ни бидат прикажани конфликти со наставник, каде како можни одговори беа понудени:

- Не го правам тоа што ќе ми го каже
- Го игнорирам наставникот

- Се спротивставувавам (сакам да докажам дека сум во право)
- Му подметнувам нешто за да му се одмаздам
- Одам и се жалам кај директорот
- Ги викам мајка ми и татко ми
- Не одам на неговите часови

По што за секој од овие можни одговори требаше да се забележи дали тоа се случува често, ретко или никогаш. Сето ова ќе биде прикажано на засебни графикони со цел подобро да се разгледа ситуацијата.

Испитаниците кои кога се во конфликт со наставникот, *не го прават она што тој ќе им го каже,*

- 24% често не го прават побараното од наставникот,
- 44% ретко се случува да не го послушаат наставникот и
- 32% секогаш го слушаат наставникот. (графикон бр. 17. )

***Графикон бр. 17. Конфликт со наставник***




Испитаниците кои кога се во конфликт со наставникот *го игнорираат,* е одговор на

- 31% од испитаниците кои често го прават тоа,

- 33% одговориле дека ретко го игнорираат наставникот и
- 32% никогаш не го игнорираат наставникот при конфликт (графикон бр. 18).

***Графикон бр. 18. Игнорирање на наставник***




Испитаниците кои кога се во конфликт со наставникот му *се спротивставуваат,* односно сакаат да докажат дека се во право

- 37% често го прават тоа,
- 41% ретко го прават тоа и
- 22% никогаш не му се спротивставуваат на наставникот.

***Графикон бр. 19. Спротвставување на наставник***



Испитаниците кои по конфликт со наставникот му *подметнуваат нешто со цел да му се одмаздадат,*

- 3% од испитаниците често го прават тоа,
- 8% ретко го прават тоа и мнозинството, односно
- 89% од испитаниците не му се одмаздуваат на наставникот.

***Графикон бр. 20. Одмазда кон наставник***




Испитаниците кои по конфликт со наставникот одат и се *жалат кај директорот,*

- 1% често се жалат кај директорот
- 13% ретко се жалат кај директорот, и
- 86% никогаш не одат да се жалат кај директорот.

***Графикон бр. 21. Поплаки кај директор***



Испитаниците кои по конфликт со наставникот одат *и се жалат кај педагогот или психологот на училиштето:*

- 1% често го прават тоа
- 21% ретко го прават тоа, и
- 78% никогаш не одат да се жалат кај педагог/ психолог

***Графикон бр. 22. Поплаки од учениците кај стручна служба***




Испитаниците кои по конфликт со наставникот ги викаат своите родители:

- 3% често ги повикуваат своите родители
- 19% ретко ги повикуваат родителите, и
- 78% никогаш не го прават тоа.

***Графикон бр. 23. Ученик при конфликт со наставник ги повикува своите родители***




Испитаниците кои по конфликт со наставникот повеќе не ги посетуваат неговите часови:

- 8% често престануваат да одат на часовите на тој наставник
- 21% ретко одат на часовите на тој наставник по конфликтот, и
- 71% и понатаму ги посетуваат часовите

***Графикон бр. 24. Бегство од часовите на наставникот со кој ученикот е во конфликт***




Од понудените графикони јасна слика се гледа дека учениците како начини за справување со наставник *ретко* се користат со одбивање на задолженијата кои им ги дава наставникот, спротивставување на наставникот, игнорирање, бегање од часови и во помал процент поплаки кај родителите. Јасно се гледа дека *често* се користат со спротивставување, игнорирање. Во многу мал процент односно *никогаш* не се користат со одмазда, поплаки кај директор и стручна служба.

Бидејќи како учениците користат начини за справување со наставник да видиме тие начини дали потекнуваат од кругот на семејството или поточно дали образованието на родителите влијае врз тоа.

***Табела бр. 15. Влијанието на образованието на родителите врз начинот на кој учениците се справуваат со наставникот при конфликт***

| *Степен на образование* | | *Разрешување на конфликт со наставник* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Не го правам тоа што ќе ми каже** | **Игнорирање** | **Спротивставување** | **Одмазда** | **Жалба кај директор** | **Жалба кај педагог/ психолог** | **Ги повикува своите родители** | **Бегање од часови** |
| ***Неписмен*** | | / | / | / | / | / | | / | / |
| ***Основно*** | *м* | 5 | 5 | 6 | / | 1 | 1 | 1 | 1 |
| | ***т*** | 4 | 6 | 3 | / | / | / | 1 | / |
| ***Средно*** | *м* | 56 | 60 | 55 | 11 | 10 | 21 | 20 | 25 |
| | ***т*** | 55 | 55 | 54 | 11 | 11 | 18 | 16 | 20 |
| ***Вишо*** | *м* | 4 | 8 | 10 | / | 2 | 2 | 2 | 4 |
| | ***т*** | 7 | 8 | 10 | / | 3 | 3 | 2 | 4 |
| ***Високо*** | *м* | 2 | 3 | 3 | / | 1 | 1 | / | / |
| | ***т*** | 5 | 6 | 7 | 1 | / | 2 | 1 | 2 |

Од табелата можеме да истакнеме дека:

- Учениците чијашто мајка има завршено само основно образование, конфликтите со наставниците ги разрешуваат со спротивставување, додека оние чиишто татко има завршено само основно образование, конфликтите ги разрешуваат со игнорирање
- Учениците чијашто мајка има завршено средно образование, конфликтите со наставниците ги разрешуваат со спротивставување, додека на оние ученици чиишто татковци завршиле средно образование проблемите со наставниците ги решаваат со игнорирање и не го прават она што ќе го побараат тие од него
- Учениците чиишто мајка и татко имаат завршено вишо образование најчесто конфликтите со наставниците ги решаваат со спротивставување

- Учениците чијашто мајка има завршено високо образование, конфликтите со наставниците ги решаваат со игнорирање и спротивставување, додека од аспект на високо образование на таткото, конфликтите ги решаваат со спротивставување.

***Заклучок:*** Оттука, можеме да заклучиме дека и од аспект на степенот на образование на родителот, учениците конфликтите со наставниците најчесто ги разрешуваат со спротивставување. Она што е интересно да споменеме е дека учениците чиишто родители имаат завршено средно образование се единствени во групата кои се одлучуваат и за разрешување на конфликтите со наставниците со одмазда.

Од претходната табела добивме податок дека почнува да се појавуваат различни облици на конфликт од страна на учениците врз професорите. Според тоа да разгледаме од каде тие конфликти во училиште, можеби начините на разрешување на проблемите во семејствата имаат влијание.

***Табела бр. 16. Влијанието на разрешување на проблемите во семејствата на учениците врз решавањето на конфликтите со наставниците***

| *Разрешување на проблем* | *Разрешување на конфликт со наставник* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Не го правам тоа што ќе ми каже | Игнорирање | Спротивстављување | Одмазда | Жалба кај директор | Жалба кај педагог/ психолог | Ги повикува своите родители | Бегање од часови |
| *Смирен разговор* | 47 | 42 | 51 | 6 | 5 | 12 | 11 | 15 |
| *Расправии и караници* | 14 | 20 | 23 | 4 | 7 | 8 | 7 | 9 |
| *Физички пресметки* | 1 | / | 1 | / | 1 | 1 | / | / |
| *Игнорирање на проблем* | 4 | 6 | 5 | / | 1 | 1 | 2 | 4 |
| *Друго* | / | / | / | / | / | / | / | / |
| *Вкупно* | 66 | 68 | 80 | 10 | 14 | 21 | 20 | 28 |

Учениците кои во склопот на своето семејство конфликтите ги решаваат по мирен пат, кога запаѓаат во конфликт со наставникот тие најчесто им се спротивставуваат , потоа не ги извршуваат задолженијата понудени од наставникот и се користат со игнорирање.

Учениците во чии семејства конфликтите се решаваат со расправии и караници, најчесто со наставниците конфликтите ги решаваат со спротивставување, се со цел да докажат дека се во право, додека најретко со одмазда.

Додека учениците кои потекнуваат од семејства во кои конфликтите најчесто се решаваат со игнорирање истото го прават и на училиште, со наставниците се справуваат со игнорирање.

Најредок случај на справување со конфликти во семејствата се физичките пресметки. Децата кои потекнуваат од овие семејства најчесто проблемите ги решаваат со спротиставување или поплаки кај директор или стручна служба.

***Заклучок:*** Оттука можеме да заклучиме дека учениците кои потекнуваат од семејства каде конфликтите се решаваат со смирен разговор, но и оние каде проблемот се решава со расправии и караници, најчести начини за решавање на конфликт со наставник ги користат: спротивставување, одбивање обврски и игнорирање. Но исто така се забележува дека има ученици кои се користат и со бегање од часови.

На табелата е претставен начинот на кој родителите им помагаат на децата да се справат со проблемите на кои тие наидуваат и начинот на кој учениците ги решаваат проблемите со наставниците.

***Табела бр. 17. Влијанието на помошта на родителите врз начинот на разрешување на конфликт на учениците со наставниците***

| *Помош од родители* | *Разрешување на конфликт со наставник* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Не го правам тоа што ќе ми каже** | **Игнорирање** | **Спротивставување** | **Одмазда** | **Жалба кај директор** | **Жалба кај педагог/ психолог** | **Ги повикува своите родители** | **Бегање од часови** |
| ***Внимателно слушаат*** | 53 | 52 | 56 | 8 | 9 | 14 | 15 | 20 |
| ***Обвинуваaат и критикуваат*** | 10 | 12 | 15 | 3 | 6 | 7 | 6 | 7 |
| ***Немаат желба*** | 3 | 3 | 3 | 2 | / | / | / | / |
| ***Вкупно*** | 66 | 67 | 74 | 13 | 15 | 21 | 21 | 27 |

Од табелата можеме да заклучиме дека:

- Учениците кои кога ќе наидат на проблем разговараат со родителите го водат со внимателно слушање и разбирање од страна на родителите, конфликтите со наставник најчесто се одвиваат преку: спротивставуваат, како втор најчест одговор е наведено дека не го прават она што им го бара наставникот и како трето, проблемот го решаваат со игнорирање, но исто така и со бегање од часовите.
- Учениците чиишто родители насместо да ги ислушаат, ги обвинуваат и критикуваат, исто така најчесто во конфликт со наставникот му се спротивставуваат.
- Учениците чиишто родители при изјаснување на проблем од страна на детето немаат желба или време да го ислушаат, конфликтите со наставниците во ист процент ги решаваат преку: спротивставување, игнорирање или не го прават она што го бара наставникот од нив.

***Заклучок:*** Оттука можеме да заклучиме дека начинот на кој се однесуваат родителите кога децата им кажуваат одреден свој проблем воопшто нема влијание на начинот на кој тие се справуваат со наставниците при конфликт. Сите наведени

групи ученици најчесто конфликтите со наставниците ги решаваат со спротивставување како мерка за докажување на својот став.

Во следнава табела да го разгледаме начинот на кој учениците се справуваат со наставниците и влијанието на лицето со кое тие најчесто разговараат кога имаат некој проблем.

***Табела бр. 18. Влијанието на разговор за проблемите со најблиските врз начинот на разрешување на конфликтот со наставникот***

| *Разрешување на проблем со одредена личност* | *Разрешување на конфликт со наставник* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Не го правам тоа што ќе ми каже** | **Игнорира ње** | **Спротивст авување** | **Одмазда** | **Жалба кај директор** | **Жалба кај педагог/ психолог** | **Ги повикува своите родители** | **Бегање од часови** |
| ***Родители мајка*** | 31 | 22 | 31 | 4 | 3 | 7 | 12 | 14 |
| ***Татко*** | 12 | 19 | 13 | 2 | / | 3 | 2 | 6 |
| ***Брат/ сестра*** | 15 | 18 | 18 | 1 | 5 | 7 | 3 | 6 |
| ***Баба/ дедо*** | 1 | 1 | 1 | / | / | / | / | / |
| ***Наставник*** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| ***Психолог*** | / | / | 1 | / | 1 | 1 | 1 | / |
| ***Педагог*** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| ***Другарки*** | 33 | 32 | 34 | 7 | 5 | 7 | 9 | 11 |
| ***Друго*** | 1 | / | 1 | / | 1 | 1 | / | / |
| ***Вкупно*** | 93 | 92 | 99 | 14 | 15 | 26 | 27 | 37 |

Учениците кои за своите проблеми разговараат со нивната мајка најчесто при конфликт со наставникот тие како мерка за разрешување се спротивставуваат или не го прават она што го бара наставникот од нив. Оние кои за своите проблеми разговараат со нивниот татко како мерка за разрешување се служат со игнорирање. Од табелата можеме да забележиме дека учениците најчесто разговараат со своите другарки каде како мерка против наставникот се користат со спротивставување.

Да го разгледаме влијанието на донесување на одлуки во семејството врз конфликт со наставник

***Табела бр. 19. Влијанието на носењето одлуки во семејството на учениците врз начинот на разрешување на конфликти со наставникот***

| *Правила во семејството* | *Разрешување на конфликт со наставник* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Не го правам тоа што ќе ми каже** | **Игнорирање** | **Спротивстававување** | **Одмазда** | **Жалба кај директор** | **Жалба кај педагог/ психолог** | **Ги повикува своите родители** | **Бегање од часови** |
| ***Татко ми*** | 10 | 12 | 11 | 3 | 1 | 2 | 5 | 6 |
| ***Мајка ми*** | 4 | 5 | 4 | 1 | 1 | 2 | 1 | 4 |
| ***Татко ми и мајка ми*** | 32 | 31 | 34 | 3 | 7 | 11 | 7 | 13 |
| ***Сите ние заедно*** | 22 | 22 | 28 | 5 | 5 | 8 | 8 | 9 |
| ***Вкупно*** | 68 | 70 | 77 | 12 | 14 | 23 | 21 | 32 |

Од табелата можеме да го истакнеме следното:

- Во семејствата на испитаниците каде најчесто правилата ги носи таткото, учениците како начин за разрешување на конфликтите со наставниците го избираат игнорирањето, а најретко жалбата кај директорот

- Во семејствата каде најчесто правилата ги донесува мајката, учениците како начин на разрешување со наставникот исто така се служат со мерка игнорирање, а најретко одмазда, жалба кај директорот и повикување на родителите
- Во семејствата каде правилата ги донесуваат двајцата родители, учениците при конфликт со наставникот најчесто проблемот го решаваат со спротивставување, а најретко со одмазда

- Во семејствата каде сите заедно ги донесуваат правилата, најчесто проблемите со наставникот ги решаваат со спротивставување, а најретко со одмазда и жалба кај директорот.

***Заклучок:*** Оттука, можеме да заклучиме дека децата кои потекнуваат од сложни семејства каде двајцата родители или сите членови заедно ги донесуваат правилата повеќе се борат за своите права, додека пак децата кај кои едниот родител е подоминантен или пак детето живее со само еден родител, најчесто при конфликт со наставникот се повлекуваат, односно го решаваат проблемот со игнорирање.

### *3. 1. 2. Бегства и отсуства од училиште*

Во следново поглавје ќе ги разгледаме причините кои доведуваат до бегства и отсуства од училиште.

Од испитаниците беше побарано да одговорат на прашањето , , *Од кои причини најчесто бегаат од часови"*, каде како можни одговори беа понудени:

- Не сум спремен
- Не ми е интересен часот
- Лут/ а сум му на наставникот
- За да одам некаде со другарите/ ките (интернет кафе, кафуле и сл)

По што за секој од понудените одговори беше потребно да забележат колку често се случува тоа. За да можеме појасно да го претставиме ова, секој одговор ќе биде посочен во засебни графикони.

Испитаниците кои забележале дека бегаат од часовите поради тоа што не се подготвени за часот:

- 40% одговориле дека неподготвеноста за часот е честа причина за бегање од часот
- 40% одговориле дека ретко бегаат од часови поради неподготвеност, и
- 20% одговориле дека причината да бегаат од часови никогаш не е неподготвеноста за часот.

***Графикон бр. 26. Бегство од часови***




Испитаниците кои забележале дека бегаат од часовите поради тоа што не им е интересен часот:

- 25% одговориле дека често бегаат од часот поради тоа што не им е интересен предметот
- 38% одговориле дека ретко бегаат од часови од оваа причина, и
- 37% одговориле дека никогаш не бегаат од часови само поради тоа што не им е интересен часот

***Графикон бр. 27. Бегство од часови, бидејќи часот не им е интересен***



Испитаниците кои забележале дека бегаат од часовите поради тоа што од некоја причина му се лути на наставникот

- 8% одговориле дека често ова е причината
- 19% одговриле дека ретко бегаат од часови бидејќи му се лути на наставникот, ова најверојатно е периодот по конфликт со наставникот, и
- 73% одговориле дека ова никогаш не е причина за неприсуство на часот

***Графикон бр. 28. Бегство од часови, како резултат на лутина кон наставник***




Испитаниците кои забележале дека бегаат од часовите за да одат некаде со другарите, на пример во интернет кафе или во кафуле.

- 28% одговориле дека често причината е дружење со другарите
- 35% одговориле дека ретко е таа причината, и
- 37% одговориле дека никогаш не бегаат од часови само за да одат некаде со другарите

***Графикон бр. 29. Бегство од часови за дружење или пиење кафе во кафетерии***




Бегање од часови како единица мерка со која се служат учениците, најчесто укажува дека ја користат како резултат од незнаење или неспремност за час, бегаат бидејќи часот им е досаден, но често бегаат, бидејќи учениците сакаат меѓусебно да се дружат надвор од училишните клупи, што алармира дека тој врменски период го искористуваат на различни начини со различни последици. Тука можеме да ја потврдиме хипотезата дека: , , Добриот и недоволен успех често упатуваат на бегање и отсуство од часовите".

Во следниот дел од анализата ќе ги откриеме најчестите причини кои доведуваат до бегство од часовите.

На табелата е претставен успехот на учениците наспроти нивното бегање од часовите.

***Табела бр. 20. Влијанието на успехот на ученикот врз бегањето од часови на ученикот***

| *Успех* | *Бегање од часови* | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Не спремен за час** | **Досаден час** | **Лут на наставник** | **Заминување со другари** |
| ***1*** | / | / | / | / |
| ***2*** | 5 | 5 | 1 | 5 |
| ***3*** | 38 | 30 | 12 | 29 |
| ***4*** | 21 | 14 | 6 | 13 |
| ***5*** | 18 | 16 | 6 | 16 |
| ***Вкупно*** | 82 | 65 | 25 | 63 |

Резултатите од табелата покажуваат дека "слабите" ученици изнаоѓаат најразлични причини за да отсуствуваат од часовите, додека учениците со успех од 3 до 5 отсуствуваат најчесто кога не се спремни за часот, кога им е досаден часот, но и често поради дружба со другарите. Учениците многу ретко бегаат од часовите поради лутината што ја чувствуваат кон наставникотот.

Ако го разгледаме доцнењето на учениците на училиште ќе ги добиеме следниве резултати:

- Сум се успал – што е одговор на 70% од испитаниците
- Не се спремам на време – одговор на 28% од испитаниците
- Нема кој да ме потсети дека треба да излезам – одговор на 1% од испитаниците
- Се заигрувам и заборавам на времето - одговор на 1% од испитаниците, и
- Друго (каде учениците кои иако забележале некој од понудените одговори, како дополнување забележале и дека не доцнат на часовите 30% од испитаниците[1])

***Графикон бр. 30. Причини за доцнење на часови***




[1] Овој податок нема да биде прикажан во графиконот бидејќи е забележан од испитаниците како втор одговор, покрај примарниот забележан

Испитаниците кои учествуваа во ова истражување *подолго време отсуствувале од училиште поради*[2]:

- Болест 84%
- Преселба 6%
- Работам со родителите 10%

***Графикон бр. 31. Причини за подолгорочно отсуство од училиште***




За доцнењето или подолгорочното отсуство добивме резултати кои покажуваат дека причините најчесто се поради болест или успивање, но интересен е податокот дека некаде 10% од учениците отсуствуваат и поради работни обврски со родителите.

Причините за отсуства од училиште можеби потекнуваат и од лицата со кои разговараат децата кога имаат проблем.

[2] Како дополнителни одговори беа додадени: спортски активности, не им се одело на училиште и слично. Овие одговори беа додадени покрај претходно забележување на некој од наведените одговори кои се сметаат за примарни и поради таа причина овие одговори кои беа во процент од " - 5% нема да бидат прикажани во графиконот.

***Табела бр. 21. Влијанието налицата со кои се разговара во случај на проблем врз бегство од часови***

| *Разрешување на проблем* | *Бегање од часови* | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Не спремен за час** | **Досаден час** | **Лут на наставник** | **Заминување со другари** |
| ***Родители (м)*** | 34 | 22 | 19 | 24 |
| ***(т)*** | 20 | 16 | 4 | 14 |
| ***Брат/ сестра*** | 21 | 16 | 2 | 18 |
| ***Баба/ дедо*** | / | 2 | 1 | / |
| ***Наставник*** | / | / | / | / |
| ***Психолог*** | 1 | 1 | 1 | / |
| ***Педагог*** | / | / | / | / |
| ***Другарки*** | 32 | 24 | 8 | 27 |
| ***Друго*** | 1 | 1 | / | 1 |
| ***Вкупно*** | 109 | 82 | 34 | 85 |

Од табелата можеме да истакнеме дека учениците кои најчесто разговараат со: своите мајки, татковци и брат/ сестра, другарки, бегаат од часовите заради неспремност за часот, но исто така бегаат за да се дружат со другарите, односно да одат на кафе. Најмалку од учениците бегаат од часовите поради лутина кон наставникот и тие ученици за својот проблем разговараат со своите мајки.

На табелата е претставено со кој живее ученикот и причините за неговото задоцнување на училиште

***Табела бр. 22. Влијанието на родителот со кој живее ученикот врз доцнењето на училиште***

| *Со кој живее* | *Доцнење на училиште* | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Сум се успал/ а** | **Ненавремено спремање** | **Нема кој да ме потсети** | **Се заигрувам** |
| ***1 родител*** | 6 | 3 | / | / |
| ***2 родители*** | 73 | 21 | 2 | 2 |
| ***Друго*** | 1 | / | / | / |
| ***Вкупно*** | 80 | 24 | 2 | 2 |

***Заклучок:*** Од табелата можеме да истакнеме дека без оглед на тоа дали учениците живеат со еден или со двајца родители, како причина за доцнење на училиште се наведува успивањето. Резултатите покажуваат дека учениците кои се со двајца родители, најчесто се успиваат. Исто така доцнењето се случува поради ненавремено спремање.

Од претходната табела заклучивме дека доцнењето најчесто се случува кај ученици кои живеат со двајца родители, но да истражиме и да увидиме дали тука влијае вработеноста на родителите.

На табелата е претставен статусот на вработеност на родителите на испитаниците и доцнењето на учениците на училиште

***Табела бр. 23. Влијанието на статусот на вработеност на родителите врз причините за најчесто задоцнување на учениците на училиште***

| *Статус на вработеност* | | Доцнење на училиште | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Сум се успал/ а** | **Ненавремено спремање** | **Нема кој да ме потсети** | **Се заигрувам** |
| ***Вработен*** | *м* | 44 | 11 | 2 | 1 |
| | *Т* | 62 | 19 | 1 | 2 |
| ***Невработен*** | *м* | 28 | 13 | / | 1 |
| | *Т* | 9 | 6 | / | / |
| ***Пензија*** | *м* | / | 1 | / | / |
| | *Т* | / | / | 1 | / |
| ***Друго*** | *м* | / | / | / | / |
| | *Т* | 1 | / | / | / |
| ***Вкупно*** | *м* | 72 | 25 | 2 | 2 |
| ***Вкупно*** | *т* | 72 | 25 | 2 | 2 |

Од табелата можеме да истакнеме дека отсуствата поради успивање најчесто се случуваат кај вработените родители, за разлика од невработените. Тука целосно ни се потврдува хипотезата дека: , , Статусот на вработеност на родителите упатува кон доцнење на училиште". Можеби целот овој резултат е од брзиот начин на живот и занемарена внимателност на родителите кон сопствените деца.

***Табела бр. 24. Влијанието на доцнењето на часовите врз успехот на учениците***

| *Успех* | *Доцнење на училиште* | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Сум се успал** | **Ненавремено спремање** | **Нема кој да ме потсети** | **Се заигрувам и заборавам** |
| ***1*** | / | / | / | / |
| ***2*** | 4 | 2 | 1 | / |
| ***3*** | 32 | 18 | 2 | 2 |
| ***4*** | 20 | 5 | / | / |
| ***5*** | 19 | 2 | / | / |
| ***Вкупно*** | 75 | 27 | 3 | 2 |

Според успехот што го покажуваат учениците најмногу доцнат со успивање и ненавремено успивање, учениците со добар успех. Веднаш по нив се учениците многу добар успех и одличен. Најслабо отсуствуваат ученици со доволен успех, што во спротивност од очекуваното овде не ни се потврдува хипотезата , , Добриот и недоволен успех често упатува на бегање и отсуство од часовите". Во спротивност на оваа хипотеза можеме да потврдиме дека од часовите најчесто бегаат ученици со добар, многу добар и одличен успех.

На табелата е претставен бројот на членови на семејството на испитаниците и причините за нивното подолгорочно отсуство од училиште

***Табела бр. 25. Влијанието на бројот на членови на семејството врз долготрајното отсуство на учениците од училиште***

| *Број на членови* | *Подолгорочно отсуство* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Болест** | **Преселба** | **Работа со родители** | **Друго** | **Вкупно** |
| ***До 2*** | / | / | / | / | / |
| ***3 - 4*** | 46<br>(85, 2%) | 3<br>(5, 5%) | 5<br>(9, 3%) | / | 54<br>(100%) |
| ***5 - 8*** | 35<br>(77, 8%) | 5<br>(11, 1) | 5<br>(11, 1) | / | 45<br>(100%) |
| ***Над 8*** | 1 | / | / | / | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | (100%) | | | | (100%) |
| ***Вкупно*** | 82 | 10 | 8 | / | 100 |

Од табелата можеме да заклучиме дека независно од бројот на членовите на семејството на ученикот, како најчеста причина за подолготрајното отсуство од училиште е наведена болест.

Врз подолгорочното отсуство немаше влијание бројот на членовите во семејството но да утврдиме дали успехот на ученикот влијае.

***Табела бр. 26. Влијанието на успехот на ученикот врз неговото подолготрајно отсуство од училиште***

| *Успех* | *Подолгорочно отсуство* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Болест** | **Преселба** | **Работа со родители** | **Друго** | **Вкупно** |
| ***1*** | / | / | / | / | / |
| ***2*** | 4<br>(57, 2%) | 1<br>(14, 3%) | 2<br>(28, 5%) | / | 7<br>(100%) |
| ***3*** | 36<br>(76, 6%) | 7<br>(14, 9%) | 4<br>(8, 5%) | / | 47<br>(100%) |
| ***4*** | 24<br>(96%) | / | 1<br>(4%) | / | 25<br>(100%) |
| ***5*** | 18<br>(85, 7%) | 2<br>(9, 5%) | 1<br>(4, 8%) | / | 21<br>(100%) |
| ***Вкупно*** | 82<br>(82%) | 10<br>(10%) | 8<br>(8%) | / | 100<br>(100%) |

Според успехот што го покажуваат учениците најчесто отсуствуваат поради болест ученици со добар, многу добар и одличен успех, многу малку со доволен. Како причина за преселба се појавува кај ученици со добар и многу добар успех, исто така истите ученици одат на работа со своите родители. Овде исто така не ни се потврдува хипотезата дека намалениот успехот влијае врз отсуствата во училиште.

### *3. 1. 3. Оштетување на училишен инвентар*

Во училиштето постојано се случува нешто да се скрши, оштети или изгребе. Како резултат на овие штети од испитаниците беше побарано да дадат надполнување на следната фраза: "*Ми се случило да:* ", каде како понудени одговори беа наведени:

- Шкртам по клупи/ столчиња
- Сум скршил/ а дел од училишен инвентар
- Сум оштетил/ а дел од инвентар
- Сум си зел/ а од училиште некој предмет(на пример креда, реквизит од сала, дел од компјутер)
-

Од каде за секој од овие одговори испитаниците требаше да забележат дали тоа се случува често, ретко или никогаш. За поголема прегледност на добиените резултати, за секој од можните одговори ќе биде прикажан засебен графикон.

Испитаниците кои се согласуваат со изјавата: "Ми се случило да шкртам по клупи/ столчиња"

- 13% не го направиле тоа ниту еднаш
- 11% се случило еднаш да шкртаат по клупи и столчиња
- 24% го направиле тоа 2 - 3 пати, и
- 52% често шкртаат по клупи и го направиле тоа повеќе од 3 пати

***Графикон бр. 32. Оштетување на училишен инвентар со шкртање***




Испитаниците кои се согласуваат со изјавата: *"Ми се случило скршам дел од училишен инвентар:*

- 76% ниту еднаш не скршиле училишен инвентар
- 8% еднаш скршиле дел од училишенот инвентар
- 8% се случило да скршат дел од училишенот инвентар 2 - 3 пати, и
- 8% скршиле дел од инвентарот повеќе од 3 пати, односно често им се случува

***Графикон бр. 33. Оштетување на училишен инвентар со кршење***



Испитаниците кои се согласуваат со изјавата: *“Ми се случило да оштетам дел од инвентарот на училиштето:*

- 83% ниту еднаш не оштетиле дел од инвентарот на училиштето
- 9% еднаш им се случило да оштетат дел од инвентарот
- 3% 2 - 3 пати оштетиле дел од инвентарот, и
- 5% повеќе од 3 пати оштетиле инвентар на училиштето

***Графикон бр. 34. Оштетување (грбење) на дел од училишниот инвентар***




Испитаниците кои се согласуваат со изјавата: *“Ми се случило да земам од училиште некој предмет како креда, реквизит од сала, дел од комјутер и сл”*

- 78% одговориле дека ниту еднаш не земале некој предмет од училиштето
- 10% еднаш им се случило да земат предмет
- 11% 2 до 3 пати земале предмет од училиште, и
- 1% повеќе од три пати земале некој предмет од училиште

***Графикон бр. 35. Земање предмети од училиштето***




Проследувајќи ги резултатите од изминатите графикони може да се забележи дека, учениците често шкртаат по училишниот инвентор, но затоа ретко па дури и никогаш не кршат, оштетуваат. Но 11% од учениците земаат училишен инвентар, што укажува на тоа дека учениците пројавуваат и знаци на кражби.

Сите тие оштетувања можеби се резултат од успехот на учениците . Тоа можеме да го проследиме во следнава табела.

***Табела бр. 27. Влијанието на успехот на учениците врз оштетувањето на училишниот инвентар***

| *Успех* | *Оштетување на училишен инвентар* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Шкртам по клупи и столови** | **Сум скршил нешто** | **Оштетил / изгребал** | **Пишување графити** | **Присвојување инвентар/ реквизит** |
| *1* | / | / | / | / | / |
| *2* | 7 | 4 | 3 | 1 | 3 |
| *3* | 38 | 9 | 15 | 8 | 12 |
| *4* | 23 | 5 | 9 | 2 | 1 |
| *5* | 20 | 7 | 12 | 8 | 5 |
| *Вкупно* | 88 | 25 | 39 | 19 | 21 |

Од табелата можеме да забележиме дека:

- Учениците со доволен успех најчесто шкртаат по клупи, а најретко цртаат графити по училишната фасада

- Учениците со добар успех најчесто шкртаат по клупи, а најретко пишуваат графити
- Учениците со многу добар успех најчесто шкртаат по клупи, а најретко присвојуваат инвентар
- Одличните ученици најчесто шкртаат по клупи, а најретко присвојуваат предмети

Оттука можеме да заклучиме дека како најчеста појава кај сите успеси на учениците е шкртањето по клупи при што се оштетува училишниот инвентар, додека како најмалку распространети се цртањето на графити и присвојувањето на инвентар.

На табелата е претставена помош од страна на родителот кога детето има проблем, наспроти оштетувањето на училиштен инвентар од страна на ученикот

***Табела бр. 28. Влијанието на помошта од родителот врз оштетувањето на училишен инвентар***

| *Помош од родител* | *Оштетување на училишен инвентар* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Шкртам по клупи и столови** | **Сум скршил нешто** | **Оштетил / изгребал** | **Пишување графити** | **Присвојување инвентар/ реквизит** |
| ***Внимателно слушаат*** | 68 | 25 | 30 | 16 | 15 |
| ***Обвинуваат и критикуваат*** | 15 | 4 | 7 | 2 | 6 |
| ***Немаат желба*** | 3 | 1 | 2 | 1 | 1 |
| ***Вкупно*** | 86 | 30 | 39 | 19 | 22 |

Оние родители кои внимателно ги слушаат децата кога зборуваат за одреден свој проблем, најчесто шкртаат по клупи, а најретко присвојуваат инвентар од училиштето.

Родителите чии што деца ги обвинуваат и критикуваат за одреден проблем за кој децата сакаат да разговараат со нив, најчесто шкртаат по клупи, а најретко пишуваат графити.

Оние родители кои немаат желба ни време да ги ислушаат децата кога сакаат да разговараат за одреден проблем, најчесто овие ученици шкртаат по клупи, а со еднаков процент кршат дел од инвентарот на училиштето, пишуваат графити или присвојуваат инвентар.

***Заклучок:*** Оттука можеме да заклучиме дека во семејствата каде родителите имаат време да ги сослушаат децата за одреден свој проблем, без оглед на тоа дали внимателно ќе ги ислушаат или ќе ги обвинат и критикуваат најчесто шкртаат по клупи во училиштето со што го оштетуваат инвнтарот, а најретко пришуваат графити или присвојуваат инвентар, додека пак во оние семејства каде родителите немаат време со еднаков процент се застапени кршењето на дел од инвентарот на училиштето, пишуваат графити или присвојуваат инвентар.

### *3. 1. 4. Пробаторство на дроги*

Дрогата - најголемото зло на денешницата. За дрогата наведовме повеќе во теоретскиот дел, овде ќе се задржиме околу истражување. Да ги утврдиме причинителите кои доведуваат денешната младина да се сврти кон било каков вид на пробаторство од дроги.

Затоа ќе го разгледаме надополнувањето на оваа фразата кај испитаниците: *Сум пробал:*, каде како можни одговори беа посочени:

- Цигара
- Алкохол
- Лесна дрога (на пример марихуана)

По што за секој од понудените одговори требаше да забележат дали тоа никогаш не се случило, или пак се случува често или ретко. За поголема

прегледност на добиените резултати, за секој од можните одговори ќе биде прикажан засебен графикон.

Испитаниците кои како одговор дале дека пробале цигара: :

- 24% ниту еднаш не пробале цигара
- 8% пробале цигара само еднаш
- 11% пробале цигара 2 - 3 пати, и
- 57% пробале цигара повеќе од 3 пати, односно се *пушачи.*

***Графикон бр. 36. Пушење цигари***




Испитаниците кои како одговор дале дека пробале *алкохол:*

- 6% одговориле дека ниту еднаш не пробале алкохол
- 10% одговориле дека пробале алкохол само еднаш
- 15% одговориле дека 2 - 3 пати пробале алкохол и
- 70% одговориле дека пробале алкохол повеќе од 3 пати, односно
- почесто конзумираат

***Графикон бр. 37. Пробаторство на алкохол***




Испитаниците кои како одговор дале дека пробале некој вид на *лесна дрога*, како на пример марихуана:

- 88% од испитаниците ниту еднаш не пробале било каков вид на дрога
- 5% само еднаш пробале некој вид на лесна дрога
- 2% 2 - 3 пати пробале некој вид на лесна дрога, и
- 5% повеќе од 3 пати конзумирале некој вид на дрога.

***Графикон бр. 38. Пробаторство на дроги***




Доколку го проследиме последното прашање, лесно можеме да воочиме дека учениците освен што пројавубаат знаци на асоцијално однесување тие вршат

пробаторство на цигари, алкохол и дрога. Самите резултати од истражувањето покажуваат дека учениците често пушат (ретко кој не пробал цигара), чести се конзументи на алкохол, а исто така и застрашувачки е фактот дека и 5% од нив се дрогираат. Овие алармантни податоци упатуваат во тоа дека кај нашите ученици, освен присуството на асоцијално однесување (кое се покажа од претходните графикони на комуникацијата) укажува на присуство на пороци, кои асоцијалното однесување можат да го преименат во девијантно однесување, со примеси на агресија и криминал.

На табелата е претставен начинот на разрешување на конфликтите во семејствата на учениците наспротив конзумацијата на дроги

***Табела бр. 29. Влијанието на разрешувањето на проблеми во семејството врз експериментирањето со дроги на учениците***

| *Разрешување на проблем* | *Експерементирање со дроги* | | |
|---|---|---|---|
| | Цигара | алкохол | лесна дрога |
| ***Смирен разговор*** | 45 | 60 | 6 |
| ***Расправии и караници*** | 22 | 26 | 6 |
| ***Физички пресметки*** | 1 | 1 | / |
| ***Игнорирање на проблем*** | 5 | 6 | / |
| ***Вкупно*** | 73 | 93 | 12 |

Смирениот разговор во семејствата има влијание дури 60 испитаниика да конзумираат алкохол, 45 да пушат, но 6 испитаника како конзументи на дрога е алармантна бројка на ниво на едно одделение каде беше спроведено истражувањето. Истата слика се забележува и во семејствата каде постојат расправии и караници, најмногу преовладува конзумацијата на алкохол, на второ место пушење цигари и исто така 6 испитаника користат дрога.

Само во семејствата каде проблемот се игнорира, немаме пробатори на дрога, но затоа имаме конзументи на алкохол и цигари.

Овде можеме да заклучиме дека различните начини на разрешување на проблемот во семејствата различно влијаат врз децата, но сепак имаме појава од експериментирање со дрога и тоа баш во оние семејства во кои не очекувавме дека ќе има а тоа се семејствата кои водат смирен разговор дома. Тука целосно ја потврдуваме хипотезата дека: , , Начинот на разрешување на проблеми во семејствата упатува на експериментирање со дроги".

Да ја разгледаме целокупната комуникација во семејствата на испитаниците наспроти видовите на конзумација.

***Табела бр. 30. Влијанието на комуникацијата во семејството врз екпереметирањето со дроги од страна на учениците***

| ***Целокупна комуникација во семејството*** | ***Експерементирање со дроги*** | | |
|---|---|---|---|
| | Цигара | Алкохол | лесна дрога |
| ***Лоша*** | 5 | 5 | / |
| ***Добра*** | 47 | 58 | 8 |
| ***Одлична*** | 23 | 30 | 4 |
| ***Вкупно*** | 75 | 93 | 12 |

Резултатите покажуваат дека:

- Во семејствата каде комуникацијата е лоша подеднакво се конзумираат алкохол и цигари од страна на учениците
- Во семејствата каде комуникацијата е добра и одлична најчесто учениците се подложни на конзумација на алкохол, помал процент пушат, но затоа има испитаници и кои се дрогираат за разлика од семејствата каде комуникацијата беше оценета лошо.

На табелата се прикажани начините на помош од страна на семејството наспроти видовите на пороци кои ги користат учениците

***Табела бр . 31. Влијанието нареакциите на семејствотокога се сретнуваат со проблем врз експерементирањето со дроги***

| ***Реакции на семејството*** | ***Експерементирање со дроги*** | | |
|---|---|---|---|
| | Цигара | Алкохол | лесна дрога |
| ***Внимателно слушаат*** | 58 | 75 | 17 |
| ***Обвинуваат и критикуваат*** | 15 | 17 | 5 |
| ***Немаат желба*** | 4 | 4 | / |
| ***Вкупно*** | 77 | 96 | 22 |

Од претходните табели а еве и овде се забележува дека во семејствата каде има внимателност, кроткост, скромност, нивните деца најчесто посегнуваат по алкохол, пушење и дрогирање. Слична слика се покажува и за семејства каде децата се обвинувани и критикувани. Исто така и тука децата на прво место конзумираат алкохол, пушат цигари, но и петмина од 5 семејства се дрогираат. Само во семејствата каде родителите немаат желба за обраќење кон своите деца подеднакво пишат, конзумираат алкохол, но нема корисници на дрога.

Тука како еден заклучок можеме да извлечеме дека, учениците се подлежни на пороци. Различните начини на решавање на проблемите во семејствата, различните правила, комуникација, сето влијае на различен начин но сепак ниту во едно семејство не доведува до позитивен резултат за спречување и заштита на младите од тешките пороци на денешницата.

# V. ЗАКЛУЧОЦИ

Од спроведеното истражување на учениците од средно училиште, каде беа испитани семејните фактори во семејствата на испитаниците, нивниот успех и однесување во училиштето.

Можеме да ги истакнеме следните заклучоци:

- Женскиот пол од испитаниците за разлика од машките повеќе отсуствува од училиште, исто така подолгорочно отсуствува поради болест. Не постои полова разлика кога се зборува за оштетувањата што се случуваат во училиште, конфликтите со наставниците, а исто така и кога станува збор околу конзумирање на дроги.
- Семејниот статус кај родителите на испитаниците најчесто резултира со брак 85,2%, вдовци 9,3%, разведени 3,7%, невенчани 1,8%. Проширени семејства доведуваат до зголемени тензии во семејствата кои се рефлектираат и кај децата.
- Ако го разгледаме семејниот статус во однос на образование и вработеност на родителите ќе забележиме дека, најголем процент од родителите се со средно образование исто така се вработени, додека половина од истите се невработени и тоа повеќето се мајки на оваа група испитаници. Како резултат на оваа вработеност, семејствата не се корисници на социјална помош, само мал дел од 5% се корисници.
- Семејната комуникација се базира на сефкупната атмосфера во семејството и односите во семејството. Релациите во комуникација се одвиваат најчесто родител - дете, често се случува родител - родител, понекогаш се запазува и отсутна комуникација помеѓу членовите.
- Лице за разговор, испитаниците најчесто ги избираат своите родители 72%, но приближно исто така се одлучуваат на избор кон нивните другарчиња

36%. Резултатите покажаа дека разговорите помеѓу родителите и децата се одвиваат со внимателно слушање 76%, но присатни се семејства каде има критики и обвинувања 17% од страна на родителите.

- Во семејствата на средношколците кои имаат доволен успех почесто се застапени расправии и караници 42,8% за разлика од оние со одлучен успех 23,7% по што можеме да заклучиме дека расправиите во семејството имаат влијание на намалениот успех на учениците во училиштето, односно до помала концентрација на учениците и подложеност на стрес кои резултираат со помал успех во училиштето.
- Разрешувањето на конфликти во семејството можеме да го проследиме од повеќе гледишта. Ако го разгледаме од бројот на членовите, можеме да кажеме дека, испитаниците се внимателно слушани 79%, со нив е разговарано во најголем процент со смирен разговор 68%, но има случаи на расправии и караници 26%, ретко со игнорирање 6%. Според брачниот статус, семејствата во брак, разведените, вдовците и невенчаните, во најголем случај внимателно ги слушаат своите деца 79%. Случаеви на критики и обвинувања 17%, игнорирање 6%, се сретнува кај семејства што се во брак.
- Поставувањето на правила во семејството доведува до значителни резултати кои покажуваат дека правилата ги поставуваат во најголем број родителите 48%, мал дел од нив ги вклучуваат и своите деца 34%. Правилата во семејствата се оценети како умерени 82%, додека улогите се јасно дефинирани но и добар процент од 35% се нејасни. Донесените правила од родителите рефлектираат врз оштетување на училишниот инвентар, умерените правила рефлектираат со конзумација на алкохол 93%, цигари 77% и дрога 22%.
- Семејната комуникација со средината е отворена 96%, целокупната комуникација е различно оценета со највисок процент од одлична 54%, и добра 56%, но ваквата оценка пак рефлектира со учество во тепачки.

- Облиците на асоцијалното однесување се најзабележителни преку конфликтите ученик – ученик54%, ученик – наставник44%. Компарацијата спроведена според пол покажува дека момчињата 31% повеќе се склони кон тепачки за разлика од девојчињата 11%. Најголемо учество на тепачки се забележува од семејства каде домашните проблеми ги разрешуваат по смирен пат. Учениците при меѓусебен конфликт, се користат со погрдни зборови и навреди 54% во нивната слободна комуникација. Често се користат со меѓусебно исмејување 32%, заплашување 33%, поттурнување и сопнување 32%. Сите овие манифестации во училиштата алармираат на појава на асоцијално однесување.
- Во конфликт со наставник учениците се користат најчесто со нивно спротивставување 44%, не го прават тоа што ќе им даде задолжение 67%, но во помал процент го игнорираат 33% и му се одмаздуваат 8%. Многу ретко дури и воопшто не се случуваат поплаки кај директор 1% и стручна служба 21%, што укажува на нарушена комуникација помеѓу учениците и стручната служба. Но забележително е присуство на бегање од часовите на наставникот 21%. Овде исто така се забележува дека учениците кои потекнуваат од семејства каде проблемите се разрешуваат смирено и внимателно се слушани од страна на родителите, на училиште се случува спротивното, односно учествувааат во конфликт со наставник. Истото се забележува кај правилата во семејството, онаму каде двајцата родители ги имаат донесено правилата, се забележуваат конфликти.
- Бегства и отсуства од училиште се случуваат најчесто како резултат од успивање 70% или неспремност за часот 28%, но и понекогаш да испијат кафе со другарите 28%. Како причинители за бегството е разгледан успехот, кој покажува дека најчесто бегаат ученици со добар успех47%, а скоро никогаш со слаб, односно доволен 7%. Ако го разгледаме семејството од аспект на неговата комуникација, оние ученици кои најчесто разговараат со своите родители за своите проблеми, најмногу бегаат, но истото се случува

и со оние кои разговараат со своите другари. Исто така најчесто доцнат ученици кои живеат со двајца вработени родители.

- Подолгорочните отсуства се случуваат начесто поради болест 82% и тоа почесто во семејства кои се состојат од 3 - 4 члена, додека многу ретко учениците отсуствуваат поради работа со родителите или преселба 8%. Според успех подолгорочни отсуства прават ученици со многу добар успех, за разлика од послабите каде воопшто и не се забележуваат.
- Оштетување на училишниот инвентар најчесто се случува со шкртање на столовите и на клупите 52%, поретко со кршење и присвојување дел од инвентарот 8%. Училишен инвентар најмногу оштетуваат ученици со добар и многу добар успех. Исто така кога станува збор за семејната комуникација, пак се случува истото. Оние деца кои внимателно се слушани од родителите најмногу го оштетуваат училишниот инвентар.
- Пробаторсво со droги, каде најголем процент зазема алкохолот 70%, по него цигарите 57% и на трето место е дрогата 5%. Истото се забележува и овде кога станува збор за семејството. Сите ученици кои дома внимателно ги слушаат, комуникацијата им е добра скоро одлична, покажуваат највисок процент на пробаторство со дроги.
- Средношколците кои потекнуваат од семејства каде правилата се премногу крути, во многу мал процент се подложни на експериментирање со дроги, каде најчесто користат само цигари 57% и алкохол 70%. Додека пак, во семејствата каде правилата се умерени и претерано флексибилни учениците ги користат сите наведени пороци, но во најголем процент алкохолот

# VI ПРЕПОРАКИ

За намалување на асоцијалното однесување на средношколците може да се делува од повеќе аспекти и на повеќе нивоа. Од најголемо значење се превентивните програми, кои со себе вклучуваат концепти и вештини кои би помогнале во превенирање на асоцијалното однесување.

- Родителите треба да ги вклучуваат своите деца во семејни дискусии, донесување решенија, препознавање на желби, меѓусебно почитување, но како битен фактор децата да се вклучени во извршувањето на домашните обврски што им следуваат .
- Во семејствата исто така би препорачала родителите да имаат урамнотежена контрола, барањата и обврските да ги спроведуваат со разумност и топлина кон своите деца. Со тоа би ја постигнале целта на кооперативност меѓу членовите.
- Најголемиот број од родителите се со средно образование, затоа ја губат контролата врз сопствените деца. Бидејќи денешните деца одат со времето односно постојано користат интернет сообраќај. Така доспеваат до разни содржини за кои родителот и не е запознаен што следи неговото дете. Затоа како препорака за секој од родителите е да вложи повеќе труд да напредува во оделни области како што е користење компјутер и интернет сообраќај, за да може да си го следи сопственото дете.
- Начинот на комуникација и избор на лице за комуникација, препорачувам да се одвива во кругот на семејството и изборот да бидат родителите. Родителите се тие кои ја сносат најважната функција а тоа е воспитувањето. Тоа е многу одговорна функција. Тие треба да му помогнат на детето правилно да ја сфати и да ја извршува улогата во семејството, да научи да го сака семејството, да се залага за неговиот интегритет и неговата афирмација.

- Родителите треба да му помогнат на детето, по пат на воспитувањето и образованието, да ги разбере нормите на општествениот живот и да се придржува кон нив во односите со другите луѓе.
- Кохезивноста на семејството е неопходен услов за нормален семеен живот, единствено кохезивното семејство е во состојба да ги исполнува своите функции, може да им даде на своите членови не само неопходна заштита туку и пријатна семејна атмосфера која ќе му биде полезна на секој член од семејството.
- Истражувањето покажа дека баш кај семејства кои се во брак, постојат критики и обвинувања. Причини можат бидат од разни гледишта, но самите родители треба да бидат свесни дека меѓусебните обвинувања ги пренесуваат на сопствените деца, од кои прават исти такви личности, а сето тоа рефлектира со последици и појава на асоцијално однесување.
- Исто така како многу битни се правилата на семејството и кој ги донесува. Од нашите резултати согледуваме дека децата многу ретко се вклучени во донесување на правила во семејството. Тоа ни укажува на нивната занемареност. Затоа тука е многу битно децата да се вклучат во секоја дискусија во семејството, секое решение што ќе се донесе, да бидат запознаени со своите дозволи, активности, одговорности, нивните желби, со еден збор ќе се почитува детската афтономија, а децата ќе умеат да ги разликуваат своите права од обврски.
- Начинот на изразување кон сопствените деца, родителите треба да умеат да го прикажат родителското чувство, да умеат да покажат задоволство или незадоволство. Изразувањето на чувства им помага на децата да научат во кои активности е веројатно да се сретнат со одобрување или неодобрување.
- Асоцијалното однесување е најзабележливо во училиштето. Затоа треба да се збогати превентивната работа во училиштата. Навремено откривање на воспитно –образовни проблеми кај учениците. Во превентивната работа најдобро е да се појде од фактот дека неповолната семејна положба се рефлектира (манифестира) преку детето (ученикот), а тоа е условено од

условите за живот во општествените групи каде се одвива социјализацијата (семејството и училиштето) преку кои се пренесуваат општествени вредности и се формираат особините на личноста.

- Училиштата треба да имат целосно формиран стручен тим од педагог, психолог, дефектолог, социјален работник. Но како ваков мултидисцип налинарен тим ретко кое училиште го поседува.
- Современите теории на превенција предлагаат едукација на вработените во училиштата за примена на позитивни мерки: примери пофалби, потикнување на одговорноста на сопственото здравје, односно се предлага превентивна работа со која се развива самосвеста, сфаќањето на самиот себе, самопочитување, развивање позитивни вредности и позитивно мислење. Потребни се советувања, поголем ефект има отворената и детална дискусија за одреден проблем, поттикнување дијалог на одредена тема, активирање на младиот човек за мобилизација на своите сили за да научи да ја сфати ситуацијата во која се наоѓа, самостојно да донесува одлуки, да се спротивстави на туѓите убедувања. Но за жал училиштата за спроведување на вакви превенции нема доволно обучен кадар и затоа многу тешко ги надминува овие проблеми.
- За спречување на асоцијално однесување училиштата треба да вршат:
  - Навремено следење и откривање на ученици кои се во положба на социјален ризик и манифестација на асоцијално однесување.
  - Евиденција и категоризација на ученици од ризик
  - Подготовка на досиеа и социјална анамнеза
  - Организирање на индивидуална и групна социјална работа
  - Првземање на програмски активност:
    - Програми со превентивен карактер за ученици и за родители, ( теми за превентивни програми би можеле да се земат:улога на училиштето во социјализација; училишните обврски и другарство;авантуризмот; болести на

зависности;семејството и улогите;пубертет;ноќниот живот и.т.н);

- Програми за работа со ризични групи за ученици и за родители (тука како можни теми би биле: модели за успешен семеен живот; соработка меѓу училиштето и семејството;семејниот авторитет;улогите во семејството и.т.н);
- Програми за работа со деца и родители со проблем;

- Организирање на помош во учење во соработка со класниот раководител и наставници.
- Организирање перманентна помош на наставниците и класните раководители во процесот на социјаллизација на учениците со одредени пречки во однесување.
- Организирање на едукативни програми, обуки и семинари на наставниот кадар.
- Потикнување на активна работа со родители на учениците.
- Закажани или незакажани посети на родителски домови од стручна служба на училиштето.
- Методи на работа за родители и деца со социјални проблеми:
  - Пленарна работа (предавања, дискусии, видео-презентации, дистрибуција на печатен материјал,анонимни анкети,социјални филмови, натпревари и и.т.н.)
  - Групна работа (темите се избираат во зависност од ризикот на децата или родителите)

- Мултидисциплинарниот тим во училиштата треба да се насочува кон користење на други методи, давање кратка интензивна терапија на децата од училишна возраст, како и помош на семејствата и на наставниците. Тимот најчесто да користи комбинација на консултации, давање информации, подршка и обучување на наставниците за специфични техники кои можат да ги применуваат (интервју, различни тестови,

техники и скали за проценка) со кои се овозможува дијагностицирање како на индивидуално, така и на групно, односно семејно ниво.

# VII ПРИЛОЗИ

## Прилог 1 - Анкетен прашалник

**Прашалник**

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ:

***Почитуван ученику,***

Прашалникот ќе се користи за целите на научно истражување. Бидејќи нема да се врши индивидуална анализа на одговорите од прашалникот, тој е во целост анонимен. Затоа ве молиме внимателно да ги прочитате прашањата и објективно и искрено да одговорите. Доколку некое прашање не ви е јасно, слободно побарајте објаснување од одговорното лице.

***Ви благодариме однапред!***

## I. ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕНИКОТ

1. **Пол:** а) машки б) женски
2. **Националност:** а) Македонец/ ка б) Албанец/ ка в) Ром/ ка в) Србин/ ка г) Друго
3. **Возраст:** а) 13 б) 14 в) 15 г) 16 в) 17 г) 18
4. **Поведение во тековната година (на полугодие):**
 а) незадоволително б) добро в) примерно
5. **Успех во претходната година (заокружи број):**
 II год. средно: 1 2 3 4 5

## II. ПОДАТОЦИ ЗА СЕМЕЈСТВОТО

1. **Број на членови во семејството:** а) до 2 б) 3 - 4 в) 5 - 8 г) над 8
2. **Живеам со:**
 а) 1 родител б) 2 родитела в) друго, напиши со кој? (старател: баба, дедо, роднина)
3. **Брачен статус на родителите:**
 а) во брак б) вдовец/ вдовица (починат родител) в) разведени г) невенчани

**4. Пополни ја табелата за образование на членовите на семејството (штиклирај):**

| Степен на образование | Мајка | Татко | Баба | Дедо | Деца (браќа, сестри) | Други членови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Неписмен | | | | | | |
| Основно | | | | | | |
| Средно | | | | | | |
| Више | | | | | | |
| Високо | | | | | | |

**5. Пополни ја табелата за вработување на членовите на семејството (штиклирај):**

| Статус на вработеност | Мајка | Татко | Баба | Дедо | Други членови |
|---|---|---|---|---|---|
| Вработен/ а | | | | | |
| Невработен/ а | | | | | |
| Прима пензија | | | | | |
| Друго (инвалид) | | | | | |

**6. Дали твоето семејство користи социјална помош од Центар за социјална работа:**

а) ДА б) НЕ

## III. КОМУНИКАЦИЈА ВО СЕМЕЈСТВОТО

**1. Во моето семејство:**

а) ретко некој со некого разговара

б) најчесто се разговара родител со родител, дете со дете

в) често има разговор родител - дете

**2. Кога има конфликт (проблем) во семејството тој најчесто се разрешува:**

а) со смирен разговор

б) со расправии и караници

в) со физички пресметки
г) со игнорирање на проблемот (никој ништо не превзема)
д) друго (објасни што се случува): ___________________________________

**3. Кога јас имам некој проблем, најчесто разговарам со:**
а) родителите (заокружи): а1. мајка а2. татко
б) брат - сестра
в) баба - дедо (заокружи): а1. баба а2. дедо
г) со наставник
д) со психолог
ѓ) со педагог
е) со другари/ ки
ж) со друг (наведи со кого): _______________________

4. Кога им се обраќам на родителите за помош или совет:
а) внимателно ме слушаат, разговараме и ме советуваат што да направам
б) кога разговараме секогаш ме обвинуваат и критикуваат
в) никогаш немаат време ни желба да разговараме
г) друго (напиши): _______________________________________________________

**5. Моите родители сакаат да знаат каде сум, со кого сум и кога се враќам дома:**
а) никогаш - не ги интересира тоа б) понекогаш в) секогаш

**6. Во моето семејство правилата на однесување се (заокружи):**
1 2 3

Претерано крути/ строги — Умерени — Претерано флексибилни (може и да не се почитуваат)

**7. Улогите (обврски, задачи) во моето семејство:**
а) јасно се поделени (секој си знае која е неговата задача дома и си ја извршува)
б) не се јасно поделени (има конфликт кој што треба да направи)

**8. Моето семејство:**
а) е отворено за комуникација со други (пријатели, роднини, соседи)
б) затворено за комуникација (ретко кога комуницираме со пријатели, роднини, соседи)

**9. Правилата во моето семејство најчесто ги поставува:**
а) татко ми б) мајка ми в) тако ми и мајка ми заедно г) сите ние заедно

10. Целокупната комуникација во моето семејство ја оценувам како (заокружи):

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Многу Лоша | Лоша | Добра | Многу добра | Одлична |

## IV. ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

**1. Сум учествувал во тепачка со ученик/ ци:**
а) ниту еднаш б) 1 - 2пати в) 3 и повеќе пати

**2. Кога сум во конфликт со некој ученик сум се користел со (заокружувај ѕвездичка за сите наведени одговори):**

| | |
|---|---|
| а) Навредување (користење погрдни зборови) | *често *ретко *никогаш |
| б) Заплашување | *често *ретко *никогаш |
| в) Исмејување | *често *ретко *никогаш |
| г) Поттурнување/ сопнување | *често *ретко *никогаш |
| д) Друго (наведи прецизно што) | *често *ретко *никогаш |

**3. Кога сум во конфликт со наставник:**

| | |
|---|---|
| а) не го правам тоа што ќе ми каже | *често *ретко *никогаш |
| б) го игнорирам наставникот | *често *ретко *никогаш |
| в) се спротивставувам (сакам да докажам дека не е во право) | *често *ретко *никогаш |
| г) му подметнувам нешто за да му се одмаздам: | *често *ретко *никогаш |
| д) одам и се жалам кај директорот | *често *ретко *никогаш |
| ѓ) одам и се жалам кај педагогот/ психологот: | *често *ретко *никогаш |
| е) ги викам мајка ми и татко ми | *често *ретко *никогаш |
| ж) не одам на неговите часови: | *често *ретко *никогаш |
| з) друго: ____________________ | *често *ретко *никогаш |

**4. Најчесто бегам од часови поради тоа што:**

| | |
|---|---|
| а) не сум спремен | *често *ретко *никогаш |
| б) не ми е интересен часот | *често *ретко *никогаш |
| в) сум лут/ а на наставникот | *често *ретко *никогаш |
| г) се заигрувам некаде со другарите (пример, во интернет кафе) | *често *ретко *никогаш |
| д) друго (напиши): | *често *ретко *никогаш |

| | |
|---|---|
| ______________________________ | |

**5. Најчесто доцнам на училиште затоа што:**

а) сум се успал

б) не се спремам на време

в) нема кој да ме потсети дека треба да излезам

г) се заигрувам и заборавам на времето

д) друго (напиши): ______________________________

**6. Подолго време сум отсуствувал/ а од училиште поради:**

а) болест

б) преселба

в) работам со родителите

г) друго (напиши): ______________________________

**7. Ми се случило да (заокружи буква и ѕвездичка):**

| | |
|---|---|
| а) шкртам по клупи/ столчиња | *ниеднаш *еднаш *2 - 3 пати *повеќе од 3пати |
| б) сум скршил/ а дел од школски инвентар | *ниеднаш *еднаш *2 - 3 пати *повеќе од 3пати |
| в) сум оштетил/ а (изгребал/ а) дел од инвентар | *ниеднаш *еднаш *2 - 3 пати *повеќе од 3пати |
| г) сум пишувал/ а графити | *ниеднаш *еднаш *2 - 3 пати *повеќе од 3пати |
| д) сум си зел/ а од школо некој предмет (на пример: креда, реквизит од сала, дел од компјутер) | *ниеднаш *еднаш *2 - 3 пати *повеќе од 3пати |
| ѓ) друго (напиши): ______________________________ | *ниеднаш *еднаш *2 - 3 пати *повеќе од 3пати |

**8. Сум пробал :**

| | |
|---|---|
| а) цигара: | *ниеднаш *еднаш *2 - 3 пати *повеќе од 3пати |
| б) алкохол: | *ниеднаш *еднаш *2 - 3 пати *повеќе од 3пати |
| в) лесна дрога (пример, марихуана): | *ниеднаш *еднаш *2 - 3 пати *повеќе од 3пати |

# VII ЛИТЕРАТУРА


- Allen - Mears P. (2000), *Social work services in school* – NASW Press Washington.
- Арнаудовски Љ. (2003), *Социјална патологија,* Универзитет „ Св. Кирил и Методиј" Скопје.
- Блажева А. и Чонтева, Ж. (2008), *Спречување на насилството кај средношколците во градот и градење меѓусебна доверба.* Алгоритам Центар, Скопје.
- Борнарова С. (2010) *„Социјална работа со семејство"* Филозофски факултет -Скопје
- Борнарова С. (2002), *„ Практикум по предметот: Подрачје на социјална работа во образование,,* Филозофски факултет - Скопје
- Башиќ Ј. Јанковиќ Ј. (2001), *„Ризични и заштитни чимбеници у развоју поремеќаја у понашању дјеце и младежи,,* Влада на Република Хрватска, Загреб.
- Brooks M. (1987), *„Becoming a teacher for thinking, construktivism, change and conseqence, the journal of Staff development,,* Washington.

- Bronfenbrenner U. (1979), „*The ecology of human development experiments by nature and design*„ Harvard University Press, Cambridge.
- Стефановски С. Копровски Љ. (1971), „*Семејството и воспитувањето на детето*„ Графички завод, Скопје.
- Сулејманов З. Стојаноски Н. (2002), „*Социјална патологија*„ Југореклам, Скопје.
- Суходолски Б. (1988), Перманентно образование и ствараластво, Сколске новине, Загреб.
- Cotton K. Reed K. Wikelund, (1990), „*Parent involvement in education*„ *London.*
- . Constable R. McDonald S. (2002), „*School Social work*„ Allan and Bacon Pablishing, Washington.
- Collins D.,et al. (2007), „*An Introduction to Family Social Work*„ Tomson. Brooks/Cole Publ.
- Дукоска, Н. , *Месечник за образование Просветен работник,* hpp/ / www. prosveten. mk (превземено на 14 Ноември 2011) Change.
- Галевска Н. (2009), „*Планирање на научно истражување*„ Филозофски факултет - Скопје.
- Ghagen Đ. (1975), „*Interpersonalno i grupno ponašanje*„ Nolit, Beograd.
- Helton R., L., Jakson M. (1997), „*Social Work Practice with Families*„ A Diversity Model. Allyn and Becon

- Hoffman S., K., Sallee L., A. (1994). „*Social Work Practice – Bridges to Change*,, Allyn and Bacon. Boston.
- Hartman A., Laird J. (1983), „*Family-centered Social Work Practica*,, New York :Free Press.
- Несторовска А. (1997), „*Соработката на училиштето со родителите*,, Интел, Битола.
- Наумовска, Ж. (2011), „*Влијанието од соработката на семејството и училиштето во социјалното однесување и постигнување во наставата на ученикот*,, Универзитет во Битола.
- Несторовска Н. (2011), Значење на соработката меѓу училиштето и родителите, Битола, Скопје.
- Илиќ, Д. , Брак И.(2011). „*Породица*,, Факултет за образовања руководеќих кадрова у привреди, Београд.
- Jankovic J. (1996), „*Pristupanje obitelji*,, Alinea. Zagreb.
- Janzen C., Hanis O. (1997), „*Family Treatment in Social Work Practice*,, Third edition. FE Peacock Publ. Inc. Illinois.
- Колоросо Б. (2004), „*Насилник, жртва проматрач*,, БИОС, Загреб.
- Костова М. , Бараковска А. , Маказлиева Е. , (2005), „*Педагогија*,, Просветно дело, Скопје.
- Milosavljevic. (2002) „ *Општество и девијации*,, Београд
- Milošević N. (2000), „*Porodica i porodično vaspitanje*,, Zbornik Instituta za pedagoška istraživanja, br. 32 (105 - 117), Beograd.

- Министерство за труд и социјала(2008), *„Стратегија за демографски развој на Република Македонија,,* Влада на Република Македонија, Скопје.
- Министерство за образование и физичка култура педагошки завод на Македонија (1998), *„Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и работата на стручните работници" Педагошки завод на Македонија,,* Скопје.
- Malekoff A. (1997), *„Group Work with Adolescents- Principles and Practice,,* Guilford Press. New York.
- Micovic R. (1997), *„Osnovni teorijski koncepti porodicne terapije„* Vo: Porodicna terapija. Centar za brak i porodicu. Beograd.
- Milojkovic M. (1997), *„Normalni procesi u porodici,,* Vo: Porodicna terapija. Centar za brak i porodicu. Beograd.
- Milosavljevic M. (1994), *„Promene u gradskim porodicama i mogucnosti preventivnost socijalnog rada,,* Vo: Socijalni rad i socijalna politika. Zbornik radova. Fakultet politickih nauka. Beograd.
- Олвеус Д. (1998), *„Насиље међу дјецом у школи„* Школска књига, Загреб.
- Петковска М. (2012), *„ Воведување на нови дисциплински мерки во училиштата,,* Скопје.
- Паулакускас Р. Поглед на заштитата од криза во однесувањето и интервенцијата во училиштата за посебно образование во

Соединетите американски држави. Достапно на: hpp: / / www. fzf. ukim. edu. mk. com (Превземено на 14 Ноември 2011)

- Програма за советување на родители, Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" број 44/ 95, 24/ 96, 34/ 96, 35/ 97, 82/ 99, 29/ 02, 40/ 03, 42/ 03, 67/ 04, 55/ 05, 113/ 05, 35/ 06, 30/ 07, 49/ 07, 81/ 08, 92/ 08, 33/ 10, 116/ 10, 156/ 10, 18/ 11 и 51/ 11), Достапно на www. mon. gov. mк (превземено на 12. 04. 2012)
- Рот, Н. (2000), *„Социјализација личности,,* Београд.
- Suhodolski, B. (1988), *„Permanentno obrazovanie i stvaralastvo„* Skolske novine, Zagreb.
- Sedrehalm H. (2002), *„Conselling yong peple in school„* Jessica Pablishing, London.
- Srna J. (1997), *„Istorijat i razvoj porodicne terapije„* Vo: Porodicna terapija. Centar zabrak i porodicu. Beograd.
- Ташева М. Мирчев Д. Корубин, Ј. (1963), *„Социјологија,,* Филозофски факултет- Скопје.
- Трајковски Д. (1998), *„Семејство во системот на социјалната заштита во Република Македонија,,* Менора - Скопје.
- Vidanovic I. (1991), *„Metodika socijalnog rada s pojedincem i porodicom„* Naucna knjiga. Beograd.
- Webb B., N. (1996), *„Social Work Practice with Children„* Guilford Press.

- Хаџивасилевски М. (1987), „*Семејно право,*" Самоуправна практика- Скопје.
- Чаловска- Херцог Н. (2002), „*Едукација за системска семејна терапија (прв интервју, општа проценка и план на терапијата),*" Во: Зборник на трудови НЦТСД. УНДП. Скопје.